Снежана Велкова
Соња Јовановска

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

**за основно образование**

**Автори:**
Снежана Велкова
Соња Јовановска

**Рецензенти:**
Лидија Тантуровска
Милка Миноска
Митра Цилевска

**Лектор:**
Елена Тошева

**Илустратор:**
Даниела Панчевска

**Корица**
Икона, Св. Кирил и Методиј

**Компјутерска обработка**
Магна Скен

## *Почитувани ученици,*

*Пред вас е Учебник кој е изработен според новата Наставна програма и според современите педагошки барања. Ова е работен учебник кој ќе ви овозмоди самостојно и творечко учење, индивидуални и групни истражувања, учење во парови и групи, работа по нивоа и по сопствен избор, проблемски задачи, барања во кои ќе кажувате ваши мислења и заклучоци. Текстовите, јазичните и литературните катчиња, задачите, разговорите, дополнувањата на знаењата, како и сѐ она што ќе го откривате, повторувате и согледувате, ќе ви овозможи да ги применувате знаењата и самостојно да творите. Учебникот го замисливме како едно од наставните средства кое ќе ви овозможи полесно совладување на содржините предвидени да ги совладате во ова одделение.*

*Во Учебникот се застапени содржини од четири наставни подрачја: Литература, Јазик, Изразување и творење и Медиумска култура.*

*Ве уверуваме дека учењето на јазикот не е тешко и може да ви биде интересно. Првичните знаења за јазикот сте ги научиле дома, но знаењата треба постојано да ги збогатувате. За тоа ви се потребни волја, интерес, желба и многу, многу ЉУБОВ за јазикот. И тогаш ќе ви биде полесно да го освоите светот на јазикот и литературата.*

*Потрудете се Учебникот да ви биде другар и пријател кој ќе ви помогне да нурнете подлабоко во освојувањето на новите знаења.*

*Посакуваме Учебникот да ви помогне во постигнувањето успех во новата учебна година.*

**Од авторите**

# МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАЈ АВТОРИТЕ ОД 19 ВЕК

## *ПРВИТЕ МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ*

Во **почетокот на 19 век** македонскиот народ сè уште живеел во рамките на Отоманската Империја. Но, тоа бил и период кога започнала **културната преродба во Македонија.** Започнал **пробивот на народниот јазик** во писмена употреба, на местото на црковнословенскиот јазик.

Сè повеќе се поставувало прашањето за **посебен литературен македонски јазик**. Се појавиле првите македонски автори, **Јоаким Крчовски** и **Кирил Пејчиновиќ.** Тие печателе **книги на народен македонски јазик** кои биле наменети да ја пренесуваат христијанската религија. Значи, нивните книги имале **религиозен (црковен) карактер** и содржеле **упатства** за народот од областа на религијата. Бидејќи биле напишани на народен јазик, книгите им биле разбирливи на читателите.

**Јоаким Крчовски** бил **првиот Македонец** кој пишувал и печател книги на народен јазик (вкупно пет книги). Ги употребувал **североисточните македонски говори**, но внесувал и особености од **западномакедонските говори.**

***❒ Задача***

● Прочитајте го извадокот кој следи и препишете го на литературен јазик. Поразговарајте што им укажува авторот на луѓето.

> *„Видиш ли колку зла од едно зло? Видиш ли што работи завист? Видиш ли како дјавол се наситол на сичко големо зло, ненаситное свое намерение? Видиш ли до дека дошла завист. Исполнила и тако все това отступление... Завист не е друго што, салт на срце печал, жалба.“*
>
> (Извадок од „Различна поучителна наставленија“ од Јоаким Крчовски)

**Кирил Пејчиновиќ** се вбројува меѓу **првите учители и просветители** во Македонија. Станал калуѓер, а додека престојувал во Марковиот манастир (во близина на Скопје) почнал да пишува. Потоа се преместил во Лешочкиот манастир каде што останал до крајот на животот. Своите две книги, „**Огледало**“ и „**Утешение грешним**“, ги пишувал на **народен** говор, поточно на **тетовски** говор.

## ❐ Задачи

● Прочитајте ги извадоците кои следат и преведете ги на литературен јазик. Потоа разговарајте за содржината. Каков совет дава авторот против ѓаволот? Што им замерува на луѓето? Што мисли тој за суеверието? Значи, со каква содржина се текстовите?

*„Чоек кога да има спомиња Бога и молит му се често, тој имат оружие за ѓаволот. А ја гледам у једни луди људи – не земаа такво оружие, туку некаква ствар или хамајлија на капа, на гуша...“*

*„И поп ако ти речет да ти запишем хамајлиа, да не го веруаш, тој те лажет за пари: једни гледам и од хоџа писмо узеле – окојание. Тој ли ќе те чува? Тој не можеше ни своата челад да дочува, токо кога им дојде смрта изумреа.“*

(Извадок од книгата „Огледало“
од Кирил Пејчиновиќ)

● Разгледајте ги двете насловни страници кои следат и обидете се, со помош на наставникот, да ги прочитате и да разговарате за буквите и за јазикот на кој се напишани.



РАЗЛИЧНА
ПОУЧИТЕЛНА НАСТАВЛЕНІЯ
сочиненная Іеромонахомъ
Іѡакімомъ Хаџи
наставніемъ же
почтенороднаго господара
Нешы Марковича
родомъ ѿ Кратова.

Въ Будинѣ градѣ.
Печатано при Кралѣвскомъ Университетѣ писмены Славено-Сербскія печатни. 1819.

Насловна страница на првото издание на „Различна поучителна наставленија“од Јоаким Крчовски



КНИГА
глаголемая
Оутѣшеніе
Грѣшнымъ
приведена на простій языкъ
ѿ Кѵрілла Іеромонаха бывшагѡ
игумена въ монастырь Лешечкагѡ
Стагѡ Афанасіа
съ типъ Солунскій
при хаџи папа Феодѡсіа
архимандріта
Сунаитскагѡ
въ лѣта
1840

Насловна страница на првото издание на „Утешение грешним“ од Кирил Пејчиновиќ

## *ГРАЃАНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО МАКЕДОНИЈА*

Во **средината на 19 век,** во Македонија се забележуваат **почетоците на граѓанската литература,** наспроти дотогашната **црковна книжевност** на првите македонски просветители.

Како и кај другите словенски народи, зафатени со своите национални преродби, и во Македонија **растел интересот за народната литература.** Почетоците во собирањето на македонските народни умотворби се поврзани со **браќата Миладиновци, Димитар и Константин.** Тие, покрај својата учителска дејност, составиле **голем зборник со македонски народни песни** кој го објавиле во Загреб, 1861 г.

Покрај овој интерес, во почетокот на втората половина на 19 век, се формирале **две гледишта** во врска со **оформувањето на македонскиот стандарден (литературен) јазик:**

1. Оформување на литературен јазик врз основа на **западномакедонските говори**.
2. Оформување на литературен јазик врз **поширока дијалектна основа**.

Овие гледишта влијаеле и на јазикот на кој твореле македонските писатели од втората половина на 19 век.

☞ ***Читаме, согледуваме, разговараме*** ● Следат извадоци од творби напишани од македонски писатели од средината и втората половина од 19 век. Прочитајте ги, согледајте ги јазичните особености и разговарајте за нив. (Трансформирајте ги на литературен јазик!)

### *ТРУД МИ Е ИМЕТО*

..............................................
Но трудо е бесцено
дело совршено
благодарна чест носи,
бел образ приноси.

..............................................
Трудот ште вас научи
и ште вас обучи
блажено да ступате
Добро да творите.

*Јордан Константинов – Џинот*

### *СИРАЧЕ*

Сираче моме сејало
И јадна песна пејало:
„Каде се чуло видело,
Седум години во село
Да сеа, жниа и пота
И от мојата работа
До зрнце да се изабит,
Од чужи да се разграбит
А ја сираче да шетам,
И улиците да метам
Везден работа нивата
Без да си крена главата.
..............................................

*Константин Миладинов*

## *МАКЕДОНСКИТЕ УЧЕБНИКАРИ*

● Ставовите и мислењата за тоа кои говори да бидат основа за македонскиот стандарден (литературен) јазик, видно влијаеле и во **учебникарската дејност** на македонските преродбеници од 19 век.

● Така, **Партениј Зографски,** кој пишувал учебници на народен јазик, се залагал за создавање **македонски литературен јазик врз основа на западномакедонските говори.** Познат е неговиот став кој гласи:

> *„Учи напред книга на свој јазик, после ако имаш време, учи и на други јазици. Тој што учит книга толко на туѓ јазик, а не на својот, тој е еднаков со оној што ја отфрлјат мајка си и на место неја земат друга“.*

● **Ѓорѓи Пулевски,** покрај учебникарската дејност, пишувал речници, граматика, бил учител, а напишал и своја **песнарка на чист македонски јазик.** Следи дел од една негова песна.

1. „Пособрал Стојан понабрал до
   седумдесет дружина. Сви седумдесет
   јунаци, со седум бељи бајраци. Во стреде
   Македонија.
2. Да се учини војвода со седумдесет
   и седум, на високијон Пељистер. Во таја
   гора зелена, на тија бељи снегови, уште
   пред свјати Благовец...“

(*„Стојан Војвода“*)

### ☞ *Разговараме, споредуваме*

● Поразговарајте со наставникот што значи учебникарска дејност.

● Кои зборови во првиот цитат не се литературни?

● Кој совет ни го дава П. Зографски за својот јазик?

● Со што го споредува оној кој учи само на туѓ јазик?

● Потрудете се стиховите од Ѓорѓи Пулевски да ги кажете на литературен јазик.

● Која буква ја користи Ѓ. Пулевски наместо буквата **л**?

● Разговарајте за употребата на буквата **ј** во зборовите: високијон, таја, тија, свјати? (Споредете ги со зборовите на литературен јазик!)

● Кои македонски народни говори ги имаат тие карактеристики? (Разговарајте со наставникот.)

### ❒ *Проширете ги знаењата!*



● **Партениј Зографски** бил роден во 1818 година во с. Галичник како Павле Тризлоски. Се образувал во многу градови (Солун, Атина, Одеса, Киев, Москва, Цариград), а се замонашил во манастирот Зографски (на Света Гора) под името Партениј. (**Фотографијата** која следи е од тоа време.) Тој е **првиот преведувач** меѓу јужните Словени кој **го превел „Житието на св. Климент“ на народен јазик.**

● На втората фотографија е **Ѓорѓи Пулевски.** Се запознавте со неговите дејности на интелектуален план. Но, тој бил и истакнат комита во својот роден крај. Како доброволец учествувал во Руско-турската војна за што добил Орден за храброст од Русите. (**Погледајте ја фотографијата.)**



*Ѓорѓи Пулески, снимен 1878 година во својата традиционална галичка носија и со орденот Св. Ѓорѓи и сабјата добиена од рускиот император Александар Николаевич за покажана храброст*

● Разгледајте го факсимилот од **„Речникот на три јазика“ од Ѓорѓи Пулевски**. Во него тој толкува зборови на македонски, албански и турски јазик. Прочитајте ги и споредете ги.



ЌЕРЕМЕТД-ЉИ, МУЌЕРЕМЕТД-ЉИ
ДАДЕРИ ЕЉИФ ШАНЛ-;
СУЛТАН АБДУЛ АЗИС АЗАМЕТ ЕФЕНД-М-З
Самс-нда чикмиш.

| | | |
|---|---|---|
| РЕЧНИК | ФЈАЉТОР | ЉУГАТ |
| С. МАКЕДОНСКИ | ШКИППИТ МАКЕДОНИСЕ | МИСНИЈМАНЏЕ |
| АРБАНСКИ | ШКИП | АРНАУДЧЕС |
| И | | |
| ТУРСКИ | ТУРЧИШ | С. МАКЕДОН-ЛУЏЕС |
| КЊИГА II. | Љиберта II | ЌИТАБ II |
| Ђорђе М. Пуљевски. | Ђорђи Пуљес. | Ђорђе М. Пуљеглу. |

МИЈАК ГАЉИЧКИ.

У БЕОГРАД
1875

*Факсимил од „Речникот од три јазика“ на Ѓорѓи Пулевски (Белград, 1875)*

## ❐ Задача

● Преведете го извадокот на литературен јазик и разговарајте за пораките од него.

### Од Автобиографијата на Григор Прличев

*„Синко! Казват оти знаеш много книги, ти си оште млад и не знаеш. Знаеш мошне добро небеските работи, а земните не ги знаеш. Тука, на земјата всеки е роб. Блазе на оного, что с труд извишва себе си. Горко на оного что с дембелство унижава себе се...“*

## ❐ Заклучок

● **Јордан Константинов-Џинот,** во јазикот на кој пишувал внесувал зборови од **словенско потекло,** со цел македонскиот јазик да го достигне нивото на поразвиените словенски јазици.

● **Константин Миладинов** својата поезија ја пишувал на својот роден **струшки говор.**

● **Григор Прличев** пишувал на родниот **охридски говор,** но пишувал и на **грчки јазик** (своите поеми).

## ❐ Задача

● Пронајдете ја песната „Т´га за југ" од Константин Миладинов. Споредете ја со факсимилот кој следи на кој има извадок од истата песна оригинално напишана со ракописот на авторот.



# ФОНЕТИКА

**(дел од науката за јазикот што ги проучува гласовите)**

## *АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ*

***❒ Повторете ги знаењата!***

1. Што е тоа **акцент?** Повторете ги правилата за акцентирање на зборовите, за туѓите зборови и за отстапувањата од правилата.
2. Препишете ги зборовите и обележете го акцентот.

ден, јато, ученик, свиреше, сончоглед, култура, жири

3. Прочитајте го извадокот акцентирајќи ги зборовите според правилата.

„ ...Лорета малку накуцнуваше, недостаток што ѝ се јавил уште од раѓање... Во училиштето каде што учела порано, некои деца ѝ се потсмевале, правеле шеги со неа и таа тоа низ солзи го преживувала и одболедувала. Се правела дека не слуша, но насамо леела солзи. Се затворила во себе, избегнувала да контактира со децата...“

(Јован Стрезовски)

***❒ Прочитајте и споредете!***

● Откако ќе ги разгледате двете табели, читајте ги зборовите онака како што е прикажано на втората табела. Споредете како се пишуваат, а како се изговараат. (Внимавајте каде е обележан акцентот!)

| Се пишува: | Се изговара: |
|---|---|
| Кисела Вода | Киселáвода |
| кисело млеко | киселóмлеко |
| не дојде | нéдојде |
| не му рече | немýрече |
| Што го праша? | Штогóпраша |

● Забележавте дека зборовите кои ги читавте ги изговаравте под еден акцент.

Кога два или повеќе збора се изговараат под заеднички акцент претставуваат **акцентски целости.**

**❒ Запомнете!**

Правило е во акцентската целост **еден збор да е носител на акцентот,** а тој паѓа на **третиот слог од крајот на зборот.**

**Примери:**

| б е́ л | б и | б е р |
|---|---|---|
| 3 | 2 | 1 |

| в у́ ј | к о | м и |
|---|---|---|
| 3 | 2 | 1 |

| н е | м у́ | в е л и |
|---|---|---|
| 3 | 2 | 1 |

● Согледајте го знакот за обележување на акцентската целост. А знакот за обележување на акцентот веќе ти е познат, како и неговото место во зборот. (Над самогласката во акцентираниот слог.)

**Примери:** црни́‿сливи, Ново́‿Село, не‿ми́‿кажа

**❒ Вежби**

● Прочитајте го текстот, прво секој во себе, а потоа на глас, при што ќе внимавате на правилното акцентирање.

„Недела беше ден кога редовно за ручек имаше месо. Затоа и толку ги сакав неделите. Ручекот беше готов меѓу еден и два. Не се сеќавам дека некој можеше да отсуствува од неделниот ручек. Не можев дури ни да замислам што ќе се случеше ако помеѓу еден и два со брат ми излезам подалеку од дворот. Закон беше тоа сите да ручаме заедно.

Мајка ми му ги подаваше чиниите на татко ми, а тој ги полнеше прашувајќи дали е доволно, а редовно ги полнеше до врв. А ние, пак, не се осмелувавме да му речеме...“

*(„Ѕвездена порта“ од Стево Симски)*

● Од истиот текст препишете ги акцентските целости и обележете го акцентот.

● Препишете ги примерите и обележете го акцентот.

| | | |
|---|---|---|
| Демир Хисар<br>прав шеќер<br>мој човек<br>дај те ми | три часа<br>не би сакал<br>не сум дошол<br>не би рекол | Кој дојде?<br>Колку време?<br>Што му рече?<br>Што си го викал? |

## ВИДОВИ АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ И ПРАВИЛА ЗА НИВНО АКЦЕНТИРАЊЕ

### ❒ Запомнете!

Веќе научивте дека **општото правило** за акцентот во акцентските целости е определено на **третиот слог од крајот на групата зборови кои ја сочинуваат акцентската целост.**

Но, во некои акцентски целости акцентирањето се врши **на вториот слог од крајот на групата зборови.**

### ❒ Согледајте и запомнете!

Низ примерите кои следат, ќе согледате некои зборовни состави на акцентски целости и правилата за нивно акцентирање.

1. Киселó‿млеко, вторá‿вечер, моé‿дете, сувитé‿гранки

Кога придавка и именка означуваат еден поим, акцентот паѓа на придавката.

2. Пéт‿дена, трѝ‿часа, стó‿грама, шéст‿тона

Кога акцентската целост е составена од број и именка, акцентот паѓа на бројот.

3. Дваесет‿ѝ‿три, шеесет‿ѝ‿девет, триесет‿ѝ‿осум

Сложените бројни изрази се изговараат со акцент на сврзникот.

4. Коѝ‿луѓе ќе дојдат? Штó‿мајка беше? Колкý‿дена останаа?

Прашални зборови и двосложни именки образуваат акцентски целости со акцент на третиот слог од крајот на групата зборови.

5. Вýјко‿ми, бáба‿ми, мáјка‿му, тáтка‿си

Именки кои означуваат сродство и кратките заменски форми во акцентска целост се акцентира според општото правило.

6. Чекáјќи‿го, викáјќи‿им, зборувáјќи‿им‿ја (вистината)

Глаголски прилог со кратка заменска форма, при акцентирањето акцентот паѓа на вториот слог од глаголскиот прилог.

## ☞ Проширете ги знаењата!

Постојат правила за акцентирање искази. Низ примерите и објаснувањата ќе можете да ги согледате.

1. Во **потврдните искази** акцентот паѓа на глаголот.

му‿ги‿зе́ле, ќе‿до́шле, за‿да‿о́ди, да‿му‿се‿и́звини, сум‿им‿ре́кол

2. Во **негирани и во прашални искази** акцентирањето се врши според општото правило (на третиот слог од крајот на зборовниот состав).

Не‿ме́‿праша, не‿ќе‿му́ речев, не‿би́‿сакал, Што‿му́‿рече? Кој‿го́‿виде?

## ❐ Вежби

- Препишете ги акцентските целости и обележете го акцентот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Што му рече? | Кој ја праша? | Не им кажа? | Не си ги видел? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| да ја види | да им пишува | за да мисли | пишувајќи им |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| триесет и еден | пет пати | наши луѓе | црн бибер | брат му |

- Читајте го текстот на глас внимавајќи на правилното акцентирање.

„Уметникот прави потсвесно гест како да ќе потрча да ги врати. Тој навистина им должи објаснение и тој е човекот, иако не го знаат, што би можел нешто да поправи во оваа ситуација. Тие два цртежа ги сметна тој од ѕидот, утрото пред самото отворање на изложбата, ене ги стојат уште на бирото во изложбената канцеларија. Би можел повторно да ги стави, а на жената и девојчето да им објасни дека е сè настанато само поради една случајност – цртежите не биле добро прицврстени, па тој поручеква ги симнал, но утре пак ќе ги изложи, и на подобро место, дека го заслужуваат тоа. Зошто не би ги вратил да ги утеши и израдува?“

***Блаже Конески***

- Препишете ги акцентските целости од претходниот извадок и обележете го акцентот.
- Организирајте говорни вежби за читање текст од учебникот со цел да вежбате правилно акцентирање.

### ❒ *Применете ги знаењата*
### *(брза игра)*

● Формирајте групи; пронајдете текст од учебникот и одредете колку минути групите ќе пронаоѓаат акцентски целости во него. Групата која за тоа време ќе најде најголем број акцентски целости, ги пишува на табла и ги прашува членовите на останатите групи за местото на акцентот.

● Секој од вас нека ја разгледа илустрацијата која следи и според неа да напише десет реченици во кои ќе ги обележи акцентот на зборовите и акцентските целости.



*Илустрација: Даниела Панчевска*

# МОРФОЛОГИЈА

**(дел од науката за јазикот што ги проучува формите на зборовите)**

☞ ***Повторете ги знаењата!***

● Определете ги граматичките категории на глаголите во речениците (лице, број и време).

1. Баба ми сплете чорапи.
2. Сонцето изгреа рано.
3. Ние ги читавме писмата.
4. Влегувавте без билети.

● Определете го и видот на глаголите во истите реченици.

❐ ***Запомнете!***

Глаголските форми кои имаат промени по лица се викаат **лични глаголски форми**; глаголските форми кои не разликуваат лице се **нелични,** а глаголските форми кои имаат форми само за трето лице еднина, без вистински да го означат лицето (подметот) се викаат **безлични глаголски форми.**

## *БЕЗЛИЧНИ ГЛАГОЛИ*

❐ ***Споредете и запомнете!***

● Прочитајте ги речениците во табелите. Споредете ги во однос на вршителите на дејствата (подметите).

| |
|---|
| Тој играше на дождот. |
| Јас плачев. |

| |
|---|
| Заврна силен дожд. |
| Ми се плаче. |

● Во кои реченици можеш да го согледаш вршителот на дејството (подметот)?

Забележавте дека дејствата во речениците од **првата табела** се поврзуваат со одреден вршител (подмет).Тоа се подметите **тој** и **јас**.

Во **втората табела** дејствата во речениците немаат одредени вршители (подмети).

Глаголите кои покажуваат **дејства што не се поврзуваат со вршител на дејство** (лицето) т.е. подметот се нарекуваат **безлични глаголи.**

**Безличните глаголи** се јавуваат само во форма на **трето лице еднина.**

- Со безличните глаголи се означуваат:

**1. природни појави:** дува, зазорува, грми, сека, се стемни, заврна;

**2. душевни состојби:** ми се стемни, ми се јаде, ми се спие, ме исплаши.

- Забележувате дека **при изразувањето душевни состојби, безличните глаголи се во состав со кратки заменски форми.**

☞ ***Применете ги знаењата!***

- Напишете пет реченици во кои ќе употребите безлични глаголи.
- Пронајдете ги безличните глаголи во текстот.

„Се случи и моето прво кампување со извидничкиот одред. Бев пресреќна. Првата вечер ми се спиеше рано зашто ме измори долгото пешачење по планината. Наредните вечери бев среќна и учествував во забавите. Една вечер ќе ја паметам долго. Седевме околу огнот и кажувавме шеги. Ненадејно загрме. Набрзо и заврна, а на небото облаците ги прекрија ѕвездите. Почна и да сека. Ми се плачеше. Посакав да сум дома, во мојот топол кревет...“

*(Ученички состав на тема „Незаборавно доживување“)*

- Оределете ги личните и неличните глаголи во речениции.

| | |
|---|---|
| 1. Тони излезе во дворот | 4. Одеднаш силно заврна. |
| 2. Ветерот дувна ненадејно. | 5. Многу ми се спие. |
| 3. Мачката го фати глувчето. | 6. Таа ги повика децата. |

- Определете ги граматичките категории и видот на глаголите во претходните реченици.



## НЕЛИЧНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

❒ *Запомнете!*

● Во македонскиот литературен јазик, веќе учевте за тоа, постојат: **лични глаголски форми, безлични глаголски форми** и **нелични глаголски форми.**

● Досега научивте дека **глаголите** имаат **граматичка форма лице**, односно дека глаголите имаат по три лица во двата броја (еднина и множина). И тоа се **лични глаголски форми.**

● Исто така, учевте и за **безлични глаголски форми**, односно за безличните глаголи. Тие се безлични зашто дејствата кои ги покажуваат **не се поврзуваат со вршител на дејство.**

● Во македонскиот литературен јазик има глаголски форми кои **немаат промени по лица** и тие се нарекуваат **нелични глаголски форми.** Такви форми се:

1. глаголската л-форма
2. глаголскиот прилог
3. глаголската именка
4. глаголската придавка

● За неличните глаголски форми ќе учите на наредните часови.

## ГЛАГОЛСКА Л-ФОРМА

❒ *Размислете и согледајте!*

● Разгледајте ги табелите кои следат и согледајте: кои се завршоци на глаголите, кои граматички категории се прикажани и од кој вид се глаголите.

| Еднина | | | Множина |
|---|---|---|---|
| м. р. | ж. р. | с. р. | |
| скокал<br>скокнал<br>вежбал<br>извежбал | скокала<br>скокнала<br>вежбала<br>извежбала | скокало<br>скокнало<br>вежбало<br>извежбало | скокале<br>скокнале<br>вежбале<br>извежбале |

❒ *Да ви помогнеме*

● Завршоците на глаголите се: **-л, -ла, -ло, -ле.** Оттаму оваа форма на глаголите се нарекува **глаголска л-форма.**

● Согледавте дека оваа глаголска форма ги има граматичките категории **род** и **број.**

● Воочивте дека оваа глаголска форма се образува од двата вида глаголи, **свршени** и **несвршени.**

### ☞ Применете ги знаењата!

● Пронајдете ги глаголските л-форми во извадокот и определете ги нивните род и број.

„Тргнале еден ден неколку селани Мариовци да одат на Црна да ловат риби. Ловеле што ловеле, си кинисале да си одат дома. И таман на неколку чекори од реката некој повикал:

– Море, селани, ние ловевме риби, се буткавме по површината во водата, ама којзнае дали не се удави некој од нас. Не правиме лошо да се преброиме.

Го одобриле сите предлогот и застанале, а предлагачот почнал да брои. Еден, два, три, четири ... дотерал до осум.“

(Народна приказна)

● Претворете ги личните глаголски форми во речениците во л-глаголски форми.

1. Гордана шиеше убаво.
2. Тие тргнаа кон нас.
3. Шетаа покрај кејот.
4. Снегот ги изненади сите.
5. Таа трчаше најбрзо.
6. Борче ја купи книгата.

● Секој од вас треба да ја разгледа илустрацијата која следи и да напише состав за взаемната љубов меѓу мајката и детето. Наслов на составот, според содржината која ќе ја напише, секој ученик поединечно го пишува.



*Илустрација: Даниела Панчевска*

# *ГЛАГОЛСКИ ПРИЛОГ, ГЛАГОЛСКА ИМЕНКА И ГЛАГОЛСКА ПРИДАВКА*

## 1. Глаголски прилог

- Глаголскиот прилог е **неменлива глаголска форма**.
- Таа се образува од **несвршени глаголи**, со **наставката –јќи.**
- Во реченицата оди **паралелно со глагол во лична глаголска форма** и секогаш имаат **ист вршител (подмет)**.

**Примери:** 1. **Одејќи** кон училиште, го сретнав Горан.
2. **Варејќи** го кафето, баба **се изгоре.**
3. **Гледајќи** пренос, децата **заспале.**

## 2. Глаголска именка

- Глаголските именки **именуваат глаголски дејства.**
- Се образуваат од **несвршени глаголи,** со **наставката –ње.**
- Во **среден род,** имаат **еднина и множина** и **се членуваат.**

**Примери:**

| | | |
|---|---|---|
| јаде**ње** | јаде**ња** | јадење**то** |
| смее**ње** | смее**ња** | смеење**то** |
| еднина | множина | членување |

- Поретко глаголската именка се образува и со **наставката –ние.**

**Примери:**

| | | |
|---|---|---|
| изда**ние** | реше**ние** | призна**ние** |

## 3. Глаголска придавка

- Глаголската придавка **се образува од глаголи** и претставува **преодна форма меѓу глагол и придавка.**
- **Во промените** се однесува **како придавка**: има форми за **трите рода,** за **двата броја** (еднина и множина) и **се членува.**

| Еднина | | | Множина | Примери за членувани форми |
|---|---|---|---|---|
| м. р. | ж. р. | с. р. | | |
| слуша**н** | слуша**на** | слуша**но** | слуша**ни** | слушани**от**, слушана**та**, |
| падна**т** | падна**та** | падна**то** | падна**ти** | слушано**то**, слушани**те** |

● Од табелата можевте да ги согледате наставките со кои се образуваат глаголските придавки и нивните форми за род и број.

☞ ***Применете ги знаењата!***

● Образувајте глаголска л-форма од глаголите: вежба, слика, следи, гледа.

● Поврзете ги дејствата во речениците образувајќи глаголски прилог.

(**Пример:** Мачето мјаукаше и гребеше по ѕидот. Мачето мјаукаше гребејќи по ѕидот.)

1. Таа свиреше додека гледаше во нотите.
2. Врнеше дожд кој ги поплави улиците.
3. Додека влегуваше, тој ги забележа гостите.

● Образувајте глаголски именки, глаголски придавки и глаголски прилози од глаголите: шепоти, купува, учи, снима и седи.

(**Пример:** ѕвони, ѕвонење, ѕвонето, ѕвонејќи)

● Во текстови од учебникот пронајдете по пет примера од неличните глаголски форми. (**Забелешка:** Можете да организирате натпревар по групи.)

## *ПРОСТИ И СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ*

❒ ***Согледајте и заклучете!***

● Разгледајте ги примерите (во табелите) кои претставуваат глаголски форми. Разговарајте и донесете заклучок за нивниот состав (структура).

| **Прости глаголски форми** | | **Сложени глаголски форми** | |
|---|---|---|---|
| одам | одејќи | ќе одам | сум одел |
| одев | оди | би одел | имам одено |
| оделе | одеше | бев одел | немам одено |

● Веќе согледавте дека **простите глаголски форми** се составени само од **еден глаголски збор.**

● Воочивте дека **сложените глаголски форми** се составени од **честичка** (ќе, би) **или помошен глагол** (сум, бев, имам) и **проста глаголска форма.**

### ❒ Да биде појасно

● **Прости глаголски форми** во македонскиот јазик се:

**1. Неличните глаголски форми:** глаголската л-форма, глаголската придавка, глаголската именка и глаголскиот прилог. За нив веќе учевте.

2. Сегашното време, минато определено свршено и минато определено несвршено време се **временски форми**. За нив ќе учите на наредните часови.

3. Заповедниот начин претставува **начинска форма.** И за него ќе учите на наредните часови.

### ❒ Вежби

● Пронајдете ги простите и сложените глаголски форми во извадокот.

„Детето, синот, напиша стихотворба. Вчера. Можеби и завчера. Не знае точно тој кога. Пролетта точи миризби и од преквчера. И од порано... А детето влезе во четиринаесеттата – трети клас е. Прва негова стихотворба. Убава? Којзнае. Тој не знае. Тој никогаш не пишувал стихови. Сепак треба да е убава. Сигурно. Така силно му сјаат очите на детето...

- Мамо, мамо!

Таа го дочекува строго, студено. Во нејзините очи прекор: по гласот, по разбрануваниот извик на детето, таа го насетува неговиот немир, бегање – скршнување од установеното, определеното, измереното, познатото. Не се лаже. Не. Ги познава таа своите деца. Добро ги познава. Внимателно следеше сè кај нив. Загрижена: неуморно бдееше. Најголемата жртва за нив ѝ се чинеше незначителна, ситница.“

*Иван Точко*

*(Извадок од расказот „Мислеше мало, неопитно птиче“)*

● Определете текст во учебникот од кој ќе ги пронајдете простите и сложените глаголски форми.

## СЕГАШНО ВРЕМЕ

**(Презент)**

❒ *Запомнете!*

● **Сегашното време** означува дејство кое се совпаѓа со **времето на зборувањето** (во сегашноста). Се образува од **несвршени глаголи.**

**Примери:** На небото **се појавува** виножито.
На полјанката **играат** децата од седмо одделение.

● Форми за сегашно време можат да образуваат и **свршените глаголи со употреба на сврзници или честички: ако, дури да, ќе** и др.

**Примери: Ако напишете** домашно, одиме на излет.
**Дури да** ги **пречекаме,** ќе прочитаме најнови вести.

❒ *Споредете и согледајте!*

● Откако ќе ги споредите табелите во кои се прикажани форми на глаголи во сегашно време, менувани по лица, **ќе ги согледате наставките** со кои се образува сегашното време.

| | **а** - група | **и** – група | **е** - група |
|---|---|---|---|
| Еднина | 1л. доаѓа - **м**<br>2л. доаѓа - **ш**<br>3л. доаѓ**а** | 1л. мисла – **м**<br>2л. мисли – **ш**<br>3л. мисл**и** | 1л. плета – м<br>2л. плете – **ш**<br>3л. плете |
| Множина | 1л. доаѓа –**ме**<br>2л. доаѓа – **те**<br>3л. доаѓа – **ат** | 1л. мисли – **ме**<br>2л. мисли – **те**<br>3л. мисл – **ат** | 1л. плете – **ме**<br>2л. плете – **те**<br>3л. плет - **ат** |

● Забележавте дека во **трето лице еднина** формите **немаат наставка. Според согласката** на која завршуваат глаголите во трето лице еднина, сегашно време, **се одредува глаголската група на глаголите.** Затоа над табелите пишува: **а-група, и-група** и **е-група.**

☞ *Проширете ги знаењата!*

● Глаголот **сум** е несвршен глагол. Тој има **свои форми** за сегашно време, претставени на табелата.

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1л. сум | 1л. сме |
| 2л. си | 2л. сте |
| 3л. е | 3л. се |

## ❐ Вежби

● Во извадоков кој следи, пронајдете ги глаголските форми во сегашно време.

„Детето ги ококори очите: единствен протест... Потем се заврти. Заплака. Се повлече.

Тој гледа, слуша: срцето му се кине. Трае... Кога останаа сами, ѝ рече: Неправедно го растажи детето!... Тоа можеби никогаш веќе нема да ја покаже убавината на своите немири, можеби никогаш нема да напише стих... И тоа е можеби поарно за него!... Којзнае?... Но, зар цветот треба да свене, пред да ја раскрие својата миризба?...“

(Иван Точко)

● Определете ги видот, лицето и бројот на глаголите во сегашно време од истиот извадок. (Тоа можете да го правите во табели.)

**Пример:**

| Глагол | Лице | Број | Вид |
|---|---|---|---|
| ококори | трето | еднина | свршен |

● Продолжете го започнатиот текст со глаголски форми во сегашно време (со свршени и несвршени глаголи). Погледнете ја илустрацијата.

Седам и размислувам од каде да почнам. Утре е вторник и јас имам многу задачи да сработам. Решив: Одам во библиотека.



*Илустрација: Даниела Панчевска*

# МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО НЕСВРШЕНО И МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО СВРШЕНО ВРЕМЕ

**(Имперфект и аорист)**

☞ *Повторете ги знаењата!*

- Од што се составени простите глаголски форми?
- Набројте ги простите глаголски форми!
- Кои глаголски форми се временски?
- Определете кои глаголи во низава се свршени, а кои се несвршени!

играше, дојде, викаа, влезе, истрчавме, излегоа

❒ *Споредуваме и заклучуваме!*

- Прочитајте ги речениците во табелите и споредете го времетраењето на дејствата. Воочете го и присуството на говорителот и видот на глаголите.

| 1. | 2. |
|---|---|
| 1. Маре **пливаше** цел ден.<br>2. Тие **береа** плодови.<br>3. Сите **пишувавме лектира.** | 1. Таа **исплива** 500 метри.<br>2. Тие ги **набраа** плодовите.<br>3. Сите **напишавме** лектира. |

Дејствата во **првата табела** се случувале во **траење, во присуство на говорителот.** Се образуваат од **несвршени глаголи.** Тогаш, глаголите се во **минато определено несвршено време.**

Дејствата во **втората табела се заокружени (се извршиле во еден момент во минатото) во присуство (или со учество) на говорителот.** Се образуваат од **свршени глаголи.** Тие глаголи се во **минато определено свршено време.**

❒ *Согледајте!*

- Од табелите кои следат ќе ги согледате **наставките** со кои се образуваат овие глаголски времиња.

| Еднина | Множина | Еднина | Множина |
|---|---|---|---|
| 1л. оде**в** | 1л. оде**вме** | 1л. отидо**в** | 1л. отидо**вме** |
| 2л. оде**ше** | 2л. оде**вте** | 2л. отиде | 2л. отидо**вте** |
| 3л. оде**ше** | 3л. оде**а** | 3л. отиде | 3л. отидо**а** |

Минато определено несвршено време — Минато определено свршено време

### ❒ *Да биде појасно*

● Некои глаголи од **е-група** и **и-група** во трето лице множина имаат наставка **-ја:** потврдија, измија, оставија, зачекорија.

● Форми за минато определено несвршено време имаат и **свршените глаголи,** а ги образуваат со: **ако, да, ќе** и тогаш имаат други значења.

**Примери: Ако кажев,** ќе ми замереа. **Ќе дојдевме** ако нè повикаа.

### ☞ *Применете ги знаењата!*

● Пронајдете ги во извадоков глаголските форми употребени во минато определено несвршено и свршено време и определете во кое лице и број се истите.

„Луѓето се качуваа по ридот и се заморуваа. А на врвот, имаше дуќан со убав кристал и со освежителен чај од нане. Луѓето влегуваа да се напијат чај што им се служеше во убави кристални чаши.

„На жена ми никогаш не би ѝ текнало ова“, помисли еден посетител и купи неколку кристални чаши, зашто токму вечерта очекуваше посета: гостите ќе бидат воодушевени од раскошната убавина на чашите. Друг тврдеше дека чајот е дури и повкусен кога се служи во кристални садови, зашто тие подобро ја чуваат неговата арома. Трет, пак, изјави дека на Ориентот за чај користат кристални чаши поради нивната волшебна моќ...?“

(Паоло Коељо)

● Препишете го текстот кој следи на тој начин што ќе ги трансформирате глаголите од сегашно во минато определено свршено време.

(**Пример:** Две кучиња околу нас играа. Третото, најубавото, се најде на осматрачница)

„Две кучиња околу нас играат. Третото, најубавото, се наоѓа на осматрачница. Залудно го викам. Фрламе леб кој од торбата ни го из-

вади Пајо – песот не приоѓа. Овие две кучиња јадат – тој само набљудува. За миг се втурна да врати едно јагне и повторно е горе, на своето место. Ги сакаме овие два песа, заедно со Пајо, да се борат, за да го привлечеме третиот, „кој е најсилен во целата планина“, како Пајо што го фали. Ништо не помага. Ни повикот, ни свирежот. Само горе, на осматрачницата од издадената карпа, му се вее долгата и темна грива на вратот. Пес кој знае кога, како и што сака. Се гледа дека Пајо со сета сила го сака и дека ликува што песот е на висина на испитот: не се одвојува, без причина, од стадото.“

(Ферид Мухиќ)

***❐ Задача за дома***

● Напишете состав за една еколошка акција во кој ќе користите глаголски форми во минато определено несвршено и свршено време. Насловот определете го секој сам индивидуално. На час читајте ги составите, разговарајте за нив и вреднувајте ги.



# *ЗАПОВЕДЕН НАЧИН*

## (Императив)

### ❒ *Споредуваме и заклучуваме*

● Разгледајте ги табелите на кои се претставени глаголи од трите глаголски групи (**а**-група, **и**-група и **е**-група). Споредете ги формите и заклучете: **во кои лица има директна заповед, во кои лица има индиректна заповед, како се образуваат тие форми и во кое лице нема форми за заповед. Ова е начинска глаголска форма.**

| Еднина | а - група | и - група | е - група | и - група | е - група |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 лице | / | / | / | / | / |
| 2 лице | гледа**ј** | бро**ј** | спи**ј** | од**и** | јад**и** |
| 3 лице | нека(да) гледа | нека (да)брои | нека(да) спие | нека(да) оди | нека(да) јаде |

| Множина | а - група | и - група | е - група | и - група | е - група |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 лице | да гледаме | да броиме | да спиеме | да одиме | да јадеме |
| 2 лице | гледа**јте** | бро**јте** | спи**јте** | од**ете** | јад**ете** |
| 3 лице | нека(да) гледаат | нека(да) бројат | нека(да) спијат | нека(да) одат | нека(да) јадат |

### ❒ *Запомнете!*

**Директна заповед** се искажува само за **второ лице (еднина и множина)** (гледај-гледајте, број-бројте, спиј-спијте, оди-одете, јади-јадете).

**Индиректна заповед** за другите лица се искажува со честичките **да** и **нека** и **формите на сегашно време** (да гледа, нека гледа, да гледаат, нека гледаат).

● Директна заповед се образува на **два начина:**

1. глаголите од **а-групата** и глаголите од **и-групата** и **е-групата** чиј општ дел е на **самогласката,** со наставките **–ј** (еднина), **-јте** (множина).

(гледај – гледајте, број – бројте, спиј – спијте)

2. глаголите од **и-групата** и **е-групата** чиј општ дел е на **согласка,** со наставките **–и** (еднина) и **–те** (множина) (оди – одете, јади – јадете, толчи - толчете).

### ❒ Да биде појасно

● Форми за **прво лице** еднина нема.

● **Од некои глаголи не се образуваат заповедни форми:** студи, треба, може и сл.

● **Одречни форми** на заповедниот начин се образуваат со **не** пред глаголот, или пак со **немој/немојте и да – конструкција.**

| | |
|---|---|
| Не гледај така! | Немој да зборуваш брзо! |
| Не гледајте ваму! | Немој да викате! |

### ❒ Вежби

● Препишете ги речениците претворајќи го исказниот начин во заповеден.

(**Пример:** Јане пее стари песни. Јане, пеј стари песни!)

1. Ние ќе одиме на излет.
2. Ти купуваше нови книги.
3. Доаѓавте често кај нас.
4. Седеа и го гледаат зајдисонцето.
5. Ти секогаш носеше домашно.
6. Тања ја чува сестричката.

● Пронајдете ги формите на заповедниот начин во извадокот и определете го лицето и бројот во кои се употребени.

„... – Седи, Дане, да поразговараме!...

– Ајде, заклати го часовникот, потони ме во некоја хипноза и прави нешто – се пошегував!

– Затвори ги очите, тоа е првата инструкција. Релаксирај го целото тело, дел по дел. Сега ќе одиме назад во времето, да ги најдеме и другите незадоволства во твојот живот...“

*(„Меѓу сонот и јавето“ – Антониот Крстев)*

● Пронајдете заповедни форми во текстови од учебникот. Можете да организирате натпревар по групи, која група за одреден временски период ќе пронајде повеќе заповедни форми.

## ПРИЛОЗИ

❐ *Запомнете!*

**Прилозите** се полнозначни зборови кои најчесто одат **со** глаголите и **го објаснуваат глаголското дејство** според: **време, место, начин**, **количество** и др.

● Согледајте го местото на прилозите во реченицата и поразговарајте за нивното значење.

1. **Денес** добивме тешка задача.
2. Марко отпатува **некаде.**
3. Таа пишува **бавно.**
4. Тони **многу** се исплаши.

● **Воочивте дека според значењето** прилозите се делат на **неколку групи:**

**А. прилози за време:** дење, ноќе, вчера, денес, секогаш, сега, утре, никогаш, веднаш, отсега, наскоро, засега, понекогаш и др.

**Б. прилози за место:** некаде, никаде, горе, долу, лево, десно, дома, надвор, внатре, таму, ваму, далеку, близу и др.

**В. прилози за начин:** брзо, бавно, лесно, тешко, херојски, лошо, полека, храбро, плашливо, сосила и др.

**Г. прилози за количество:** малку, многу, неколку, повеќе, помалку, толку, двојно, двапати, доволно, неколку, колку, третпат и др.

☞ *Проширете ги знаењата!*

● Иако прилозите спаѓаат во групата **неменливи зборови,** некои од нив **можат да се степенуваат,** а некои и да **се членуваат.**

**Примери:**
1. Тато викна **силно,** а дедо викна **посилно.**
2. Таа пливаше **брзо,** но јас испливав **најбрзо.**
3. Денес дојдоа **повеќето** од повиканите.

● Треба да внимавате да правите разлика при пронаоѓањето и употребата на **придавките од среден род** и **прилозите за начин.**

**Примери:**

| Тешки | содржини | учиме | тешко. |
|---|---|---|---|
| ↓ | ↓ | ↓ | ↓ |
| придавка | именка | глагол | прилог |

❐ *Задачи*

● Напишете по три реченици со прилози од секоја група прилози.

● Пронајдете ги прилозите во извадоков и определете во која група спаѓаат.

„Беше есен. Целото семејство отпатувавме набрзина в село, кај моите баба и дедо. Секогаш правиме така. Тато знае дека во тоа време в село има толку многу работа по нивјето. Тој таму израснал. Нивите не се далеку и лесно се стасува до нив. Бевме повеќе и работата одеше брзо. Некако навикнавме на тие есенски работи. Откако сработивме доволно, се вративме дома, во големата, но веќе стара куќа на баба и дедо. Веднаш седнавме околу масата зашто бевме гладни. Мирисаше на врел качамак и селско кисело млеко. Откако се најадовме, веднаш легнавме. Сонот нè обзеде многу брзо...“

(Снежана Велкова)

● Пронајдете ги прилозите во извадокот и определете ги според нивното значење.

„Коњот трчал по планини и долини, прескокнувал реки и потоци, протрчувал низ ливади и полиња. Момчето цврсто се држело за гривата, но полека почнало да ја губи силата и немоќно паднало на тревата.

Со прстите го допрело своето лице и се вчудовидело кога сфатило дека е набрчкано, а косата и брадата сосем му обелеле – по неколку мига на бескрајна среќа на плеќите на најубавиот коњ, момчето станало белокос старец.

Во раката му останале само неколку влакна од сребрената грива, како доказ дека некогаш го јавало најубавиот, најбелиот, најпрекрасниот коњ на светот. А коњот со сета своја младост, раскош и убавина и натаму трчал низ полињата и планините и ги предизвикувал смелите момчиња.“

(Душко Кралевски)

● Напиши реченици во кои ќе ги користиш прилозите: **добар, вреден, брз** и **убав,** наспроти придавките од среден род со иста форма.

**(Пример: Тешки** камења се струполија на патот. Учењето му одеше **тешко.)**



# ***ПРЕДЛОЗИ***

***❐ Запомнете!***

Предлозите се **променливи (службени) зборови** со кои **се искажуваат различни односи во речениците.**

- Тие немаат сопствено значење, па **конкретното значење го добиваат кога се во спој со полнозначните зборови.**

***❐ Разговараме и согледуваме!***

- Додека ги читате речениците, разговарајте и согледувајте ги значењата на предлозите во нив.

| | |
|---|---|
| Децата се криеја **зад** вратата. | ➔ **просторно значење** |
| Ја избриша потта **со** раката. | ➔ **значење на средство** |
| Секогаш зборува **на** шега. | ➔ **начинско значење** |
| Ќе останат **помеѓу** една и две недели. | ➔ **временско значење** |
| Книгата е **на** сестра ми. | ➔ **присвојно значење** |

- **Според составот**, предлозите се поделени на:

| | |
|---|---|
| **прости:** | в, во, на, до, за, со, низ, пред, зад, по, крај, меѓу |
| **сложени:** | заради, поради, откај, накај, помеѓу, наспроти, покрај |

***☞ Проширете ги знаењата!***

- Предлогот **во** има и форма **в.** Кога се употребува предлогот **в?**

| | |
|---|---|
| **В** сабота ќе прават роденден. | ➔ **идно дејство** (**в**) |
| Одеше таму **во викендите.** | ➔ пред членувана именка на **в** (**во**) |

- Во примерите кои следат ќе согледате дека предлогот **на** има повеќе значења.

Ќе дојдат **на** лето. (**временско**). Идејата е **на** Марија. (**присвојно**).

Истрчаа **на** улица. (**просторно**).

- Прилозите **после** и **ширум** не треба да ги употребуваме како предлози.

| **Погрешно** | **Правилно** |
|---|---|
| 1. Ти си **после** мене. | 1. Ти си **по** мене. |
| 2. **Ширум** сета наша земја. | 2. **По сета** наша земја. |

☞ ***Применете ги знаењата!***

● Напишете реченици во кои ќе ги употребите сврзниците: **во, в, на, со, по, за, зад.**

● Одберете текст од учебникот во кој ќе ги пронаоѓате предлозите и ќе ги определувате нивните значења.

● Откако ќе ја разгледате илустрацијата, секој од вас пишува состав на тема „Училишна претстава“. Потоа ги потцртува предлозите кои ќе ги употреби. Читајте ги составите и определувајте ги значењата на предлозите.



*Илустрација: Даниела Панчевска*

## СВРЗНИЦИ

❒ *Запомнете!*

**Сврзниците** се службени, неменливи зборови со кои **ги поврзуваме зборовите во речениците** и ги **поврзуваме речениците во сложената реченица.**

● Според структурата има **две групи** сврзници:

1. **прости:** и, па, но, а, како, штом, зашто, или, дека и др.
2. **сложени:** затоа што, пред да, тукушто, така што, за да, меѓутоа и др.

☞ *Проширете ги знаењата!*

● Во нашиот јазик има сврзници кои се од туѓо потекло: сврзникот **но** потекнува од старословенскиот јазик, а **оти** од грчкиот јазик.

● **Не треба** да прифаќаме сврзници туѓи на македонскиот стандарден јазик, како што се: **али, него, пошто, така да.**

(Не одиме во село туку на езеро. Добив петка бидејќи учев многу).

● За сврзниците ќе учите повеќе кога ќе ги изучувате видовите независни сложени реченици (А во осмо одделение видовите зависно сложени реченици).

❒ *Задачи*

● Пронајдете ги сврзниците во речениците и одредете што поврзуваат (зборови во реченици или пак реченици во сложени реченици).

1. Горан ништо не му рече, туку се слушна аплауз кој потоа грмна во салата.

2. Горан ја изговори втората реплика свртен кон Чедо и сè убаво течеше.

3. Од Горан се избриша тремата и тој како голем артист кој ја одиграл улогата посака да седне до другарчето.

4. Ќе те облечеме во поштарска облека и кога ќе ти дадам знак, ќе влезеш на сцената каде што ќе те пречекаат Чедо и Дара и ќе речеш.

5. Ете, тоа е сè, Горане, три реченици и спас и за мене и за претставата.

● Напишете три сложени реченици во кои ќе употребите сврзници кои ќе поврзуваат зборови, но и реченици во сложените реченици.

● Пронајдете текст во учебникот во кој ќе ги пронаоѓате сврзниците и ќе определувате кои се прости, а кои се сложени.

# СИНТАКСА

**(дел од науката за јазикот кој ја проучува реченицата)**

## *ПРЕДМЕТ – видови предмет*

***❒ Запомнете!***

**Членот** во реченицата **врз кој преминува глаголското дејство** се вика **предмет.**

Мартина донесе **јаготки.**

Дарко **го** викна **Горан.**

● Во македонскиот литературен јазик има **три вида предмет: директен, индиректен** и **предлошки.**

● Разгледајте ги примерите и воочете ги разликите меѓу видовите предмети.

Јован јаде **торта.**
Јас **ја** видов **Бојана.**
→ Глаголското дејство **директно преминува врз предметот** (директен предмет).

**Ѝ** донесов книга **на Маја.**
**Му** купив подарот **на Миле.**
→ Предметот го именува **оној на кого му е наменето дејството** (индиректен предмет).

Вчера игравме **со Сашо.**
Зборува **за кавгата.**
→ **Предметот се поврзува со прирокот со помош на предлог** (предлошки предмет).

***❒ Да биде појасно***

● **Директниот предмет** одговара на прашањата **што?** (за предмет) и **кого?** (за лица).

Трајче пишува **писмо.**
**Ја** почитувам **баба.**

**(Што** пишува Трајче?)
**(Кого** почитувам?)

● **Индиректниот предмет** одговара на прашањата **на кого?** и **кому?**

**Му** се насмевна **нему.**
**Им** заблагодари **на гостите.**

**(На кого** му се насмевна?)
(**Кому му** заблагодари?)

● **Предлошкиот предмет** одговара на прашањата **кого?** и **што?** заедно **со предлогот** во реченицата.

| Се договорија **за состанок.**<br>Верувам **во вас.** | (**За што** се договорија?)<br>(**Во кого** верувам?) |
|---|---|

***❒ Вежби***

● Пронајдете ги предметите во извадокот и определете го нивниот вид.

„Момчето се гордееше со себе. Научи важни работи, како што се трговијата со кристал, јазикот без зборови и знаци. Едно попладне, на врвот од ридот здогледа човек кој се жалеше дека по целата таа нагорнина не може да се најде пристојно место каде што би можел нешто да се напие. Момчето, веќе знаејќи го говорот на знаците, го викна старецот да поразговараат.

- Ајде да им продаваме чај на луѓето што ќе се искачат на ридов – рече тој.“

(Паоло Коељо)

● Напишете по три реченици со секој од видовите предмети.

● Пронајдете ги предметите во извадокот. Согледајте на кои места може да се употребат предметите во речениците.

„Старецот го испушти јажето, застана со нога на него и го крена харпунот колку што можеше повеќе и со сета своја сила, што во тој момент ја доби, го забоде, и уште еднаш во страната на рибата, таму зад големите градни перја, кои се креваат високо во воздухот до висината на човечките гради. Тој почувствува како железото влегува и се наведна над него и го забоде уште подлабоко, а тогаш се опре и на него со целата тежина од своето тело.

Тогаш рибата се појави жива, макар што смртта беше во неа, и се крена високо од водата, покажувајќи ја сета своја огромна должина и ширина, сета своја сила и убавина. Изгледаше како да виси во воздухот над старецот во чамецот. А тогаш падна, плеснувајќи во морето и го покри со вода старецот и целиот чамец.“

(Ернест Хемингвеј)

# УДВОЈУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИОТ И НА ИНДИРЕКТНИОТ ПРЕДМЕТ

***❒ Размислете и споредете!***

● Внимателно споредете ја структурата на предметите во речениците.

| **Директен предмет** | **Индиректен предмет** |
|---|---|
| 1. Тие јадеа **торта**.<br>2. Дедото донесе **пес.** | 1. Ние **му** рековме.<br>2. Денес **им** се јавив. |
| ↓ **спореди** ↓ | ↓ **спореди** ↓ |
| 1. Тие **ја** јадеа **тортата.**<br>2. Дедото **го** донесе **песот.** | 1. Ние **му** рековме **нему.**<br>2. Денес им се јавив **ним.** |

● Согледавте дека предметот може да биде составен од еден збор (именка, кратка или долга заменска форма) и од два збора (именка и кратка заменска форма и кратка со долга заменска форма), кога предметот се удвојува.

***❒ Заклучете!***

Важна карактеристика на македонскиот јазик е **удвојувањето** на директниот и на индиректниот предмет.

***❒ Вежби***

● Удвојте ги предметите во речениците.

1. Мојата другарка ме изневери.
2. Ја пречекавме срдечно.
3. Вчера ги видов.
4. Распустот ми мина брзо.
5. Многу му се налутив.
6. Јас им се обратив.

● Определете го видот на предметите во речениците.

1. Таа ја подаде раката и покажа кон ѕидот.
2. Стариот го крена погледот и од светилката во нив му ргна црвенило.
3. Жената дојде до него и му се загледа во лицето.
4. Го стегна куферот и просто потрча напред кон Сарајаново.
5. Му се чинеше дека го препознава тоа покревање.

*(„Нема смрт додека ѕвони“ од Д. Башевски)*

● Напишете по пет реченици за директен и за индиректен предмет (удвоен и неудвоен).

## *АПОЗИЦИЈА*

***❒ Споредете, размислете, заклучете!***

● Откако ќе ги прочитате речениците, размислете со какво значење се нагласените зборови во нив.

● Споредете ги местата на кои се наоѓаат нагласените зборови. Дали се менува нивното значење со промена на местото во реченицата?

1. Весна, **мојата прва братучетка,** отпатува во Данска.
2. Мојата прва братучетка, **Весна,** отпатува во Данска.

● Нагласените зборови претставуваат член во реченицата кој се нарекува **апозиција.** Таа е **второстепен член** во реченицата.

● Апозицијата **се однесува на некој член во реченицата.**

● Апозицијата **дава дополнителни податоци** за членот на кој се однесува.

● Членот на кој се однесува и апозицијата **можат да си ги заменат** местата, но тоа **не го менува значењето во реченицата.**

***❒ Запомнете!***

**Апозицијата** е член на реченицата која **има исто значење со членот на кој се однесува и го дополнува.**

***☞ Повторете ги знаењата!***

● Атрибутот и апозицијата се **второстепени** членови. Пронајдете ги во речениците кои следат.

1. Добриот тренер, неодамна дојден во клубот, постигна одлични резултати.
2. Белата куќа, близу училиштето, е најубава куќа во населбата.
3. Летоска бев во прекрасниот Охрид, древниот град крај Охридското Езеро.

***❒ Вежби за примена на знаењата***

● Напишете пет реченици во кои ќе употребите атрибут и апозиција.

● Пронајдете текстови од учебникот со атрибути и апозиции.

# *СТРУКТУРА НА СЛОЖЕНАТА РЕЧЕНИЦА*

☞ ***Повторете ги знаењата!***

Одделете ги простите и сложените реченици во извадокот.

„Го чита таа писмото и мисли. Го препрочитува таа писмото. Потоа седнува пред големата маса и почнува да пишува. Да му одговори на писмото негово. Почнува да одветува молчешкум.“

*(„Растока од шест утоки“ од С. Гулески)*

Сложената реченица содржи **најмалку** два прирока. Тоа значи дека нејзината структура ја сочинуваат **најмалку** две прости реченици.

❒ ***Споредете и заклучете!***

● Која е разликата во следните две сложени реченици во однос на подметот?

**1. Старецот** излезе во паркот и го повика внукот Јане.

**2. Екипите** се натпреваруваа, а **учениците** навиваа.

Простите реченици во составот на сложената реченица можат да имаат **заеднички** подмет, а можат да имаат и **различни** подмети.

● Од примеров кој следи ќе согледате што се тоа дел-реченици.

| **Татко му дојде од печалба,** | **но не донесе ништо** | **освен што беше болен.** |
|---|---|---|
| ↓ | ↓ | ↓ |
| дел – реченица | дел – реченица | дел – реченица |

Одделните прости реченици во составот на сложената реченица се нарекуваат **дел – реченици.**

## ❒ Задачи

● Напишете пет сложени реченици и поделете ги на дел-реченици.

(**На пример:** Штом влегоа гостите, таа излезе, и отиде кај баба ѝ.)

● Посочете ги сложените реченици во извадокот и определете ги дел-речениците.

„...Овие му раскажале дека еден се удавил денеска, но не знаат кој е.

Пејо ги прашал колкумина тргнале утрината и веднаш ја разбрал работата, но решил да ги насамари за нивната глупост, па им рекол:

– Лесно ќе провериме, џанам. Ајде легнете овде на песокот и забодете ги носевите во него. Колку дупки ќе направите – толкумина сте живи.

Легнале селаните, ги забоделе носевите во жешкиот песок и направиле по една дупка. Кога станале, почнал Пејо да ги брои – излегле девет!

Се израдувале селаните оти никој не се удавил и му дале на Пеја од рибите да му ја платат мудрата постапка, што открил дека се нема удавено ниеден од нив.“

(Народна приказна)

● Секој ученик пишува состав на тема „На часот по македонски јазик“. Потоа, во сложените реченици кои ги употребил ги одделува дел-речениците со цртичка. Изработките презентирајте ги на час, а од најуспешните состави направете ѕиден весник.



*Илустрација: Даниела Панчевска*

## ***ВИДОВИ СЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ***

● Постојат **две поделби** на видовите сложени реченици: **според меѓусебните односи на дел-речениците** и **според употребата на сврзниците.**

***❒ Запомнете!***

Кога дел-речениците во сложената реченица **не зависат една од друга,** се добива **независносложена реченица.**

**Примери:** 1. Наставникот зборуваше, а учениците слушаа.
2. Јана излезе и ја затвори вратата.

Кога една дел-реченица **е во зависен однос од друга дел-реченица** во сложената реченица, се добива **зависносложена реченица.**

**Примери:** 1. Не играа добро **зашто не беа подготвени**.
2. Тие ќе дојдат **штом ќе си отидат гостите**.

***❒ Размислете и заклучете!***

● Прочитајте ја реченицата, а потоа одговорете на прашањата по неа.

**Петре се приближи до Бојана за да ѝ го прочита писмото.**

● Од колку дел-реченици е составена?

● Која дел-реченица е зависна, а која дел-реченица е независна?

**Во зависносложените** реченици има најмалку **една главна** и **една зависна** дел-реченица.

**Главната** реченица може да стои и сама. **Зависната дел-реченица** ја дополнува главната и не може да стои сама.

| Секој ќе успее | ако вложува труд |
|---|---|
| ↓ | ↓ |
| главна реченица | зависна дел-реченица |

***❒ Запомнете!***

Сложените реченици можат да бидат **сврзнички** и **бессврзнички** во зависност дали дел-речениците се поврзани со сврзник или не се поврзани со сврзник.

**Примери:** Заврна силен дожд **и** сите побегнавме.
Дојдете утре - ќе подготвиме ручек.

***❒ Размислете и согледајте!***

● Разгледајте ја шемава и согледајте една важна особина на бесврзничките реченици.

| | |
|---|---|
| Најади се - ќе излезеш. | ➔ Најади се и ќе излезеш. |
| | ➔ Кога ќе се најадеш, ќе излезеш. |
| | ➔ Ако се најадеш, ќе излезеш. |

Содржината на дел-речениците во сложената реченица **може различно да се толкува.** Затоа тие **можат да се трансформира-ат во видови сложени реченици.**

***☞ Применете ги знаењата!***

● Определете ги дел-речениците во сложените реченици кои следат и посочете го нивниот вид (зависни и независни).

1. Таа ќе ја оствари целта ако биде упорна.
2. Ние многу се трудевме, па очекуваме успех.
3. Маја влезе, ги зеде клучевите и веднаш излезе.
4. Ако дојдат сите гости, ќе нема доволно места.
5. Ние ќе излеземе надвор кога ќе ѕвони.

● Дополнете ги простите реченици со две или повеќе дел-реченици.

1. Наставникот ги повика.
2. Зоран запеа силно.
3. Сонцето изгреа рано.
4. Кучето лаеше цел ден.

● Напишете две независносложени и две зависносложени реченици.

● Трансформирај ги бесврзничките реченици во сврзнички.
1. Дојдоа гости – бидете мирни.
2. Паѓа снег – сите ќе одиме на прошетка.
3. Научи убаво – излези надвор.
4. Упорен си, ќе имаш успех.

● Трансформирај ги сврзничките реченици во бесврзнички.
1. Кога ќе дојдам, ќе се договориме. (Дојди - ќе се договориме).
2. Ако станеш навреме, сè ќе сработиш.
3. Штом насадиш цвеќе, со љубов ќе ти врати.
4. Кога ќе дојде тато, ќе му донесе подарок.

# ВИДОВИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ

● Во македонскиот јазик разликуваме пет вида независносложени реченици: **составни, спротивни, разделни, исклучни** и **заклучни.**

● **Забелешка:** За овие видови реченици ќе учите на наредните часови, а за видовите зависносложени реченици во осмо одделение.

## СОСТАВНИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ

❒ *Размислете и согледајте!*

● **Што искажуваат** дел-речениците во сложените реченици кои следат?

● **Со кои сврзници** се поврзани дел-речениците?

● **Размислете** за интерпункцијата меѓу дел-речениците.

1. Седев на скалите пред влезот и се досадував. (Ј. М. – Георгиева)
2. Еден од тројцата крај огништето срипа и се упати кон нашата грмушка. (Ј. М. – Георгиева)
3. Нешто што јас го немам ниту сум го имал. (Ј. Бошковски)
4. Тоа го налути кадијата, та им подвикна. (С. Попов)

❒ *Заклучете!*

● **Составните независносложени реченици** искажуваат истовремени дејства **(првата реченица)**, дејства кои следуваат едноподруго **(втората реченица)**, одречни дејства **(третата реченица)**, дејства кои се последица на други дејства **(четвртата реченица)**.

● **Сврзници** за овие реченици се: **и, па, та, ни, ниту, не само, што-туку.**

● Пред сврзниците **и, ни, ниту** не се пишува запирка, а пред сврзниците **па** и **та** обично се пишува запирка.

● Кај составните реченици се јавува и сложениот сврзнички состав **не само што-туку** (ама, но, ами, и).

**Примери:**

Не само што не плачев, туку за мое изненадување не ми изби ниедна солза. *(В. Подгорец)*

Не само што дојдоа, ама и соседите ги донесоа со нив. *(Г. Петревски)*

Не само што го скара, ами баба – Мулон и му се налути. *(В. Подгорец)*

**☞ Применете ги знаењата!**

● Пронајдете ги составните независносложени реченици во извадокот.

„Но сонцето се извишуваше и полека почнуваше да ја намалува сенката, та некои луѓе се најдоа и на жештината. Човекот Хенро Болд, кој дотогаш молчеше, сега го слече палтото и си го стави на раката“.

*(„Нема смрт додека ѕвони“ од Д. Башевски)*

● Составете по една реченица со секој сврзник за составните независносложени реченици.

● Проширете ги (трансформирајте ги) речениците во составни независносложени реченици.

(**На пример:** Гоце не дојде. Гоце не дојде, ниту прати порака.)

1. Сонцето силно печеше.
2. Тренерот го викна.
3. Јане даде ветување.
4. Навистина сме немирни.
5. Ме исплаши тестот.
6. Дрвото расцуте во мај.

## СПРОТИВНИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ

**❒ Размислете и согледајте!**

● **Каков е односот** на дел-речениците во сложените реченици кои следат?

● **Со кои сврзници** се поврзани дел-речениците?

1. Гласот му беше тих, но во него треперeше една струна. (Ј. Бошковски).
2. Трајко претрпна, но не даде знак на возбуда, ами мирно одговори (С. Попов).
3. Прерано научив за страдањата, а радоста сè уште ја барам. (В. Подгорец).
4. Винцето ми е старо, ама не жалете го. (Ѓ. Абаџиев).
5. Не се смеам, велам јас, туку се радувам. (П. М. Андреевски).

**❒ Заклучете!**

● **Спротивните независносложени реченици** изразуваат спротивен однос меѓу содржините во дел-речениците.

● Сврзници за овие реченици се: **а, но, ами, ама, меѓутоа, туку.**

● Пред сите сврзници за овој вид реченици **се пишува запирка.**

Посакуваше велосипед, меѓутоа желбата не му се исполни.
Ги чекавме долго време, ама тие не дојдоа.

## ☞ *Применете ги знаењата!*

● Место сврзниците **туку** и **ами** не треба да ги употребувате **али** и **него.**

| | |
|---|---|
| **Неточно:** | Имаше боици, **али** ги заборави дома. |
| **Точно:** | Имаше боици, **ама** ги заборави дома. |

## ❐ *Задачи*

● Пронајдете ги спротивните независносложени реченици во извадокот.

„Снег немаше одамна, но пролетта беше рана. Тие трчаа по угорницата и од целата тишина ја слушаа само својата задишаност.

Дрвото не беше далеку, но земјата беше мека и ги смалуваше чекорите, а наоколу стоеше тишината на ридот со замреноста на градот долу...“

*(„Под усвитеност“ од Д. Солев)*

● Трансформирајте ги составните независносложени реченици во спротивни независносложени реченици.

1. Гледам низ прозорецот и не чекам никого. (Гледам низ прозорецот, но не чекам никого.)
2. Гласот не му затрепери ниту имаше трема.
3. Не ме повикаа, па и не отидов на забавата.
4. Наставникот не нè виде, та и не нè опомена.
5. Не ја чу критиката ни го интересираше таа.

● Составете по една реченица со секој од сврзниците за спротивни независносложени реченици.

## РАЗДЕЛНИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ

### А. Разделни реченици со *ИЛИ*

***❐ Споредете и заклучете!***

● **Какви дејства** се искажани во речениците кои следат? (Обрнете внимание на сврзникот.)

● **Што забележавте** во однос на интерпункцијата меѓу дел-речениците?

1. Нешто решаваа во себе **или** разговараа со себе. (Ѓ. Абаџиев)
2. Стариот тргна кон нив **или** така им се стори. (Б. Павловски)
3. Замолчи брзо **или** тие ќе те замолчат. (К. М. Руменова)
4. Ти имаш ум **или** немаш? (В. Подгорец)

● Со сврзникот **или** се искажува **втора можност** (алтернатива) за вршење на некое дејство.

● Разделните реченици со **или** ги изразуваат овие односи меѓу дејствата во речениците:

а) **дејства што не се исклучуваат** (Прати ја или дојди и ти со неа.)
б) **дејства што се исклучуваат** (Напиши писмо или јави се.)
в) **дејства како последица** (Научи добро или ќе добиеш слаба.)
г) **алтернативни прашања** (Ќе доаѓаш или не доаѓаш?)

● **Разделните независносложени реченици** со сврзникот **или** не се одделуваат со запирка.

### Б. Разделни реченици со повторени сврзници

***❐ Споредете и согледајте!***

● **Разгледајте ги** шемите и вочивте со какви значења се повторените сврзници.

**или - или** Или нека ги вратат, или ние не учиме. (С. Јаневски)
**било – било** Било да платеа данок, било да не платеа. (С. Попов)

**де - де** Децата де скокаат во водата, де нуркаат. (В. Подгорец)
**ту - ту** И така и куќите: ту ни поцрнуваат, ту ни побелуваат. (П. М. Андреевски)
**час - час** Лицето час ѝ бледнееше, час ѝ пламнуваше (В. Подгорец)

**ни - ни** Не знае никој ни кој сум, ни што сум. (Ј. Бошковски)
**ниту - ниту** Ниту историјата стои на едно место, ниту луѓето се исти. (Д. Башевски)

● **Речениците со повторени сврзници** имаат **повеќе значења:** за дејство како втора можност (**првата табела),** наизменично вршење на дејства (**втората табела),** одречно значење (**третата табела**).

● Пред сите повторени сврзници во разделните реченици **се пишува запирка.**

● Повторениот сврзник **ем-ем** е карактеристичен за **разговорниот стил.**

**Ем** ќе сме поблиску, **ем** ќе сме сомнителни. (В. Видичевски)
**Ем** научив добро, **ем** се збунив.

***Применете ги знаењата!***

● Составете разделни независносложени реченици со зборовите: молчи-зборува, стои-седи, работи-одмора, плаче-се смее, оди-лежи.

(Тој де молчи долго, де зборува премногу.)

● Дополнете ги речениците со разделни независносложени реченици.

1. Не разбра ни од часот. (Не разбра ни од часот, ни научи од учебникот.)
2. Не знаеше ниту од каде доаѓа.
3. Ем постојано доцниш.
4. Постојано исто: час доаѓа набрзина.
5. Ќе ве казнат било да се извините.

● Пронајдете текст во учебникот во кој ќе ги определувате дел–речениците во сложените реченици. Можете да организирате и натпревар по групи (која група најбрзо ќе ги подели сложените реченици).

## НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ ДОБИЕНИ СО НИЖЕЊЕ НА ДЕЛ-РЕЧЕНИЦИТЕ

### А. Исклучни независносложени реченици

***❒ Запомнете!***

Независносложени реченици **кај кои врската меѓу дел-речениците е полабава се нарекуваат исклучни и заклучни реченици.** Во нив една содржина (дејство) се надоврзува на друга содржина (дејство).

***❒ Размислете и заклучете!***

● **Со кои сврзници** се надоврзуваат дел-речениците во примерите кои следат?

● **Што воочувате** во интерпункцијата кај овие реченици?

1. Само што стасавме, јас ги оставив другарите. (И. Точко)
2. Тие ќе бидат твои, само да ја мениш верата. (С. Попов)
3. Мене никој не ме побарал, освен што се јави една старица. (В. Подгорец)
4. Уште е темно, само од другата соба слаба светлина приникнува. (Б. Конески)
5. Подготвивме сè за на река, единствено јас го заборавив сапунот. (В. Подгорец)

● **Сврзници** за исклучни независносложени реченици се: **само, само што, освен што, единствено, единствено што.**

● Меѓу дел-речениците во составот на исклучните независносложени реченици **се пишува запирка.**

### Б. Заклучни независносложени реченици

***❒ Согледајте!***

● **Со кои модални зборови** се поврзани дел-речениците во сложените реченици кои следат?

● **Што се врши** со модаланите зборови со кои се поврзани?

● **Воочете ја** интерпункцијата кај овие реченици.

1. Причина за неговата радост, значи беше мојот расказ. (В. Подгорец)
2. Ќе побрза ли есента, сигурно ќе гладуваш пролетта. (И. Точко)
3. Деви претрпна, веројатно го плашеше предавството. (В. Видичевски)

● Со модалните зборови **сигурно, значи, веројатно,** се изведува некој **заклучок.**

● Пред модалните зборови **обично се пишува запирка.**

***Применете ги знаењата!***

● Проширете ги речениците со заклучни независносложени реченици.

1. Ќе се подготвувам многу. (Ќе се подготвувам многу, сигурно ќе добијам петка.).
2. Вредно вежбаа секојдневно.
3. Отидоа на Охридското Езеро.
4. Повторно заврна силен дожд.
5. Ја купи неговата книга.

● Пронајдете ги заклучните независносложени реченици во извадоков.

„Двете екипи беа добро подготвени за натпреварот. Играчите излегоа на теренот, веројатно беа сигурни дека публиката ќе биде задоволна од финалниот меч. Двајцата играчи играа недозволено грубо и добија жолти картони. Сигурно беше дека судиите судеа чесно, значи ќе гледаме интересен натпревар. Така беше. Гледавме убав натпревар, играа нерешено, но најважно беше – публиката веројатно, ќе се врати на трибината".

(Од ученички состав)

● Составете по една реченица со сврзниците за исклучните независносложени реченици.

● Составете три заклучни реченици во кои ќе ги употребите модалните зборови: **значи, веројатно** и **сигурно.**

● Напишете по три исклучни и заклучни реченици според илустрацијата.



*Илустрација: Даниела Панчевска*

# РЕЧНИЧКИ СОСТАВ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СПОРЕД ПОТЕКЛОТО НА ЗБОРОВИТЕ

- **Лексика** значи речнички состав на еден јазик.
- **Зборовен состав** е термин со кој се означува **целокупноста на зборовите** што го претставуваат составот на еден јазик.
- Лексиката на еден јазик е област која постојано **претрпува промени** зашто таа мора постојано да се обновува и збогатува за да може јазикот да ги задоволи потребите на луѓето во комуникацијата.
- Зборовите во нашиот јазик можат да се поделат во две групи: **домашни** и **странски.**
- Најголем број зборови во лексиката на македонскиот стандарден јазик се од домашната лексика.
- Од долунаведената табела обидете се да ги објасните видовите зборови кои се составен дел од нашата лексика.

| Црковнословенизми | Дијалектизми | Неологизми | Интернационализми |
|---|---|---|---|
| успокои | чупе | компјутер | граматика |
| красота | бунела | хотел | квалитет |
| возвиши | панца | печатач | легално |

## ❐ *Да биде појасно*

- **Црковнословенизми** се зборови од словенските јазици навлезени во лексиката на македонскиот јазик (злодејание, евангелие).
- Зборовите кои ги користат луѓето од определена територија на еден јазик се викаат **дијалектизми** (там-таму, мојш-можеш)**.**
- **Неологизми** се новосоздадени зборови, навлезени во јазикот со: создавање зборови од сопствениот јазик (виножито), **со заемки од туѓи зборови** (телефон) и **со преосмислување на зборовите** (снег: на екранот).(За нив учеше во шесто одделение.)
- **Интернационализмите** се зборови кои се сретнуваат во повеќе стандардни јазици (театар, опера, декан, филозофија).
- **Турцизми:** боза, ќебап, сарма, баклава. Тоа се зборови од турскиот јазик од кои некои останале во нашиот јазик, а некои не е можно да се заменат.

## ❐ Вежби

● Препишете го текстот на тој начин што дијалектизмите ќе ги заменувате со зборови од литературниот јазик.

– При сѐ што не ми даваше честа да ти ја даам ќерка ми за невеста – му рекол царот на кназот – арно ама ти ме послуша и се научи занает за да можиш ќерка ми да ја раниш. Не оти за сега ти имаш нужда од занаат да се раниш, ами треба да знаиш оти веков је скала, та едни се качуаат, друзи слегуаат и осиромашуваат, а тие што имаат занат ни умираат ни пак оживуат, ами си живеат еснафски. Ете затоа те натерав, честити зете, да се научиш занаат, да после да ти ја даам ќерка ми.

(Народна приказна)

● Откако ќе ги прочитате текстовите, одделете ги зборовите кои не ви се јасни и со помош на наставникот и соодветен речник, пронајдете нивно толкување. Обидете се да дознаете повеќе и за нивното потекло (турцизми, дијалектизми).

„Што му дошол Црна Арапина,
што кондисал под Солуна града,
под Солуна, долу во ливади.
Глава има колку еден казан,
уши има колку два таруна,
очи има колку два шиника.
Он ми сака голема таина...“

* * *

„И одеа тие што одеа,
ги догледа кралот од дивани,
крал ја викна своја мила ќерка,
си ја викна на диван високи
и ја учи своја мила ќерка:
- Ај, ти тебе, ќерко Ангелино,
ај влези си шарена одаја,
да отклучиш шарена ковчега,
извади си рубо девојчинско,
промени се, лепи наружи се...“

(Народна песна)

# *ПРАВОПИС НА ОДДЕЛНИ ФОРМИ*

***Запомнете!***

**Правопис** значи правилна примена на правописните знаци и на правилата за пишување. Правилата во пишувањето треба да ги почитуваме и да ги применуваме, а со тоа **ја докажуваме и љубовта кон мајчиниот јазик и почитта кон него.**

***Применете ги знаењата!***

Досега сте проучувале повеќе правила за правописното изразување. Внимателно следејќи ги објаснувањата кои следат, ќе се потсетите на некои од нив, но и ќе ги проширите своите знаења.

● Во **минато определено несвршено и свршено време,** глаголите од **и-група** и од **е-група,** чиј **општ дел завршува на самогласка,** имаат наставка **– ја.**

**Примери:** (тие) кроеја, (тие) сееја, (тие) стоеја, (тие) потврдија, (тие) измија

● При образување на **заповедниот начин**, во второ лице множина, наставката **–те** се додава на основната самогласка**,** кај глаголите од **–и** и **–е-група.**

**Примери:** делете, везете, плетете, одете, толчете

● Често се греши во употребата на согласката **ј.** Треба да се нагласи дека **меѓу две самогласки**, не пишуваме **ј.**

**Примери:** брои, броите, ние, некои, свое, ничие, врие, жнее

● Се случува согласката **љ** да се пишува наместо **л;** но **љ** не се пишува ниту пред **ј.**

**Примери:** клуч, лут, билка, лупи, крилја, релјеф, илјада

● Согласката **њ** се пишува во наставките **–ње, -ња, -њак, -иња.**

**Примери:** бања, диња, бањарка, движења, корења, имењак, времиња

● Се греши и во употребата на согласката **в.** Во сврзниците **затоа**, **меѓутоа** и **потоа** не се пишува **в**. Исто така, во трето лице множина во минато определено време не се пишува **в** (зедоа, рекоа, беа, имаа).

***❐ Прочитајте и споредете преку задача!***

● На секоја клупа треба да има по еден Правопис на македонскиот литературен јазик. Со помош на наставникот и со работа во парови (двојки), пронајдете ги и читајте ги правилата за пишување на самогласките. Потоа споредувајте ги со најчестите грешки кои ги правите во писменото изразување.

● Секој ученик нека ја донесе тетратката во која ги изработувате писмените работи. Разговарајте за направените правописни грешки кои наставникот ви ги обележал.



*Илустрација: Даниела Панчевска*

# ЛИРСКИ ПЕСНИ

## СОЦИЈАЛНИ ПЕСНИ

***❒ Присетете се!***

- На колку родови се дели литературата?
- Кои се елементите на лирската песна?
- За кои видови лирски песни сте учеле до сега?
- Прочитајте ги следниве песни и споредете ја содржината со оние кои веќе сте ги учеле.

### *РАБОТНИК*

По земници влажни
ноќеви тежат,
а векови тажни
на срце лежат.

А брзам сабајле
и полн со гајле
у мугра да станам
лимњa да фанам.

Сè работа сакам,
по клубови акам,
а никој ме нејќе –
ех, стар сум веќе.

Сè така се молкнам
парталав – кален,
сè така го тегнам
животов жален,

а младост – црнина
по скелиња мина,
сè малтер си носев,
без стра се јазев.

А сега ме свило –
злото ме пие
и драго и мило
без ден ќе згние.

До кога ли вака
шепот без екот?
Па доста сме браќа,
робја на векот.

Од матен ни поглед
да молсне веда
да стокмиме довлет
за наш´те чеда.

***Коле Неделковски***



*Томо Владимирски,*
*Портрет на работник*

## ЖЕТВА

...Се собрале, се набрале, ој Јано, Јано
сите моми малинкови, ој Јано
ќе си одат пусто поле на жетва,
да си жнеат таа бела пченица...
... ... ... ... ... ...

...Широко поле кочанско
бела пченица сум жнеало,
пченица шесторедица,
трошка сум лебец не јало,
капка сум вода не пило...

*Народна песна*

## ПЛАДНИНА

...Пладнина, мајко пладнина,
да знае бегот правина,
ручек би ми донел
кај таа вода студена
кај таа трева зелена...

***Народна песна***

### ❒ Разговараме

- Каква мака му лежи на срцето на работникот опеан во песната од Коле Неделковски?
- Каде оди наутро тој и со каква мисла?
- Зошто никој не сака да го вработи?
- Како изгледал работникот?
- Каде му минала младоста?
- Каква мисла му се рои во умот?
- Зошто работникот се споредува со роб?
- Што симболизира ведата (молскавица) во очите на страдалникот?
- Зошто народниот пејач полето каде што жнее го нарекува „пусто“? (Во песната "Жетва")
- Каков е односот кон жетварите?
- Во какви услови се одвивала жетвата?
- Во кои делови од песната ја воочивте нееднаквоста меѓу луѓето и нечовечниот однос кон трудот на работниците?
- Споредете го јазикот на кој се напишани народните песни со оној од песната на Коле Неделковски.

Пронајдете сличности и разлики.

❒ *Запомнете!*

Во **социјалните песни** поетите ги искажуваат своите мисли и чувства за неправдите кои ги доживуваат угнетените и експлоатираните работници.

**Мотивите** во нив се: социјалната нееднаквост меѓу луѓето, бедата во која живеат сиромашните работници, неправдата да работат многу, а да заработуваат малку, желбите на поетите за подобар живот на оние кои живеат од својот труд.

Често во песните своето страдање ги искажува и поетот зашто и тој е дел од нив, па затоа со посебна емотивност пее за онеправданите, а со презир кон угнетувачите залагајќи се за подобар живот.

Во **македонската литература** социјални песни пишувале: Кочо Рацин, Коле Неделковски, Константин Миладинов, Рајко Жинзифов и други поети.

## *За авторот*



● **Коле Неделковски** е роден во с. Војница, Велешко во 1912 година во сиромашно семејство. По завршување на основното образование, поради сиромаштијата, бил приморан да го прекине школувањето и да учи занает. Кај него желбата за литература се јавила во најрана возраст. И покрај борбата со тешкиот живот, нашол време да ги воспее своите чувства на љубов кон родната земја, кон работниот народ и копнежот за слобода. Објавил две стихозбирки **„Молскавици“** (1939) и **„Пеш по светот“** (1940). Стапил во првите борбени редови против фашизмот, а се дружел и со Кочо Рацин. Загинал на 2 септември во 1941 година како член на диверзантска група.

### ❒ Задача

● Прочитајте ја песната „Денови“ од поетот Кочо Рацин и пронајдете ги сличностите во содржината со претходно анализираните песни. Посочете ги изразните средства и дискутирајте за композицијата на песната.

## ДЕНОВИ

Како на вратот ѓердани
ниски камења студени
така на плешки денови
легнале та натежнале.

Денови ли се – денови
аргатски маки големи!

Стани си утре порано
дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси
навечер тага донеси –

ај, пуст да е, пуст да би
останал живот кучешки!

Роди се човек – роб биди
роди се човек – скот умри,
скотски цел живот работи
за други, туѓи имоти.

За туѓи бели дворови
копај си црни гробови!

За себе само ргај си
за себе маки тргај си –
нижи си ѓердан денови
нижи си алки ковани,

нижи си синџир железен
околу вратот навезен.

***Кочо Рацин***

### ☞ Проверете ги знаењата!

● Пронајдете и анализирајте, содржински и композициски, уметнички и народни социјални песни. Презентирајте ги своите белешки на час.

# ЛИРСКО-ЕПСКИ ТВОРБИ

## *ЕЛЕГИЈА*

● Додека ја читате песната, размислете какви чувства преовладуваат во неа.

● Запишете ги зборовите кои не ги разбирате.

### *МАЈКА АНГЕЛИНА СИ ЈА ТАЖИ СВОЈАТА ЌЕРКА*

Леле, леле јас сирота,
јас сирота од господа,
да ми умре Разделина.
Немој ќерко, немој слатка,
немој, ќерко, не кандисуј,
да оставиш твоја мајка
за да биди кукавица.
Немој ќерко, немој слатка,
не предавај твоја младост,
за да влезеш в црна земја:
црна земја е студена,
таму има црна змија,
црна змија троглава,
ќе ти пие твојте очи;
таму има многу црви,
ќе ти јадат твојта снага,
твојта снага фиданлија.
Ти се молам, Разделино,
поврати се уште еднаш
откај што си кинисала,
нажали се, поврати се,
немој оди друг вилает,
оти, ќерко, којшто ошол,
којшто ошол, не се вратил.
Оти ти си многу болна
и не можиш да доодиш.
Послушај ме, златна ќерко,
тебе мајка не те лажи.
Проговори уште еднаш,
и на мајка да и кажиш
кај те боли твое срце,
твое срце отруено
од пустине горки билки;
дали од нив ти се згнаси,
да што си се намуртила?

***Народна песна***

● Објаснете ги зборовите кои не ги разбравте со помош со наставникот или побарајте ги во Речникот на непознати зборови (во учебникот).

● Каква случка е опејана во народната песна?

● Каков тон и расположение преовладува во песната?

● Кои белези на народното творештво ги воочивте во песната?

***❒ Запомнете!***

● Лирска песна во која се опеани тажни чувства и расположенија се вика **елегија**. Името го добила од грчкиот збор **elegion** што значи тажаленка. **Причини за тажните расположби** на поетот можат да

бидат: смртта на некој близок, жал за младост, загубена љубов, посакувана среќа, осаменоста. Во елегиите се опејуваат **тажни чувства** поради состојбите во татковината, изгубената слобода и сл. Елегии **во македонската литература пишувале:** Кочо Рацин, Коле Неделковски, Ацо Шопов и други автори.

**☞ *Проверете ги знаењата!***

● За да ги проверите знаењата за елегиите, прочитајте ја следнава песна и анализирајте ги: мотивот, поетските слики, изразните средства и јазикот на кој е напишана.

## *ЕЛЕГИИ ЗА ТЕБЕ*

1

Вчера си пројдов наминав
низ таја гора зелена
под тија буки високи
под ќилим сенки широки.

Одев со глава замаен
наведнат, мртов, зачмаен,
одев со грутка на срце
и каракамен на гради.

Деј гиди горо зелена!
Деј гиди водо студена!
Пилците пеат – ти плачеш
сонцето грее – ти темнееш!
Ако ги криеш коските
на дели млади јунаци,
тука што лежат по тебе
зад тија темни дубрави,
зошто ги таеш песните?
Зошто под тебе дрвјата
и на дрвјата гранките
и на гранките лисјата
шумолат скришно таговно?

2

Таму горе на небото
зора руди, земја буди,
ден морави шири крила
и алова точи свила;
таму зора црвенее,
мое срце ми венее.
Ископајте длабок бунар
извадете ладна вода
натопете лути рани
да не горат, да не болат.

Зоро златна и румена!
Зоро слатка посестримо!
Ти изгреваш надалеку,
дали еднаш ќе изгрееш
силно, силно, дури милно
над долови и над гори
над полиња и над реки
над мојата татковина?

3

Исцедете, ограбете
пот и труд, и меса голи,
Уста пуста затворете
Да не каже оти боли.

Очи црни ископајте
да гледаат не давајте,
раце машки прекршете
срце луто наранете.

Угаснете и светлини!
Мрак да биде – каракамен!
Има, има в темнината,
нешто живо пак да свети:
има болки во душата,
има души наранети.
Болка боли – болка гори
болка  пече, душа мори.
А болката кога свети,
тешко, тешко, тешко клети!

***Кочо Рацин***

● Пронајдете и анализирајте елегии од други автори. Споредете ги и дискутирајте за нивните особености.

***❒ Бидете креативни!***

● Напишете стихови, (секој ученик ги одбира мотивот и насловот по сопствена желба) во кои ќе искажете елегични чувства. Направете презентација од најуспешните творби.



Национален парк Галичица

# БАЛАДА

**❒ Подгответе се за час**

● Прочитајте ги песните и разговарајте како ги доживувате настаните кои се опеани во нив.

● Запишете зборови или изрази што не ви се јасни, а потоа објаснете ги заеднички.



## БАЛАДА ЗА ПРАДЕДОВСКАТА ПУШКА

1.

Негде в земја, под гол камен, в осамена јама волча,
притаена, закопана прадедовска пушка молчи.

2.

Ја закопал една вечер прадедо ми челник – Јане
со воздишка: „Ех, да можам за последен бој да станам!“

3.

Кумитата едно лето в зајдисонце завек зашол,
по дваесет лета син му под див коров пушка нашол.

4.

Арамија и тој станал – и брат роден бил на рисот,
за внуците свои идни биел битка на сто висој.

5.

Од колено на колено со години било така,
и пушката одмаздница во моја се нашла рака.

6.

Јас со неа атакував, како знаев водев чета,
недораснат, неизраснат под истрел го менев светов.

7.

Денес – кога од врв копје победничко грее знаме,
бунтовната лута пушка пак молчи под студен камен.

8.

Притаена, затраала – пепел станал врагот темен,
но пак еднаш, ако треба, за бој син ми ќе ја земе.

***Славко Јаневски***

## ***ЗАЉУБИЛЕ СЕ ДВЕ ЛУДИ МЛАДИ***

Заљубиле се, душо две луди
млади,
две луди млади, две аџамии,
не ми умеат как да се љубат:
мома ја љуби со црни очи,
лудо го љуби со сувогрозје.
Ми ги дочула кучка маштеа,
та ми отишла на нови пазар,
та ми купила горка вода,
та ми отрула две луди млади.
Лудо ми умре кун пладнината,
мома ми умре кун квечерина.
Та ми дочула кучка маштеа,
та ми прегнала четворна кола,
та ги однесла меѓу два друма;
мома закопа меѓу два друма,
лудо закопа меѓу три друмје.
Мома излезе долга лозница,
лудо излезе црвен трендафил.
Одошто љубов што си имале,
мома ми пушти лоза кун лудо,
лудо ми пушти мишка трендафил,
мишка трендафил кун мала мома.
Одошто љубов што си имаа,
двајцата млади ми се здружија.
Пак си дочула кучка маштеа,
та си отишла дури дома е,
и та си зела остроно сорче,
та ми отишла меѓу два друма,
та ми исекла долга лозница;
пак си отиде меѓу три друмје,
та ми исекла црвен трендафил.
Та ми отишла дури дома си,
та ми запали два силни огна,
та ми изгоре долга лозница,
та ми изгоре црвен трендафил,
та ми се стори белана пепел.
Та ја собрала белана пепел,
та ја фрлила во градинчето;
та ми излезе рамен босиљок,
што ми го носат све јуначиња,
све јуначиња под фесоине,
а девојкине под пазуине,
а дечињана во рачињана.

***Народна песна***

### ❒ Размислуваме, разговараме

- Зашто поетот вели „прадедовската пушка молчи“?
- Како се пренесувала традицијата на прадедото Јане?
- Кој сè ја користел пушката?
- Каква е нејзината судбина денес?
- Каква разлика во содржината откривте во споредба со народната песна?
- Каков настан опеал народниот пејач?
- Кој се спротивставил на љубовта на младите?
- Што сè сторила маќеата да ја уништи среќата на двајцата вљубени?
- Во што се олицетворувала љубовта на момчето и на девојката?
- Кои лирски, а кои епски елементи ги откривте во песните?
- Анализирајте ја структурата на песните и определете ги сличностите и разликите.
- Кои стилски фигури ги откривте во нив? Посочете ги стиховите во кои ги воочивте.
- Прераскажете ги содржините на баладите.

### ❒ Заклучете!

- **Балада** е лирско-епска песна со **епски и лирски елементи** која со многу чувства **опева некој настан** кој често **завршува трагично.** Лирските елементи се врзани со емоционалноста, а епските со раскажувањето настан со драмска напнатост. Во основа на баладата обично е судир на спротивности, на пример, љубовта и добрината како жртви на злото и омразата. Сепак, над сè останува надежта која никогаш не умира.

### ❒ Научете повеќе!

- Баладата се јавила во XV век во средновековната литература а името потекнува од италијанскиот збор **BALARE** што значи **играм.** На почетокот била весела песна придружена со игра и музика. Баладата може да биде уметничка и народна. Во македонската литература бала-ди пишувале: Кочо Рацин, Ацо Шопов, Блаже Конески, Славко Јанев-ски и др.

**☞ Проверете ги знаењата!**

● Прочитајте ја и анализирајте ја песната од Кочо Рацин опфаќајќи ја содржината и структурата. Поделете се во три групи и откријте ги: мотивот, поетските слики и стилските фигури. Потоа анализирајте ги: римата, ритамот, структурата на строфите, особеностите на јазикот и специфичните зборови. Сработеното презентирајте го и дискутирајте. Направете споредба со веќе анализираните елегии и најдете сличности и разлики.

## БАЛАДА ЗА НЕПОЗНАТИОТ

Натаму – в поле битолско
чемрее врба проклета –
под врбата незнаен гроб,
в гроб лежи војник непознат.

Лежи от војна световна,
лежи – веќе земјосал –
силна го тага изела
за дека тука загинал.

Никој крај него немаше –
вишното небо врз него,
земјата скришна под него –
над гробот врба стушена.

А таде – в гори зелени
в сума гробишта лежеа
делии – отбор јунаци
за татковина паднати.

В полноќ се над ним дрвјата
од жалба силна свиваа –
горските бистри езерца
в силна светлина светеа.

И от ним – самовилите
една по една идеа –
от гроб до гроб го дигаа
јунак до јунак – на оро.

И кога сите минеа
покрај врбата стушена –
делии се запираа
незнаен брат си викаа:

„Ја стани, море, јабанец
на оро со самовили!
Зора се зори – петлите
скоро ќе в село пропеат!“

А тој от гробот тепкаше
дума врз дума чемерна: -
„Минете, браќа, врвете,
не сум ви лика – прилика!

Кој умрел за татковина
и за човечки правдини –
каде вас, братко, не гинел,
со вас до векот живеел.

Вие му песна пеете,
вие го с песна жалите,
така се сите раѓате
и така си умирате!

А тука – зошто паднаф ја?
зошто ме куршум прониза,
зошто ме земја притисна –
за кого лудо загинаф?

Кажете, браќа, кажете,
кажете – па поминете –
мене ме ништо не дига,
моата смрт е – карасмрт!“

Делии глави веднеа,
немаа самовилите –
тешко на тиа, горко им
така што гинат на војна!

Немеа – туку петлите
в селото веднаш писнаа –
самовилите в горите
с делии в раци лиснаа!

Пусто остана полето,
пусто зазори зората –
чемрее в поле врбата,
чемрее – тажи непознат.

***Кочо Рацин***

## *За авторот*

● Кочо Рацин е роден во Велес во 1908 година, во сиромашно грнчарско семејство. Вистинското име му е Коста Апостолов Солев. Бидејќи немал материјални средства, по завршувањето на првиот клас го напушта школувањето и работи на занаетот на татка си како грнчар.



Рацин покажувал голема љубов кон книгата. Затоа, на таванот, на свеќа, читал по цели ноќи. Во 1934 година власта ја открива групата во која работел Рацин. Осуден е на четири години затвор, а казната ја издржува во затворот во Сремска Митровица.

Во 1938 година, во Самобор, близу до Загреб, Рацин ја објавил збирката песни **Бели мугри** на македонски јазик. Појавата на **оваа стихозбирка има големо значење за современиот македонски литературен јазик**.

За време на окупацијата Рацин бил интерниран во Бугарија, а по враќањето отишол во партизани.Во 1943 година трагично загинал.

Рацин е **социјален** и **револуцинерен** поет.

Покрај збирката **Бели мугри**, Рацин оставил и неколку други недовршени дела: романот **Афион**, поемата **Јане Сандански** и неколку раскази и студии.

## РОМАНСА

- Читајќи ги песните, размислувајте какво било расположението на нивните автори при опејувањето на чувствата.
- Запишете ги зборовите кои не ги разбирате.

### ПИТАЛ ЈА СТОЈАН БОЈАНА

Питал ја Стојан Бојана,
питал ја за три години
мајка ѝ не ја даваше,
Бојана ми го сакаше
ми стана бела Бојана,
ми влезе земни керали,
отклучи ковчег шарени,
бело си рубо изваде,
и лепо ми се промена,
си посла рамни дворои,
си посла мека постела,
легна Бојана да спие
од нафал ми е умрела.
И ја догледа мајка ѝ ,
расплете коси над неа,
викна си таги по неа.
Браќа ѝ лепо говорат:
„Мајко ле, мила мајко ле!
Да појме в гора зелена,
да зејме змија лутица,
и ѝ кладоа в пазува,
пак Бојана не мрднала!
Пак ѝ говорат браќа ѝ :
„Мајко ле, мила мајко ле!
да зејме живи јаглени,
а ѝ кладиме в пазува,
ак е од нафол умрена,
Бојана ќе се разбуди“.
Зедоа живи јаглени
и ѝ кладоа в пазува,
пак Бојана не мрднала!
Пак си говорат браќа ѝ:
„Мајко ле, мила мајко ле!
Да го викнеме Стојана,
ак е од нафол умрена,
Бојана ќе се разбуди“.
Тој се ведна над неа,
ѝ сегна в пазува,
Бојана ми се разбуди.
Бојана лепо говори:
„Мајко ле, мила мајко ле!
Што бев си лепо заспала“.
„Ќерко ле, мила ќерко ле!
Кога ти змија кладовме,
как не те змија изеде?
Кога ти оган кладовме,
как не те оган изгоре?“
„Мајко ле, мила мајко ле!
кога ми змија кладовте,
как да ме роса оброси,
кога ми оган кладовте,
как да ме сонце огреа“.
„Бојано, ќерко Бојано!
Кога ти сегне в пазува
како не ми се уплаши?“
„Мајко ле, мила мајко ле!
Зашто ми сегна в пазува
со него да се ќердосам“.

***Народна песна***

## ВЕЧНА ЉУБОВ

Полу срце, полу камен –
бев некогаш јас:
полу студ и полу пламен
мојата крв и страст.

Но, каменот ти го стори
да изгори сет,
и срцето преку гори
да развие лет.

Да одлета кон светлоста,
кон небо и рај
кон зората, кон радоста,
кон вечниот мај.

Да одбере негде за нас
некој убав кат,
за љубовта мирно место
под сводот ни злат.

И Бога го моли тамо
и во овој час:
да ми прости зашто вечно
ќе те љубам јас.

***Јован Јоановиќ Змај***

### ❐ Размислете, разговарајте!

- Објаснете ги зборовите кои ги забележавте како нејасни. (Побарајте во Речникот на непознати зборови).
- Која тема доминира во двете песни?
- Каков настан е опеан во народната песна?
- Што сториле блиските на Бојана за да ја оживеат?
- Кој бил лекот за Бојана?
- Како завршува љубовта меѓу младите?
- На каков начин се слави љубовта во оваа песна?
- Какви чувства се испреплетуваат во народната песна?
- Кои хумористични елементи ги откривте во народната песна?
- Анализирајте го развојот на дејството во песната!
- Посочете ги лирските и епски елементи во народната песна.
- Кои елементи се слични во содржините на двете песни?
- Определете ги поетските слики во песната „Вечна љубов“.
- Какви чувства преовладуваат кај поетот Ј. Ј. Змај на почетокот, а какви на крајот од песната?

### ❐ Запомнете!

**Лирско-епска песна**, често хумористична, со ненадејни пресврти во дејството и со неочекувани решенија, се вика **романса.** Во неа **доминира темата за љубовта** која по низа перипетии се остварува. Овие песни ја слават љубовта со многу ведрина, духовитост и имаат среќен крај.

**☞ Проверете ги знаењата!**

● Анализирајте ја содржината на народната песна „Јанка Влахинка“ откривајќи ги лирско-епските елементи и изразните средства. Разговарајте за развојот на дејството.

## ЈАНКА ВЛАХИНКА



Прочу се Јанка Влахинка
дури до Стамбол коприна,
со хубавина не толко,
ја со работа три толко.
На ден везе по махрама,
на ноќ преде по кошула.
Ја дочу Марко трговец,
па ми се чуди, двоуми
како да Јанка измами.
На мајка си ѝ говори:
– Мале ле, стара мајчица!
Што ми се е мома дочула
со хубавина не толко,
ја со работа три толко.
На ден везе по махрама,
на ноќ преде по кошула.
Как да ја, мајко, измамам? –
Мајка му тихо говори:
– Сину ле, сину ле, млад Марко!
И това ли кахар береш?
Прекупи си чиста свила
и клабодан срмајлија.“
Сите ќе дојдат да купат,
Јанка ќе Влахинка да дојде. –
Како го мајка научи,
си прикупи чиста свила
и клабодан срмајлија.
Пушти гемија по море,
Извикна Марко, провикна:

– Елате, свила евтина! -
Сите девојки дојдоха,
нема  е Јанка да дојде.
Па ми се чуди млад Марко
што нема Јанка да дојде!
Кога вечер над вечер,
ето ја Јанка кај иде
со данаесет робинки,
со тринаесет алајки.
Робинки ѝ  поли крепеха,
алајки  ѝ  друм метеха.

Оддалек иде и вика:
Трговец, млади трговец!
Тргни гемија на сухо,
свила  да одбереме. –
Ја Марко ли ѝ  говори:
– Мене ме мајка заклела
надвор  гемија да не вадам. –
Па си измами Јанинка,
она  си влезе в гемија
и Марко тегнал гемија по море,
и си грабна Јанинка.

***Народна песна***

### ❒ *Домашна задача*

● Прочитајте и други романси од народното творештво. Прераскажете ја нивната содржина, анализирајте ги ликовите, нивната досетливост и духовитост. Обрнете внимание на народниот јазик. Пронајдете карактеристични зборови напишани на дијалект и објаснете ги.



# СТИЛСКИ ФИГУРИ

## *РЕФРЕН*

● При читањето на песните размислете зошто некои стихови се повторуваат.



### *СМЕШЕН НАСТАН НА УЛИЦАТА*

По нашата улица
протрча виулица.

До тротоарот дрвјата се свија,
заличија на смешни животни
кога вода на потокот пијат.

По нашата улица
протрча виулица.

Една шапка пред себе крена,
по неа трчаа долго
чичко еден и една жена.

Но, шапката личеше на птица
изморена и гладна
пред една врата падна
потоа скокна на телефонска жица.

Оттаму гледаше
како на нашата улица
трча смешна виулица.

***Србо Ивановски***

## ВЕТАР

Ги гониш леталата по височините
и птиците небесно во далечините,
те слушам секаде кај што се јазиш
и како по тревата полека газиш,
ој, ветре, ти дуваш вазден
и пееш со глас ѕвезден.

И гледам секогаш правиш нешто,
но и секогаш се криеш вешто.
Те слушам како се ближиш, идиш,
но никој не може да те види,
ој, ветре, ти дуваш вазден
и пееш со глас ѕвезден.

Ти толку силен и студен што си,
млад ли си, стар ли си? Кој си?
Да не си ѕверка в поле што шета
или си некое безгрижно дете?
Ој, ветре, ти дуваш вазден
и пееш со глас ѕвезден.

***Роберт Луис Стивенсон***

***❒ Размислете, одговорете!***

- Кој е мотивот во песните?
- Какви поетски слики откривте во нив?
- Како се опеани виулицата и ветрот? На што се мисли?
- Кои изразни средства ги откривте во песните?
- Посочете ги стиховите во кои ги воочивте.
- Прочитајте ги стиховите во песните кои се повторуваат. Со каква цел авторот го направил тоа?

***❒ Запомнете!***

● Повторувањето на еден или повеќе стихови во една песна се вика **рефрен**. Некогаш се повторува и цела строфа. Со рефренот **се засилува емоционалноста** на лирската песна и придонесува **да се поттикне музикалноста**, односно ритамот во неа.

### ☞ Проверете ги знаењата!

● Прочитајте ги народните песни кои следат и согледајте ја улогата на рефренот во нив. Потоа анализирајте ја содржината, структурата на стихот и на строфата. Доколку сте во можност, презентирајте и музичка верзија од наведениве песни.

## АЈДЕ МИЛКЕ ДА БЕГАМЕ

Ајде, Милке, да бегаме
в наше село Малешево.

Милкано, мори моме убаво,
Милкано, бре невесто калешо.

В наше село Малешево
од три страни сонце грее.

Милкано, мори моме убаво,
Милкано, бре невесто калешо.

Од три страни сонце грее,
од четврта месечина.

Милкано, мори моме убаво,
Милкано, бре невесто калешо.

***Народна песна***

## МАКЕДОНСКО ДЕВОЈЧЕ

Македонско девојче,
китка шарена,
во градина набрана
дар подарена.

Дали има на овој бели свет
поубаво девојче од Македонче.
Нема, нема не ќе се роди
поубаво девојче од Македонче.

Кога коси расплете
како коприна,
лична е и полична
од самовила.

Дали има на овој бели свет
поубаво девојче од Македонче.
Нема, нема не ќе се роди
поубаво девојче од Македонче.

Кога песна запее
славеј натпее,
кога оро заигра
срце разигра.

### ❒ Индивидуална работа

● Пронајдете народна песна во која има рефрен. Анализирај те ги: мотивот, поетските слики, структурата, јазикот и изразните средства.

### ❒ Истражувајте!

● Пронајдете музичка верзија на народна песна со рефрен, послушајте ја на час и дискутирајте за визуелните и аудитивните елементи, за римата и за изразните средства.

## АПОСТРОФА

● Прочитајте ги песните и размислете кому и со каква цел се обраќаат поетот или народниот пејач.

### МОЈАТА НЕНАПИШАНА ПЕСНА

Ој, златна рипко, што нигде те нема,
ќе влезеш ли еднаш во моиве мрежи?
Ќе допрам ли еднаш до тајната твоја,
каде ми бегаш, каде ли лежиш?

Можеби си таму, зад темната гора,
можеби под облак, орел кај што лета,
или, пак, недостижна ќе останеш скришна
на некоја уште незнајна планета?

Ми се чини дека некогаш си близу
и в уво ми ѕуни твојот сребрен стих,
потоа се будам, а тебе те нема,
се губиш слеана ко плашлива птица,
песно, мечто моја, недофатна ѕвездо!

Те гонам, те барам низ простор и време,
а ти ми бегаш ко ветерче лесно.
И знам, ќе немам јас средба со тебе,
моја најубава, неродена песно!

***Глигор Поповски***

**❒ Размислуваме, разговараме!**

- Со кого ја споредува авторот својата ненапишана песна?
- Каде ја бара инспирацијата за творбата?
- Што му се присторува додека ја твори?
- На каков начин ѝ се обраќа поетот на песната?
- Откријте ги учените изразни средства.

**❒ Запомнете!**

● Обраќањето на поетот кон неживи нешта, кон предмети и личности, или кон апстрактни поими како кон живи суштества, се вика **апострофа.**

● Употребувајќи ја апострофата поетот **го оживува** односот кон предметите или личностите кои не се со него и така неговиот однос станува непосреден, топол и близок што ќе го согледаш во наредните песни.

- Направете содржинска и структурна анализа на песниве.

## РОДНАТА КУЌА

Еве ја мојата куќичка ниска,
на срце топла, мила и блиска!
На крај селото ти си се скрила,
куќичке моја, драга и мила!
Над тебе леко чадот се вие,
колку убаво во тебе ми е!

Дворчето мало, гумното чисто,
крај тебе тече поточе бистро...

Волшебни сказни тука сум слушал,
со тиха трепет и мила душа.

Топло ме влече родната стреа,
дојдов кај тебе срце да згреам!

Куќичке мила, со малата врата,
за мене ти си како палата!!!

***Ванчо Николески***

## ПЕСНА ЗА СОНЦЕТО

Така прекрасно светиш на небесниот врв
ти, Сонце на животот,
што прво започна да живиш.
Во мугрите на исток засветуваш
и целата земја со светлина ја
опсипуваш.
Убаво си и силно, над сите царства лебдиш,
твоите зраци го грлат цел свет
што силата твоја го создаде.
Далеку си, а зраците сѐ до земјата
ти стигнуваат, на лицето си од сите луѓе,
но патот не можат да ти го следат.
Кога на запад ќе легнеш да се одмориш,
цел свет е во мрак како во смрт;
во сон лежат луѓето со вжештени глави,
едното око не го гледа другото.

***Народна песна***

❒ *Вежба за на час*

● Во следниве песни откријте ја апострофата и анализирајте ги нивната содржина и структура.

### *КРАЈ ИЗВОРОТ НА ВАРДАР*

Незапирлив брзаку,
бигори стари од пазуви
исфрли,
во пенливи води твои
капнати солзи стопи,
со песна од камен исклесана
бели брегови направи.

Низ бучноста, слушаме,
рика постоењето твое,
низ пенливите јазици
се раѓаш и вишнееш,
во твоето студенило меко
издржливоста да си ја мериме,
со синилото прозрачно
душата си ја стоплуваме,
со крупните зрна вода
жедта си ја гасneме.

Денес покрај тебе
патот нè доведе,
врутоку, водонеистечен,
извору солзобисерен,
како да те наречам,
каков збор да изнајдам
во песнава да те посветам.

***Славка Арсова***

### *БИСЕРА*

Бисеро моме, Бисеро,
шчо носиш бисер на грло?
Твоето грло хубаво
и от дробнаго бисера
хилјада пати побело.

Бисеро моме, Бисеро,
зашчо со бисер покриваш
твоето грло хубаво?
Ја неќу бисер да баца
тук сака твоето грло.

Бисеро моме, Бисеро,
за кого низиш бисерет?
За кого готвиш дарои?
Ја дарои бисер не сака
тук сака мома Бисера.

„Бисеро, моме Бисеро!
Даљ си у бахчи растена,
Даљ си од бога дадена?“
„Не сум од бога падната,
Тук сум од мајка родена“.

***Константин Миладинов***

*Од Зборникот на Миладиновци*

❒ *За дома*

● Напишете поетски творби со мотив за кој ќе се договорите на часот; употребете апострофа и презентирајте ги на наредниот час со рецитирање.

## За авторот



● **Константин Миладинов**, еден од најзначајните македонски поети од XIX век, е роден во Струга, 1831 година. Желбата за наука го понела младиот поет кон Москва – средиштето на словенската наука во тоа време. Таму останал неколку години изучувајќи словенска филологија. Годините поминати во Москва биле исполнети со неспокојство и тага за родниот крај.

На враќање од Москва, Константин дознал дека турските власти го затвориле неговиот брат Димитрија со желба да го ослободи, тргнал кон Цариград, а властите го затвориле и него. Во 1862 година, непосредно еден по друг, двајцата браќа умреле во затворската ќелија.

Со својата просветителска работа и со собирањето и издавањето на народните умотворби, Константин и Димитрија одиграле огромна улога во будењето на националната свест кај македонскиот народ. Објавиле и Зборник со македонски народни песни, во Загреб, 1861 година.

Константин Миладинов се смета за **основоположник на македонската литература.**



## ХИПЕРБОЛА

● Додека ја читате народната песна, воочете кои поетски слики се нереални.

### ДИМО И ЗМИЈА ГОЛЕМА

Хубава, Стано Видинко!
Дали си чула, разбрала?
Излегла змија голема
под рамно поле Видина,
кога се змија исправа,
колко две тенки тополи,
кога се колач виеше,
колко две гумна широка.
Нези ѝ таин давaха
до три фурни вруќа леба,
до три бочви рујно вино.
Таин ѝ нези даваха
по три девојки хубави.
Па змија си хабер праќаше:
- Тај таин, што ми праќате,
мене не ми стигаше. –
Па ми се чуди видински паша
как да ја змија утепа?
Пашата телал личеше,
голема крчма даваше,
девет дуќани на сухо
и уште ми даваше
девет гемии по море,
кој ќе ми се јунак најде
змијата да ја утепа.

Никој ми се не наима,
се наил Димо Кехија
змијата да ја утепа.
Опашал Димо, опашал
девет појаси алови,
закачил, Димо закачил
девет пиштоли сребрени.
Си јахна коња добрего
стара му мајка говори:
- Кеј ќе идеш, Димо?
- Ќе идам, мајко ќе идам,
излегла змија голема
на рамно поле Видинско.
Никој ми се не наима,
ја сиромах, мајко, ја се најми
змијата да ја ударем.
Така си Димо стана, отиде.
Оддалек иде и вика:
- Излези, змијо голема
ја су таин донело
девет пиштоли сребрени,
до девет сабии златено. -
Едноч си махна, ја удри,
змијата ја утепа.

***Народна песна***

**❒ Разговарајте!**

● Како е опишана змијата во народната песна: реално или нереално?
● Што порачувала змијата за јадење?
● Како реагирал пашата?
● Опишете го Димо во намерата да се пресмета со змијата.
● Што му порачала мајка му?
● Како се справил со змијата?

**❒ Запомнете!**

● Стилската фигура со која се зголемуваат (преувеличуваат) нечии особини и интензитетот на дејството, се вика **хипербола.** Таа се употребува **со емоционално значење**, а наоѓа примена како во литературата (народна и уметничка), така и во секојдневниот говор кога се искажува нешто впечатливо. **На пример:**

*Ќе пукнам од смеа.*
*Направи море од солзи.*
*Му тече река од зборови.*

*Се отепа од учење..*
*Пее – небото ечи.*

Во народната литература особено се познати песните за **Крале Марко, Болен Дојчин** и други јунаци во кои со хипербола е прикажана нивната натприродна сила.

**☞ Проверете ги знаењата!**

● Откако ќе ја прочитате песната „Силата на Крале Марко“, анализирајте ја според планот:

1) Тема и мотив
2) Фабула
3) Изразни средства
4) Нагласете ги стиховите со хипербола.

## СИЛАТА НА КРАЛЕ МАРКО

Шедба шетат Марко Прилепчанец,
шедба шетат земја по краина...
Ми пријавнал коња шаренаго;
шаренаго коња дебелаго,
дебелаго коња, кршигоро!

Ми наложил самура калпака,
на калпака до три огледала,
а под ними перја паунови;

Ми засукал мрка мустакина
- еден мустак до три руна црни;
ми намуртил очи соколови
и над ним вежди пијавици,
како црни крилја ластовички.



Ми опашал сабја дипленица,
што се диплит дванаесет пати,
што се носит коњу во гривата,
и ми сечит дрвја и камење.
А на седло богме ми привrзал,
што привrзал тешко боздугана,
што е тешка шестотини ока;
в рака држи она бојно копје,
ко јасика тенко извишено;
се наметнал с гуња кабаница
ми црнеет како темен облак!
Си разиграл коња пеливана:
се затресла кутра црна земја.

***Народна песна***

***❒ Задача***

Пронајдете и други песни за Крале Марко. Вежбајте прераскажување на песните. Посочете ги стиховите во кои има хипербола.

## ❒ Проверете ги знаењата!

● Прочитајте те ги песните „Невеста момче фалеше“ и „Надеж“ и пронајдете ја хиперболата во нив. Анализирајте ги содржински и структурно.

### НЕВЕСТА МОМЧЕ ФАЛЕШЕ

Невеста момче фалеше:
Имам момче работно,
На ден бразда ораше,
Во недела леичка,
И в месец погонче,
А в година нивичка.
Там дека момче ораше,
Пуста го дремка нападна,
Закачи рало сред нива,
Пустото рало крушево,
Дур да се момче разбуди,
Пустото рало никнало.
Кога се момче разбуди,
Зрели се круши најаде.

***Браќа Миладиновци***

### НАДЕЖ

Кога би имал дуќанче мало
со една витрина само,
тогаш би продавал... погоди што?

„Купете? Евтино. Со намаление.
Секому надеж му треба?“
И секому би му продал надеж
голем колку небото!

А на оној што нема пари
и однапред со поглед ја краде,
ќе му дадам без да ја плати
сета, сета моја надеж.

***Џани Родари***

## ❒ За дома

● Пронајдете податоци за собирачката дејност на браќата Миладиновци. Податоците презентирајте ги на часот и направете ѕиден весник од собраните материјали.

● Напишете десетина реченици од секојдневниот говор во кои ќе употребете хипербола.

## ГРАДАЦИЈА

● Прочитајте ги песните и согледајте како се наредени поетските слики и поими во нив.

### НИКОЛА И СОКОЛОТ

Озгора идет Никола,
на рака држит сокола.
Сокол му лепо говорит:
- Никола, џанам Никола
ти потпушти ми ремени,
да си одлетам далеку,
дури во момини дворови;
да си наредам столови,
да си пречекам сватови,
на сите сватови дарови,
а на Никола невеста.

***Народна песна***



### ПЕСНА ЗА ТАТКО МИ

Секоја вечер уморен тој ни се враќа
кога денот кон залез језди
и секоја приквечер лицето негово добро
нова брчка го бразди.

И започнувајќи ја својата приказна нова
донесена од полето,
тој ми ја открива вистината за лебот и земјата
и убавината на пролетта.

Потоа долго е замолчан и со испукана рака
ја гали мојата коса,
а јас го чувствувам немиот тек на приказната
како здив на ливада в роса.
Секоја приквечер уморен тој ни се враќа
сонцето кога зајдува
и в секоја брчка лицето што му го бразди
по една добрина најдувам.

***Видое Подгорец***

### ❒ Размислете и одговорете!

- Што држел Никола во раката?
- Што му говорел соколот?
- Што сакал соколот да пронајде?
- Кои епски елементи ги пронајдовте во народната песна?
- Кога се враќал таткото од работа и какво било неговото лице?
- Каква вистина носел тој секојдневно кога се враќал дома?
- Што правел таткото додека ја галел косата на синот?
- Што наоѓал синот на лицето од својот татко?
- Пронајдете ги поетските слики во песната!
- Направете надворешен опис на таткото и посочете ги неговите чувства.
- Нагласете ги стиховите во кои чувствата во двете песни се најсилни.

### ❒ Запомнете!

● **Стилската фигура** во која се редат поими или поетски слики постапно по својот интензитет се вика **градација.** Служи за **збогатување на сликовитоста** на поетскиот јазик и придонесува **да предизвика** емоции при читањето на поетската творба.

### ❒ Задача

● Прочитајте ги стиховите кои следат и поразговарајте за градацијата во нив.

**ШУПЕЉКА**

Под ладна сенка дабоа
Пред мене поле широко
Под нозе рече да течит,
Над глава ветар да шумит,
И ја на дебот навален
Да свира со шупељката
Как ве ме учит срцево.

***Константин Миладинов***

**ДИМАНО ДИМАН - ДЕВОЈКО**

Димано, диман – девојко,
качи се горе на диван,
погледај долу под диван:
под диван – поле широко,
во поле – стадо големо,
во стадо – камен бесценет,
на камен – младо овчарче,
со меден кавал свиреше,
Димана ми ја славеше.

***Народна песна***

### ☞ *Проверете ги знаењата!*

● Пронајдете ја градацијата во следната песна. Разговарајте како влијае на вашето доживување на содржината на песната. Определете ги лирските и епските елементи во песната.

## *БОЛЕН ЛЕЖИ ШИКО КАПИДАН*

Болен лежи Шико капитанот,
болен лежи Шико, ќе да умре.
„Шико, Шико капидане!
Ти да видиш чудо големо,
како се бијат лисјата,
лисјата од дрвјата,
дрвјата од горета,
шумките од леските!
Ал ми е, Шико, од Бога,
дали ми е од душмани?“
„Кренете ме да си станам,
подајте ми тамбурата,
малку јас да си посвирам,
да си речам до три песни,
до три песни капидански.
Кога ќе село влезете,
да не си пушки фрлате;
да не ве чуе мајка ми,
мајка ми, та и сестра ми;
часот ќе прашат за мене:
„Камо го Шико капидан?“
Вие да нејзе речете:
„Шико ми се ожени:
мраморна плоча – невеста,
а камарчето – деверче,
девери, дробни камења,
сватови – суви дрвари,
нункото – Стара Планина!“.

***Народна песна***

### ❒ *Бидете креативни*

● Обидете се самостојно да составите поетски творби со пејзажни мотиви, во кои ќе употребете градација. Творбите презентирајте ги на часот, а од најуспешните направете ѕиден весник.

## *РОМАН*

● Присетете се кои видови епски творби сте ги изучиле во претходните одделенија. Наведете ги накусо нивните карактеристики.

● Прочитајте го внимателно извадокот и обрнете внимание на дејството и описите.

### *РАЗДЕЛБА*

(Текстот е извадок од романот „Споменка“. Ривалството меѓу двете дружини, „Соколи“ и „Црвени стрели“ и бројните детски игри, победи и порази, меѓусебните судири се испреплетени со магијата на пр-вата љубов што Бојан ја чувствува кон Споменка. Тука е Вера Пре-тералка која постојано прави сплетки за да ги оттргне чувствата на Бојан кон Споменка. Но, сепак, на крајот се случува нешто што Бојан не го очекува.)

„Јуни дојде тивко и неосетно, заедно со првата светулка на летото.

Два-три дена отидов во градот. Таму требаше да се распрашам за уписот на нови ученици во средните училишта. Ќе ѝ пренесам и на Споменка. Двајцата ќе се запишеме во исто училиште. Двајцата заедно ќе се враќаме за празниците в село. Зар нема да биде прекрасно? А љубовта меѓу нас никогаш нема да згасне.

Дома се вратив навечер.

Но, она што се случи потоа, постои само во некоја љубовна приказна, а не во една обична прва љубов што најпрво личела на смешна игра.

Истиот ден, вечерта, со Споменка се сретнавме кај сливата. Таа побара да ме види. А кога дојде очите ѝ беа полни со солзи...

- Бојане? – без воздржување заплака.

- Ти плачеш, Споменка?! – збунето ја гледав.

- Плачам... И сакам да плачам... – уште повеќе ги пушти солзите.

- Зошто?! – се чудам.

- Нешто страшно ... Многу страшно...

- Што?!

- Јас не сакам, Бојане, не..

- Што се случило, Споменка?! – насетив дека работата е сериозна.

- Ние утре ... утре ќе се отселиме одовде... Ние... мора да се отселиме! Така сака тате. Ние засекогаш... – гласно залипа Споменка.

Никогаш толку не сум се изненадил.

Тежок молк.

- Ти сонуваш, Споменка?!? – ми запре нешто во грлото.

Не, не... И тоа утре... Тате веќе дојде... Сите ќе заминеме. Таму каде што работи тој. Далеку одовде. Многу подалеку од градот на Душица, многу... Овде... овде куќата ќе ја продадеме. Засекогаш одовде... – плачеше Споменка.



- Ова не... не може да биде... – пуштив и мене да ми потечат солзи.

- Јас не сакам... да си одам, не... Мислев... уште во она писмо што го испрати тате... Мислев дека е лага... Тогаш ... кога беревме јорговани... – не можеше да ми објасни Споменка.

Првата љубов плачеше во нас.

Ја бакнав Споменка во лицето. Ја бакнав и во очите. Трипати ја бакнав. И трипати го почувствував само вкусот на солзите.

Сега веќе знаев зошто Споменка беше насолзена, тогаш кога прецутуваа јоргованите. Знаев и што пишувало во писмото од татко ѝ што им го испратил дома. Сега веќе знаев сѐ.

Дознав и нешто друго: првата прерана болка на љубовта.

- Само тебе, Бојане, ќе те сакам... – ми велеше Споменка.

- И јас само тебе, Споменка...

За еден час како да пораснавме. Прерано дојде болката на љубовта, навистина прерано. А солзите беа чисти, ни малку грешни и првовљубени.

Дома – право во собата. Нека помислат дека сум уморен. Никој не сакав да ме види. И не ми се вечераше. Набргу се подвиткав во креветот за да можам тивко да тагувам и да не заспијам цела ноќ. Првата болка доаѓала толку неочекувано и токму во оној миг кога си бил најсреќен.

Преку цела ноќ низ прозорецот допираше неуморна песна на вљубен славеј.

Утрото, знаев: камионите, оние два што утрината зататнија веќе ги товараат.

Набргу тие заминаа.

Кон пладне дојде и третиот. Пред квечерина, заедно со него требаше да отпатува и Споменка.

Најпрво до најблискиот град, а потоа, можеби со воз, многу, многу километри.

Не можев да појдам кон нивната куќа и да гледам како се отселуваат. А знаев дека таму беа собрани мноштво девојчиња и момчиња. Знаев дека сите сакаат да се испоздрават со Споменка. Членовите на некогашната дружина на „Соколите“ од Ридот на јоргованите, а и оние, поранешните противници од дружината на „Црните стрели“ од Долината на багремите. Само јас, некогашниот водач на посилната дружина, немав сила да појдам и да се поздравам. Не сакав никој да ме види со насолзени очи.

Во дворот, веќе по вторпат за кратко време морав да ја наберам најголемата китка трендафили и прекутрупа, да не ме сретне никој, потрчав кон реката. Кога ќе поминува камионот, ќе истрчам на патот пред него, ќе го запрам и на заминување ќе ѝ ги подарам трендафилите на Споменка. Потоа ќе избегам што подалеку од тоа страшно место...

Стоев скриен во врбјаците и очекував. Секој час треба да наиде камионот. Штом ќе зататни, веднаш ќе му истрчам во пресрет. Патот е блиску до реката. А трендафилите се за Споменка – девојчето што засекогаш заминува.

Толку ми е тешко што помислувам дека секој миг светот со сета своја тежина ќе се урне врз мене.

Реката тече: бујна и секогаш забрзана кон своите непреоди.

Најпосле, тешко натоварениот камион, зататни.

Просторот во градите ми стана претесен; нешто ме стегна. Тој го преминуваше веќе мостот, а мене нозете ми се приковаа. Ги стегав трендафилите, но никако не можев да истрчам од кај реката. Тој веќе сврте по прашливиот пат. Уште посилно ја зграпчив китката, ама останував неподвижен на местото. Не можев да се појавам пред тоа забревтано чудовиште што ми го одземаше оној лик со небесно сини очи и коса со боја на есенско лисје.

Помислив дека нозете секогаш ќе ми останат неподвижни и приковани за местото. Додека немоќно ја довикував онаа сила што не можев да ја изнајдам во себе, камионот, тежок и натоварен, замина по патот... Долго гледав во него како во некој грабливец, сѐ додека не се изгуби зад последниот свијок.

Застанав над реката. Китката што ја држев полека се ослободи од прстите и падна во реката. Водата ги понесе трендафилите во спротивна насока од патот по кој замина Споменка. Со тоа згасна и последната верба дека ќе стигнат до девојчето што толку многу го сакав. Пак почувствував влажност во очите. Пак солзите потекоа...

Пред мене ветрето го дувкаше парчето случајна новинска хартија. Токму на таа пожолтена хартија, по некаква игра на случајот, прочитав: ПРВАТА ЉУБОВ Е СЛИЧНА НА ПРВИОТ СНЕГ: РЕТКО НЕКОГАШ ОСТАНУВА.

***Горјан Петрески***

### ❒ Размислуваме, разговараме

- Какви планови имал Бојан кога заминал в град?
- Зошто Споменка побарала да се сретне со Бојан?
- Опишете ги чувствата на двајцата млади.
- Што направил Бојан на денот на преселбата?
- Што се случувало во душата на Бојан?
- Каде завршил букетот трендафили?
- Протолкувајте ја пораката што Бојан ја прочитал на пожолтената хартија.

### ❒ Запомнете!

**Роман** е долга епска прозна творба со развиена фабула, поголем број ликови и настани. Во него се опфатени повеќе случки од животот на луѓето. Покрај **главниот лик** во романот се јавуваат и **други ликови** и преку нивните односи **се слика** средината и епохата, се претставува животот на луѓето и нивните идеи.

Во романот **се изделуваат главни ликови** околу кои е сконцентрирано дејството. Се прикажува целиот живот на главниот јунак. **Споредните ликови и настани** се застапени за објаснување на главните настани или само како илустрација на други појави и ставови, обично спротивни на оние на главниот лик.

Романот содржи **главна тема** – предмет или проблем за кој се зборува, како и **споредни теми** кои се обично сврзани со главната тема.

Романот опфаќа **широк** временски период и има **општествено-историска основа**.

Според темата романот може да биде: историски, авантуристички, семеен, криминалистички, психолошки, љубовен, и др.

Најпознати романописци во македонската литература се: Стале Попов, Славко Јаневски, Ѓорѓи Абаџиев, Владо Малески, Симон Дракул, Живко Чинго, Димитар Солев, Петре М. Андреевски, Видое Подгорец и др.

### ❒ Задача

- Прочитајте роман по претходен договор со наставникот. На часот дискутирајте за основните карактеристики на романот. Применете проблемски метод. Откријте ги случките, главните ликови и нивните меѓусебни односи, времето и местото каде се одвива дејството.

**❒ Споредете!**

● Прочитајте го расказот „Изложба“ и разговарајте за особините на расказот, за кои учевте во петто одделение.

## ИЗЛОЖБА

Мајката и ќерката се држат за рака и одат право накај спротивниот ѕид, како нешто да ги тера да си го довршат до крајната точка своето движење однадвор. Цртежот пред кој запираат претставува пазариште на зеленчук во полниот ек на работа.

- Што е убаво, мајчице, - се чуди детето и долго се загледува, сакајќи да ја сфати секоја подробност.

Но, мајката нејќе да се задржува тука долго. Нејзе ѝ остана впечатокот дека касиерката не многу љубезно ги погледа и сега ѝ се чини дека треба да брзаат што се може повеќе, па затоа веднаш да го видат главното што ги довело овде.

- После ќе гледаме, сине, - вели таа. – Да ги најдеме прво твоите цртежи. Кажи кои беа.

- Учителот ми рече дека избрале два. Знаеш, оној со продавницата спроти нас, што го цртав од нашиот прозорец, и оној со бронзениот бокал, со ружите што ми ги донесе.

- Гледај сега добро, - ѝ вели мајка ѝ , ја прегрнува преку рамена и полека ја поведува покрај цртежите.

Колку што повеќе го затвораат кругот, чекорите како сами да им се запираат. Можеби е подобро да си излезат веднаш и да останат со надежта дека двата цртежа се поставени на она парче од ѕидот што тие не знам зошто не го погледаа. Но, кругот се затвора и мајката само поцврсто го стегнува своето девојче. Таа малце премислува.

- Иди види уште еднаш, да не сме ги пропуштиле случајно, - вели таа.

- Па ги нема, мамо.

- Ако, погледај уште еднаш.

Девојчето трга, повеќе да ѝ угоди на мајка си отколку што самото има некаква надеж, поминува отсутно наоколу и се враќа збирајќи раменици:

- Нема.

Мајката го крева погледот и го упатува само за миг на уметникот. Изразот ѝ е таков како да сака да побара некое објаснение. Но, тоа е само така, испаѓа случајно. Од кога смеела таа некогаш да бара објаснение, па и сега од овој непознат човек што нема никаква врска со нивниот случај? Пред самиот излез таа се запира подолго како да посматра еден цртеж, а всушност ја задржува чувството на бојазан да

не се рече дека избегала ако излезе веднаш. Потоа, прегрнати, сепак нагло излегуваат.

Уметникот прави потсвесно гест како да ќе потрча да ги врати. Тој навистина им должи објаснение и тој е човекот, иако не го знаат, што би можел нешто да поправи во оваа ситуација. Тие два цртежа ги сметна тој од ѕидот, утрото пред самото отворање на изложбата, ене ги стојат уште на бирото во изложбената канцеларија. Би можел повторно да ги стави, а на жената и девојчето да им објасни дека е сè настанато само поради една случајност – цртежите не биле добро прицврстени, па тој поручеква ги симнал, но утре пак ќе ги изложи, и на подобро место, дека го заслужуваат тоа. Зошто не би ги вратил да ги утеши и израдува?

***Блаже Конески***

### ❒ *Размислуваме, разговараме*

- Каде се одвива дејството во расказот?
- Зошто се присутни таму мајката и ќерката?
- Каков е впечатокот на мајката од погледот на касиерката?
- Што било насликано на двата цртежа од девојчето?
- Како се чувствуваат тие кога не ги пронаоѓаат цртежите на девојчето?
- Кој и зошто почувствувал грижа на совеста кога го видел разочарувањето на мајката и девојчето?
- Кои елементи на **расказ** ги откривте во текстот?

### ❒ *Бидете креативни*

Од направената споредба меѓу особините на романот и расказот направете илустрирана презентација во POWER POINT на компјутер и разменете го проектот со своите соученици.



*МАРК ШАГАЛ, Летечки кочии*

## ЛИТЕРАТУРНО-НАУЧЕН ВИД

### ДНЕВНИК

● Направете куса дискусија дали некој во одделението, или пак некој што го познавате, води секојдневни белешки за она што го доживеал.

● Додека го читате текстот, размислувајте каква сличност и разлика воочувате во однос на расказот.

### ПЛОЧА НА ЖИВОТОТ

(Ташко Георгиевски е познат македонски писател, автор на творби во кои ја опишува судбината на децата-бегалци од Егејска Македонија. Дневникот го опфаќа почетокот на кариерата кога како младо момче ќе почне да објавува свои трудови во списанието „Разгледи“ каде што работел Димитар Солев, наш познат современ писател.)

29.08.1955 Скопје

„Напишав расказ. На речниот брег. Го однесов во Разгледи. Денеска појдов кај Солев. Тој топло ме прими и ме понуди да седнам. Ми рече дека го прочитал расказот и дека тој би го пуштил ако се согласи редакцијата. Ми обрна внимание за поголема јасност во ситуацијата, макар и со некои повторувања. Рече дека тоа не се однесува на овој расказ, тука се е јасно. Тоа е една психолошка ситуација и многу добро е дадена. Вистина ли е тоа, што бара татко му во Русија? По ликвидацијата на Револуцијата во Грција, партизаните насекаде се распрснаа. Татко му го однесе таму. Ах, да. Убаво, убаво; го зеде расказот, почна да го превртува: Убаво е ова со сликата на крајот!

(Сликата: мотив од Вардар, свиокот каде ни се удави другарот, масло на шперплоча. Подоцна, кога Трендафил се врати со семејството не го прашав што ја направил сликата, никогаш повеќе не ја видов. Некаде во мојата документација постои фотографија од сликата.

Средбата со Солев остана во мене. Тој се интересираше за мојот живот. Прв пат некој ме прашуваше од каде сум, што учам, како живеам, што ќе студирам. Беше изненаден кога му реков дека ќе одам на ликовна академија и ме посоветува никогаш да не го оставам пишувањето. Тие денови требало да замине војска)...“

***Ташко Георгиевски***

### ❐ *Размислете!*

- Каков надворешен белег забележавте на почетокот од текстот?
- Што направил авторот тој ден?
- Какви забелешки добил?
- За што се интересирал Солев?
- Што му порачал на авторот на крајот од разговорот?

### ❐ *Запомнете!*

**Дневникот** е творба во која точно и вистинито се забележуваат, **по хронолошки ред**, денот, месецот и годината на **најважните настани** што му се случуваат на авторот. Тој ги предава своите чувства и мисли во врска со настанот или појавите во животот и природата. Најпознати автори на дневници во македонската литература се **Блаже Конески – „Дневник по многу години“**, **Ташко Георгиевски - „Плоча на животот“,** како и **„Недовршен дневник на еден ученик“** од **Стале Поповски – Цаци** и др.

### *За авторот:*

- **Ташко Георгиевски** е современ македонски писател. Роден е во селото Кронцелово, Воденско, Егејска Македонија. Во времето на Граѓанската војна во Грција, го напушта родното место и преминува да живее во Р Македонија. Има напишано повеќе романи, меѓу кои поважни се: ***Луѓе и волци, Сидови, Црно семе, Змиски ветер, Црвениот коњ*** и ***Време на молчење***. Тој има издадено и неколку збирки раскази.

### ❐ *За да биде појасно*

Во светската литература најпознат е **Дневникот на Ана Франк** девојче кое несреќно умрело за време на Втората светска војна. Таа е холандска Еврејка и со своето семејство, неколку години се криела на таванот од куќата на добри луѓе кои ги штителе да не бидат одведени, како и милиони Евреи, во логорите на смртта. **Ана го опишала животот и случувањата за време на илегалниот престој.** Непосредно пред капитулацијата на Германија, нивното засолниште било откриено и тие биле однесени во логор каде Ана умрела. Нејзиниот татко преживеал и кога се вратил дома во Холандија, го открил дневникот – сведоштво за Холокаустот и страдањето на невините во Втората светска војна.

☞ ***Проверете ги знаењата!***

● Прочитајте го извадокот и дискутирајте за неговата содржина.

## *ОД ДНЕВНИКОТ НА АНА ФРАНК*

Среда, 23 февруари 1944 година

Драга Кети,

Нам тука толку сè ни недостигнува, толку многу и веќе и толку време. И мене исто како и тебе. Не мислам само на надворешните предмети, во тој поглед се грижат за нас, но, мислам на внатрешните потреби. Како и ти, јас копнеам за слобода и свеж воздух, но сега верувам дека имаме полно надополнување за сите наши лишувања. Сосема одненадеж го сфатив ова утринава, кога седев пред прозорецот.

Кога гледав надвор во длабочината на природата и господа, тогаш бев среќна, навистина среќна. А покрај тоа – Петр! Сè дотогаш додека ја чувствувам таа среќа тука, радоста во природата, здравјето и уште многу друго покрај тоа, дотогаш додека човек го има сето тоа, – секогаш пак ќе оживее, сè додека живееш. Сè додека можеш спокојно да гледаш во небото, сè дотогаш додека знаеш дека во душата си чист и дека некаде среќата те чека.

Твоја Ана

Вторник, 11 април 1944 година

Драга Кети,

Кој ова ни го наметна? Кој ги направи Евреите поинакви од другите луѓе? Кој дозволи толку да поднесуваме сè досега? Ако ги поднесеме сите овие страдања и ако сè уште останат Евреи, кога сè ќе биде готово, тогаш Евреите, место да бидат осудени, ќе бидат покажувани за пример. Кој знае можеби и нашата религија, од која светот и сите народи учат добро, е причина, единствената причина што сега мораме да страдаме само Холанѓани, или само Англичани, или претставници на која и да било земја, секогаш ќе останеме Евреи, но ние тоа и го сакаме.

Ако господ ми дозволи да живеам, ќе постигнам повеќе отколку што мама сторила некогаш, нема да останам безначајна, ќе работам за општо добро и за човештвото!

Свесна сум дека на прво место и секогаш ќе ми биде потребна храброст и ведрина!

Твоја Ана

❒ ***Бидете креативни!***

● Обидете се да напишете дневник за она што го доживувате или ви остава силен впечаток во текот на денот. Забележувајте ги настаните често и точно. Презентирајте го на часот и дисутирајте за содржината, структурата, стилот и јазикот на кои сте пишувале.

## АВТОБИОГРАФИЈА

❐ ***Прочитајте и согледајте!***

● Читајќи го извадокот, обрнете внимание кој раскажува за животот на авторот.

### САКАНИОТ УЧИТЕЛ

(Глигор Прличев го раскажува својот живот. Го опишува своето детство во првата половина на деветнаесеттиот век во Охрид кое не му било лесно. Без татко, со сиромашна, вредна и храбра мајка, која се трудела колку можела повеќе да го образува и со тоа да го исполни ветувањето кон дедо му. Образованието ќе го добие на грчки јазик, па оттаму бил среќен кога за учител во Охрид бил назначен Димитар Миладинов кој ги учел на мајчиниот јазик.)

Како за утеха на поминатите наши несреќи, Митре Миладинов дојде да учителствува во Охрид. Он се смести во дедова ми куќа заедно со својата млада невеста. Меѓу десетте учители што се изменија през моето ученикување во Охрид, ниеден не им беше толку полезен на учениците колку Миладинов. Он во секоја постапка имаше нешто привлечно. Речта му течеше од устата како мед. Свештен оган му гореше во очите. Он знаеше дека треба да нè учи на грчки, инаку не можеше ни да се мисли.

До негово време не знаевме речиси ништо од аритметика. По негов совет ние, постарите ученици, ги земавме огромните три тома од лексиконот на А. Гази, се собиравме дома и го преведувавме Плутарха на новогрчки. Боже мој! Колку широка беше тогаш нашата памет!

Миладинов нè запозна и со италијанскиот јазик. За шест месеци го преведовме целиот први том на Телемаха.

Испитите станаа какви што не беа станувале. Насекаде се разнесе глас за цутењето на охридското училиште. Од многу градови и паланки на Македонија и од најзападниот дел на Албанија се стекоа ученици во Охрид да се учат при Миладинова. Но, сите му се срдеа дека мрсеше (не постеше).

Една година, помнам, стисна глад: мајка необично натажена ми предложи да постапам на занает. Тогаш јас се расплакав. Никако не ми се сакаше да го оставам училиштето. Одвај тогаш почнав да се насладувам од непостижните Омирови убавини.



### ❒ Размислете и одговорете

- Кој раскажува за животот на авторот?
- Каков бил првиот негов впечаток за новиот учител?
- На што ги учел Миладинов?
- Што се случило кога завладеала сиромаштијата?
- Како го споил Григорче убавото со корисното?

### ❒ Запомнете!

- **Автобиографијата** е **литературно-научен вид** творба во која авторот го раскажува **својот живот** за **сопствените доживувања,** а ги изнесува **и условите** во кои живее и работи. Научен вид е поради тоа што се темели на **точни податоци**, а уметнички е зашто авторот **опишува сликовито**, **опширно и ги изнесува сопствените чувства.**

### ❒ Применете го наученото!

- Прочитајте го следниот извадок од автобиографијата на Марко Цепенков и анализирајте го јазикот и содржината. Откријте сличности во однос на автобиографијата на Прличев.

## *МЕРАК ПО КНИГАТА*
## *ОД АВТОБИОГРАФИЈАТА НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ*

Тамо беа (во Прилеп) и Димитрија Миладинов и Фони Зинзивов, тие учеа на грчки и у нас тогај ...

Д. Миладинов беше многу мирен (скромен) и собра многу песни откај нас и си отиде. А Фони даскалчето беше многу сербез: фесот го носеше настрана како бабаитите, со пјускјунот на рамо, чунки понекогаш се напиваше. Кога замина за во Русија, купи една гајда и еден кат алишта селски. Кога учеше Фони во училиштето наше, виде една жена мариовка кај плаче со глас и влезе в црква со една зобница, што си имаше една крвава кошула од отепаниот ѝ маж: ја кладе при иконата од Богородица, за таа да му дојде до акот на полјакот што ѝ го отепа мажот, чунки судот ја истера. Фони ја испраша и сè го пиша што му кажа мариовката. И после го направи на стихови, на една книшка, со заглавие „Крвава кошула“.

Откако се запозна Миладинов со татка ми, дојде у нас дома неколку пати за да купи нешто од татка. Еден неделен ден дојдувајќи у нас, извади едно ѕузданче од џеб и му рече на татка: „Слушај, кир Коста, што ќе ти пеам една песничка детинска „Тумба, Тумба дивина“ и пр.

- „Е, те бендиса, кир Коста?“ Дури го пееше тоа нешто Димитрија, татко само ја завртуваше настрана главата, како да сакаше да му каже на Миладинова оти не ја азетиса, та му рече: „Море за такви песни, кир даскале, Марко мој сума знае, нешто божевно, божевно да ми кажеш, та да ги благодарам. Навистина, кир даскале, чуму ти се вакви работи што ги собираш? Некни ме прашаше за песни да ти пеам и за многу друзи стари работи, ако сакаш кажи ми, та да ми е ќар да ти прикажам многу нешто што знам“.

Откако се опули и надесно и налево Миладинов, издивна и му рече: „Ќе ти кажам, кир Коста, чунки те познав оти си патриот, ама ете ти небото и земјата, ако му кажеш на Тимиона или на некој друг. Јас сум сторил ниет да типосам една книга со песни и друзи народни сторенија за да останат за спомен на нашето потекло, чунки ние сѐ кај туку се грчиме и Господ знае докрај како ќе бидеме. Ете затоа сакам да зберам и да ги типосам песни и друзи работи. Ама ќе те молам: видов не видов, и чув не чув, оти ако ме разбере владиката, ќе ме сурдиса и ќе ме татардиса“. И за вистина бестрашниот родољубец од тоа што се боеше, тоа и го најде. Бог да го прости него и брата му, се батрдисаа.

Кога ги чув тие зборови од покојниот Д. Миладинов, на срце ми паднаа и си реков со умот, чекај и јас песни ќе пишувам. Отпрвин само песни записував, а кога во Чолаковиот Зборник видов оти имаше и приказни печатени, а пак јас знаев сто и педесет приказни, почнав да си ги пишувам по една-две во недела.

***Марко Цепенков***

***❐ Задача***

● Поделете се во групи и прочитајте ги во целина автобиографиите на Г. Прличев и на М. Цепенков. Дознајте по што ќе остане запаметен нивниот труд и анализирајте ја важноста на нивните дела.



***❐ Бидете креативен***

● Направете ѕиден весник и презентација на песни од најпознатите македонски собирачи на народно творештво: Димитар Миладинов, Кузман Шапкарев и Марко Цепенков.

# ДРАМСКИ ТЕКСТ

## *ИСКАЗ НА ЛИК*

- Присетете се на основните карактеристики на драмскиот текст учени во претходните одделенија.
- Додека го читате извадокот од драмскиот текст, согледајте ја формата во која е претставена содржината на текстот и воочете ги разликите во однос на поетски и прозен текст.

***❒ За да биде појасно***

(Дејството во драмата „Рацин“ се одвива пред почетокот на Втората светска војна. Главен лик е нашиот познат писател Коста (Кочо) Рацин. Претставени се неговите напори да ја презентира онеправданоста на народот како и идеалите да создаде подобри денови за сите кои се угнетени. Во текстот ќе откриете што подготвуваат Рацин, Никола и Трајан.)

### *РАЦИН*

(Марија ја отвора вратата и го пропушта Рацина во салонот. Рацин влегува бодро и весело).

МАРИЈА: Еве, Тука се Трајан и Никола ... Филипа само што го испративме на пат. Толку сакаше да се види со тебе.

ТРАЈАН: О, добредојде, Кочо.

РАЦИН: Добренајдов.

(Рацин се прегрнува со Трајан).

ТРАЈАН: Само по мрак се движиш. Можеби затоа си толку свеж и со пробивен поглед.

(Рацин се ракува срдечно со Никола).

РАЦИН: Здраво момче. Драго ми е што те гледам. Ти го прочитав последниот расказ. Силен е. Иако беше под псевдоним, тебе те препознав.

НИКОЛА: (изненаден, сè уште збунет): Ти се допаѓа?

РАЦИН: Такви раскази како да излегуваат од некој мит... Само така продолжи.

НИКОЛА: Ме радува што ти се допадна.

РАЦИН: (Кон Марија): Кога доаѓам во овој дом, како да влегувам во своја куќа, така ве чувствувам блиски. А имаш исто име како мајка ми, така што навистина нема разлика. Марија, тоа е прекрасно име. (Кон Трајана) Како си?

ТРАЈАН: Лошо, многу лошо, Кочо.

РАЦИН: Зошто? Поради провалата?

ТРАЈАН: Иван е в затвор. Затоа и Филип мораше да замине. (Кон Марија) Оди приготви нешто за вечера.

(Марија излегува)

НИКОЛА: Весникот се доведува во прашање. За извесно време луѓето мораа да се засолнат.

(Трајан немо погледнува во Никола).

РАЦИН: Ако е само весникот во прашање, не е тешко. Ти си тука, јас, некако ќе го издаваме. Но провалите се сѐ почести, тоа и мене ме загрижува.

ТРАЈАН: А времето не е за чекање.

РАЦИН: Весникот е неопходен. Мораме да ја изнесуваме вистината за положбата во земјата и надвор.

ТРАЈАН: Од горе кажаа ако нема услови, нека не излегува, барем засега.

РАЦИН: Условите ќе ги создадеме ние. Весникот мора да се појави. Веќе го нема толку време. Тој весник, тие неколку страници, тоа е надеж, голема надеж. Повеќе отколку што нам ни изгледа.

НИКОЛА: Мислам дека не е така лесно. Материјали немаме, а тешко е и да се печати.

ТРАЈАН: Можеби си изморен?

РАЦИН: Ни најмалку. Доста ми е што се ослободив од своите сметки, макар и за малку. Инаку, знам да не спијам по три ноќи. Повеќе не можам. Потоа ми треба сон најмалку од пет часа. Тоа е така уште од деновите, кога со овие раце почнав да правам стомни и бардиња и на таван со книги ги дочекував мугрите. (Пауза). Не знам како чувствувате вие, но за мене највозбудлив е оној момент кога се разденува. Тој половина час е најпримамливиот дел на денот. Нема утро што не сум го дочекал во тој миг. Во тоа раѓање на денот има возбуда што не може да се опише.

НИКОЛА: Оттаму ли е насловот на збирката?

РАЦИН: Кој знае? Мугрите ми се толку врежани во мислите и чувствата што сите симболи се врзани со нив. Тоа е еден процеп меѓу ноќта и денот, како што постои еден процеп меѓу животот и смртта.

ТРАЈАН: Пишуваш ли нешто ново?

РАЦИН: Не толку многу. Меѓу оддивка ќе ми дојде некој стих, ќе го запишам. Песните кај мене тешко се раѓаат. Низ зборовите полека се открива суштината. Маѓепсна ми е нивната моќ... Нашава револуција токму низ поетскиот збор ја добива величината што ги привлекува луѓето. Прекрасно е кога оваа мака народна влегува во песна. Тогаш станува полесна. За жал, немам време. Многу ме тормози власта, и јас

повеќе работам друго, отколку да бдеам над некоја песна ... Гледате, Европа не спие, не спиеме и ние... Термитите се множат на сите страни и глодаат. Уништуваат пред себе сè.

НИКОЛА: Дали има спас од нив?

РАЦИН: Нема сила која не може да се скрши, па и оваа термитската. Мора да изградиме брана, инаку ќе отидеме и ние. Затоа сега, какво било малодушие, ни штети само нам.

***Борис Вишински***

❒ ***Размислете, разговарајте!***

- На каков начин е претставен настанот во извадокот?
- Кои се носителите на дејството во драмскиот текст?
- Поради што е загрижен Трајан?
- Што подготвуваат Никола, Трајан и Рацин?
- Какви биле прогнозите за излегување на весникот?
- Како го опишува Рацин начинот на кој работел?
- Кој дел од денот за него бил најубав и инспиративен за наслов на неговата книга?
- Какви симболи за мугрите открива Рацин?
- Кој ја попречувал работата на Рацин и зошто?
- Што мисли Рацин за малодушноста?

❒ ***Запомнете!***

- **Поимот драма** доаѓа од грчкиот збор **DRAMA** – дејство. **Носители на дејството** во драмскиот текст **се ликовите кои ги претставуваат настаните преку разговори, движења** (гестови, мимики) и **песни**. Говорот на ликовите меѓу себе или сами со себе се вика **исказ на лик.** Тоа е специфичност на драмски текст. Говорот е познат и под името **реплика** и значи одговор на одговорот.



## ❒ Применете го наученото!

- Прочитајте го текстот и направете анализа на содржината, на структурата, на исказот на ликовите, на репликите и на чувствата на носителите на дејството.
- Откријте ги деловите од текстот каде освен со разговор, настаните се претставени со гестови и мимики.

## ЧЕСТ

(Дејството во драмата се одвива во печалбарско семејство. Стефан е во туѓина, а во куќата го очекуваат мајката Ванѓа и жената Милка, која од ден на ден е сè потажна. Деновите ги минува во предење и тагување. Еден ден на гости ѝ доаѓа сестрата на нејзиниот маж Стефан.)

Одаја во која сè е чисто, убаво суредено, но и сиромашко, избледено и дотрајано. Во левиот агол исчадена икона со големо кандило обесено на таванот. Десно врата; лево од ѕидот шарен невестински ковчег, над него камара, а понатаму мусандра; во дното, над миндер со перници, прозорци прекриени со темни завеси, низ кои попладневната светлина тешко се пробива во одајата, добивајќи во неа сив, бледникав тон.

Кога завесите ќе се разгранат, се открива поглед на езерото и на Галичица, во раскошни преливи од бои, и на исечоци од охридски куќи, со типичните издадени горни катови и многу прозорци, накитени со цвеќиња во црепчиња, кои скоро се составуваат и се допираат над тесните стрмни сокаци.

**Милка**

МИЛКА: (Со убаво, бело и облеано од загаснато руменило лице, на кое е втиснат израз на долготрајна, длабока тага, осенето со опора огорченост и во исто време озарено со блага продуховеност; седи лево зад чекрек и напрегнато и бргу преде, иако е многу уморна. Жицата ѝ се прекинува). Везден се кинеш, пуста!... Трепери... (Очите ѝ се наполнуваат со солзи). Пред очи неколку жици играат... Од солзите... Мајка! (Ги избришува солзите и продолжува да работи).

**Четиринаесетта појава**
**Милка и Магда**

МАГДА: (Влегува и уште од вратата управува на Милка поглед полн со љубов и нежност). Што ми правиш, Милке?

МИЛКА: (Скокнува, ѝ притрчува, ја прегрнува). Тебе те чекам, Магдо!... Со душа те чекам... ми требаш... Тешко ми е, Магдо ле, многу тешко...

МАГДА: Гледам... Пак си се разжалила, душо мила... Ела ваму! (Седнува на миндерот) Седни долу...

МИЛКА: (Прави сѐ како во хипноза) Оф, Магдо ле!

МАГДА: Така! Навали ја главата на коленово мое! Така! А сега кажи сѐ што те боли и што ти е на срце... Ќе ти олесне, душо мила!

МИЛКА: (Со насолзени очи) Веќе полесно ми е, Магдо ле! Како некогаш на мајчиното колено...

МАГДА: Така... Го знам јас тоа, сум го поминала: тешка е пустата туѓина... разделба...

МИЛКА: И кога е толку долга!

МАГДА: Тука има, колку да е долга, крај – враќање.

МИЛКА: Враќање!

МАГДА: Сѐ тој ден го чекаш, го мислиш. И дури некако му се радуваш, однапред!

МИЛКА: Мислиш, си замислуваш како ќе се врати, како ќе те погледа со очите... каков збор ќе ти каже... Сѐ други, инакви зборови ти идат на ум, од убави, сѐ поубави... Понекогаш силно ќе те занесе мислата, и ти се чини дека веќе се вратил, дека му ги гледаш очите, му го слушаш гласот, му ја сеќаваш раката, топла ...

МАГДА: Така...

МИЛКА: Туку, почесто, и сѐ почесто, мислата ти се враќа назад, на оној најтежок ден, ден на разделбата... ден исполнет со криени солзи и придушувани липања... на првата ноќ без него, ноќ – година! Темна, студена... И, потоа, сѐ такви дни и ноќи, со години, седумнаесет години! (Мала пауза) Колку пати сум ти го кажала ова, Магдо! Сѐ тоа...

МАГДА: Ако Милке, ако, сестро мила, сѐ таа мака ти лежи на душата, затоа...

МИЛКА: Оф, Магдо, што би правела јас да те немам тебе... Кого имам јас? Него, мајка, и тебе! Тој – далеку ...

МАГДА: Далеку...

МИЛКА: Мајка стара, и самата скршена од жал... Само тебе можам да ти се исплачам и да ти кажам сѐ што ќе помислам... А какви ли мисли не ми идат на ум. Магдо! Од некои од нив страв ме фаќа. Сама себе си се чинам како улава, како да сум се мрднала од ум... Ете, пред малку, предејќи, се загледав во ракава како лета како некое крило. Ми дојде на ум песната за таа што се преправила во пиле. И одеднаш ми се стори дека и јас можам така да се преправам, да летнам и – кај него!

МАГДА: Е, веруваш во она што ти го сака душата.

МИЛКА: Душата! Зошто е така врзана, затворена, стегната! Зошто човек да не може да појде таму каде што сака!

МАГДА: Ти не можеш таму, кај него, туку тој, тој - ќе си дојде!

МИЛКА: Ќе си дојде! Колку пати си ми го рекла тоа, Магдо! Ќе си дојде! Та камо еднаш да си дојде! Вистински да си дојде! Да видам дека си дошол, да го видам! Да го гледам вака, како тебе што те гледам!

Очите да му ги видам, тие очи, што од првиот поглед запалија во мене, првпат, најсилни, најслатки, најубави трепети... Камо, камо... Камо ја таа голема радост! Толку чекана, толку...

МАГДА: Ќе ја исчекаш! Ќе дојде!

МИЛКА: Кога! Кога ќе биде веќе доцна...

МАГДА: Човек може да се радува и да биде среќен сè дури е жив.

МИЛКА: Кој знае! Види ја јаболкницава, Магдо! (Ја разгранува завесата од прозорецот низ кој во дворот се гледа осушена јаболкница). Пролет е, сè се раззеленува, се расцутува, а таа... оголена, сува... Сонцето ја грее, туку не може да ѝ го врати зеленилото, цутот, плодот... Поминаа многу години откако фати да се суши. До лани, сирота таа, некако се бореше, се држеше, се отимаше... Пушташе по некое гранче, понекое ластарче, по некое јаболко... А годинава веќе - ништо... Јас во неа си ја гледам некако мојата судба...

МИЛКА: Како можеше толку далеку да отиде!

***Васил Иљоски***

### ❒ Бидете креативни!

● Поделете се во неколку групи и составете едночинка на тема по договор. Направете драматизација по улоги. При тоа покрај разговорот, настанот во едночинката збогатете го со гестови, мимики и со песна.

### За авторот



● **Васил Иљоски** е роден во Крушево во 1902 година. Гимназија завршил во Куманово, а Филозовски факултет во Скопје. Во 1928 година на сцената на скопскиот театар е изведена неговата комедија **Ленче Кумановче (Бегалка)**, прва драма на македонскиот јазик, а во 1936 година комедијата **Нагазил човекот (Чорбаџи Теодос)**.

По ослободувањето Иљоски ги објави следниве литературни творби: комедијата **Два спрема еден** и драмите **Чест, Кузман Капидан, Син и татко, Допирни точки** и др. како и радиодрамата за деца **Први на Марс.**

## ДИЈАЛОГ – МОНОЛОГ

● При читањето на извадокот размислете за двете форми на говорење кои ги користат ликовите во говорот во драмскиот текст.

### ЛЕПА АНГЕЛИНА

(Ангелина е сестра на војсководачот и јунак, Дојчин прочуен по своите подвизи во далечните времиња. Тој се разболува, а неговата сестра бдее над неговиот кревет. Еве што дознава кога ќе се разбуди од тешкиот еднонеделен сон.)

**Четврта сцена**

Во куќата на Болен Дојчин. Огромна празна одаја со железен кревет на средина на кој лежи Болен Дојчин.

БОЛЕН ДОЈЧИН: (Се буди од длабок сон. Вика). Ангелино, сестро злата!

АНГЕЛИНА: (Влегува) Кажи брате.

БОЛЕН ДОЈЧИН: Тука ли се?

АНГЕЛИНА: Та недела време, пред дверине, три громади простум исправени, три строма вишни скоравени. Молкот гробен им е пусијата, од тагата канијата засолниште. Ни да офнат, моја рано, глас да пуштат, да лелекаат, понапати сал ќе клекнат пред Перуна во молитва. Сè што грижна им принесов, негибнато, назад го однесов... Само Митре брате, Поморјанче Митре, до војската на три пати ти отиде да ја смири, ако му се здаде. Војска ти е подивела, бес ја собрал, кога чула за болеста твоја и тргнала да го бара виновникот. Не гледала кај палела, кого моја рано, го колела, што уривала не мислела...

БОЛЕН ДОЈЧИН: Зар седмица цел не сум буден?!

АНГЕЛИНА: Токму толку во креветот студен в сон ми тониш. Што е тоа, моја рано, што го носиш та писнуваш, крик од дното, од грлото и воздухот го следуваш. Сињак срце од сестра сѝ накитуваш.

БОЛЕН ДОЈЧИН: Не знам злата сестро, или да узнам се колебам, од спознајата страшна, наслутена на сон, во нов сон бегам како во засоли кој ќе ме спаси. Но, и таму Ангелино да дофатам што сонувам заканата иста се густи. Седум дена, ноќ предолга, низ соништа пусти пловам, да досегнам мир во сонот, мирно соне да уловам.

АНГЕЛИНА: За другега сонот света билка лековита, а за тебе моја рано, мое брате незаспано сонот јаве и поматно од јавето само... Кажи Дојчин, сега кажи, сестра радо сè ќе стори: ќе отвори бездни земни, небеската жапка ќе ја крени, до длабини темни ќе достаса. Ќе повјаса каде нужно: сонце југно да ја спржи, северното пак замрзни. Ништо нема да ја спречи да излечи болна брата, лек да најде ако таков има.

БОЛЕН ДОЈЧИН: Немој сестро за лекот не зборувај: лек е лелек, видар смртта, видањето, а пострашно не видено.

АНГЕЛИНА: Сестра има, сѐ што има, една душа. Она ѝ е пеперуже бело, ќе го пушти сестра да полета, да долета на твоето чело за болеста да ја впие, та под неа сестра да се свие. Братот орен од постела да стани, неговите рани нејзина повела.

БОЛЕН ДОЈЧИН: Ангелино, братот знае дека може со љубовта сестрина, таа сина светлина до бескрајот што се шири, боговите да ги смири, рани љути да повие, да покрие свод небесен. За моќта од милоста твоја братот свесен... Тук ти велам сестре, Ангелино Лепа, не повторувај да ме лечиш, иљач страшен не споменувај. Понапати само подај ми голтка вино низ години дозреано, јадра смоква шеќероа, путир вода од татковата ни чешма. А кога видиш злата дека тонам в горештица, секавица кај ме жега, ти запеј ми сетна песна, тихим гласом најдалеку што пробива и префрла до три гори, до три реки, та стасува во трлата, на трпеза, од овчари. Да ми овци од слушања не блееле, да ми пците сестре не лаеле, а овчари благотата не јаделе. Врли мажи просолзиле што е Дојчин Солунчанин Болен Дојчин... Викни ми ги другарите. (Ангелина излегува. По извесно време влегуваат Жолта Евреина, Митре Поморјанче и Павле Плетикоса)

БОЛЕН ДОЈЧИН: Што е Митре со војската?

МИТРЕ ПОМОРЈАНЧЕ: Војска збесна главешино, кај што оди пепел чини, меса кини, распарува, оти војска не верува дека твојата болест од проклетство иде.

БОЛЕН ДОЈЧИН: Ти што стори?

МИТРЕ ПОМОРЈАНЧЕ: Сега, мислам, се примири... Појаснував, убедував, молев бесот да го стиши. Ако така продолжеше од Солуна ни камен, а на друг, не ќе останеше.

БОЛЕН ДОЈЧИН: За пофалба здушна ти е стореното.

***Благоја Ристески – Платнарот***

**❒ *Размислете***

- Кои говорни форми ги откривте додека го читавте извадокот?
- Какви чувства откриваат ликовите додека разговараат?
- Кои карактерни особини на ликовите ги откривте?
- Како се чувствувала Ангелина додека Дојчин бил во бесознание?
- Што направила војската на Дојчин кога разбрала дека тој се разболел?
- Што сонувал Дојчин?
- На каков начин Ангелина се труди да ја излечи братовата болест?
- Што порачува Дојчин?

### ❒ Заклучете!

● Во драмското дело постојат две **изразни форми** во говорот на ликовите:

**монолог** – форма на прикажување на драмското дејство во која еден лик не се обраќа на друг, туку разговара сам со себе, не очекувајќи никаков одговор.

**Дијалог** – разговор меѓу два или повеќе лика во драмското дело. Тој ја поттикнува и истакнува спротивноста меѓу ликовите и ги доведува во ситуација да ги откријат своите чувства и карактер, од една страна, а од друга страна, да го развиваат дејството.

### ❒ Задача

● Прераскажете го извадокот претворајќи го од драмски во раскажувачки.

### ❒ За наредниот час

● Прочитајте драмски текст по договор. На часот анализирајте ја содржината откривајќи ги особините на ликовите преку исказот и изразните форми. Направете споредба со особините на прозен текст и откријте сличности и разлики меѓу нив.



## МЕДИУМСКА КУЛТУРА

### *ГЛАВНИ И СПОРЕДНИ АРТИСТИ (во филм и во театарска претстава)*

● Дискутирајте за гледан филм, или проследена театарска претстава, и за тоа кој ги толкува главните улоги во нив. Размислете кои елементи го прават филмот или театарската претстава атрактивни за гледање.

● При читањето на извадокот согледајте кој ја има главната, а кој споредната улога во театарската претстава. Обрнете внимание на начинот на кој комуницираат ликовите.

### *СПАСУВАЧКА УЛОГА*

(Дејството во извадокот се случува во болница за деца каде театарската група изведува претстава. Горан е пациент во болницата и сосема неочекувано добива улога во претставата „Госпоѓа Министерка“ која се изведува пред болните деца.)

Горан го погледна непознатиот човек со очајнички израз на лицето и разбра дека треба да се уфрли во комедијата за да замени некој што беше отсутен. Според трите реченици што му ги спомнуваше, знаеше дека станува збор за некој епизодист. Но, тоа за него беше нешто ново и неочекувано, па уште несогласен, тремата почна да му го фаќа јазикот. До него дојде и министерката Живка да го охрабри.

- Ќе кажеш само три реченици, Горанче, ќе ни ја спасиш артистичката чест и ние за тоа ќе ти бидеме благодарни!

- Добро, ќе се обидам! – пропелтечи и ги збуни артистите небаре не умее чисто да зборува.

Режисерот почна да му објаснува:

- Ти ја имаш епизодната улога на момокот – не знаејќи како да му објасни – но јас тоа го приспособив како поштар. Ќе те облечеме во поштарска облека и кога ќе ти дадам знак, ќе влезеш на сцената каде што ќе те пречекаат артистите Чедо и Дара и ќе речеш: - Дај ми го писмото ваму, но ти нема да му го дадеш, разбираш? Мирно ќе му одговориш: - Наредено ми е да ѝ го предадам лично на госпоѓата Поповиќ! Потоа ќе дојде госпоѓата министерка Поповиќ и ќе ти рече: - За мене ли е писмото? – а ти ќе ѝ одговориш: - За тебе, госпоѓо, лично од секретарот господинот Нинковиќ. Ете, тоа е сè, Горане, три реченици и спас и за мене и за претставата. Ајде сега да се обидеме веднаш! – им рече тој на артистите што требаше да учествуваат во оваа сцена.

Чедо и Дара застанаа на едно место, а Горан поучен од режисерот небаре влегува однадвор, застана пред нив и повтори:

- Добар ден, имам писмо за госпоѓата министерка Поповиќ!

- Дај ми го ваму писмото! – му рече артистот Чедо.

- Наредено ми е лично да ѝ го предадам на госпоѓата министерка Поповиќ!

Министерката Живка се доближи до него небаре првпат влегува на сцена и му рече:

- За мене ли е писмото?

- Да, госпоѓо, лично од секретарот, господинот Нинковиќ! - ѝ одговори Горан.

По оваа реплика сите се втурнаа околу него и му честитаа што толку успешно го надополни отсуството на заборавениот епизодист. Режисерот Митко веднаш му ја подаде поштарската облека, му ја обеси големата чанта, му ги залепи мустаќите и го прекри со широката поштарска шапка. За секој случај, да не се збуни на сцената и да ја расипе претставата, му рече:

- Горане, сине, ти треба да ни ја спасиш нашата артистичка чест и мораме да бидеме претпазливи. Во случај да запнеш и да не можеш да се сетиш на текстот, еве ти го напишав на пликот од писмото, кое го држиш в раце и нема да му го даваш на Чедо, а ќе си ги прочиташ репликите, разбираш?

- Разбирам – му одговори Горан, по малку охрабрен и среќен што набргу ќе се најде на сцената како артист кој ја спасува честа на другите артисти.

Немаше време за губење и претставата започна. Скриен зад сцената, режисерот Митко, му шепна:

- Горане, само спокојно, без трема, јас ќе ти дадам нишан кога ќе треба да се појавиш на сцената, јасно?

- Да, јасно! – му даде знак со тивок шепот и со нишање на главата.

Претставата полека течеше. Настапуваше на крајот од вториот чин и сѐ повеќе се возбудуваше. Му се тресеа колениците небаре имаше испиено литар ракија. Режисерот Митко го забележа тоа и му се доближи прегрнувајќи го и шепотејќи му:

- Горане, сине, ослободи се од тремата, ова не е ништо. Замисли да ги нема твоите другарчиња, така замисли, те молам!

Горан се созеде од тремата. Најпосле дојде мигот и тој да се појави на сцената, а режисерот Митко му даде знак и му дофрли:

- Горане, само храбро напред, за мене и за твоите другарчиња! - и ги стегна палците.

При самото влегување тој се спрепна на долгите панталони. На едната страна му летна шапката, а на другата се наведна со чантата, притоа мирно држејќи го писмото цврсто во рацете. Посегна по шапката, малку ја поднамести чантата, а за тоа време од присутните деца кои не знаеја дека е тоа нивниот Горан, одекна силен аплауз за одглумената сцена на пијан поштар. Возбуден, режисерот Митко гласно рече:

- Отиде сè по ѓаволите! – и само што не се расплака.

Како во сон погледна кон сцената и го виде малиот новопечен артист – епизодист Горан Јанески како се созема и цврсто држејќи го писмото во рацете, ја изговара првата реплика:

- Добар ден, имам писмо за госпоѓата министерка Поповиќ...

Режисерот Митко не им поверува на своите очи. Заплака од возбуда и почека што ќе се случи со другите две реплики. Горан ја изговори втората свртен кон Чедо и сè убаво течеше. Потоа се појави министерката Живка и Митко слушна како го прашува таа:

- За мене писмо?

- Да, госпоѓо, од секретарот господин Нинковиќ.

Потоа Живка му рече:

- Благодарам! – му даде знак да си оди од сцената.

Горан се поклони и со поголема внимателност замина од сцената. Режисерот одушевен и расплакан, го зеде во прегратка и му рече:

- Горане, ако има Господ, а верувам дека има, ќе го молам да оздравеш уште овој миг и да се најдеш во нашите простории како артист аматер, но запомни: не епизодист, туку главен актер! Ти ни ја спаси нашата артистичка чест и ние ова нема да го заборавиме. Додека сме живи ќе се сеќаваме и ќе ја прераскажуваме оваа сцена што беше твоја веројатно прва улога во театарска претстава.

Горан ништо не му рече, туку се заслуша во аплаузот кој потоа громна во салата, а беше поздрав и за него, и за сите што учествуваа во вториот чин кој штотуку заврши.

Од Горана се избриша тремата и тој како голем артист кој ја одиграл улогата, посака да седне до другарчето, да се врати кај публиката, но режисерот Митко го задржа, а еве зошто: кога заврши претставата го зедоа артистите заедно со нив да се поклони пред насобраната публика. Пред импровизираната бина дојде докторката Благородна Здравевска и како свое дете го крена во рацете и го бакна. Тоа го направи и чистачката Наталија која почна да плаче и не знаејќи зошто, а публиката дури тогаш сфати дека поштарот бил нивното другарче.

***Рајко Јовчевски***

### ❒ Размислете и разговарајте!

- Каква улога добил Горан во претставата?
- Кој ја има улогата на организатор во претставата?
- Какви упатства му даваат на Горан?
- Што се случило во почетокот на претставата?
- Како постапил Горан?
- Како реагирал режисерот?
- Каква форма на исказ (говорење) користат ликовите во претставата?
- Кој ја толкувал главната улога?

### ❒ Запомнете!

● **Артистите** ги толкуваат ликовите, го претвораат пишуваниот текст во **жив говор**, а на сцена доаѓаат до израз нивните **творечки способности.** Артистите употребуваат **дијалог** и **монолог**, а според степенот на застапеност на артистот во филм или во театарска претстава, се делат на **главни артисти** кои ја толкуваат улогата на главниот лик, додека **споредните артисти** имаат помали улоги, но тесно поврзани со главниот лик.

### ❒ Научете повеќе!

● За повпечатливо претставување на филмот или на театарската претстава особена улога имаат **каскадерите** кои ги изведуваат атрактивните и опасни сцени наместо главниот артист. Обично со нивните улоги тие се животно загрозени.

**Акробатите** се артисти кои изведуваат точки во кои ги презентираат вештините на движењата и правењето фигури како во циркус, со што помагаат за внесување атрактивен визуелен и возбудлив впечаток во следењето на филмот или на театарската претстава.

### ❒ Задача

● Проследете филм или театарска претстава во кои се застапени каскадери или акробати и дискутирајте за содржината на филмот или претставата, како и за улогата на артистите во нив.

### ❒ Бидете креативни!

● Подгответе и изведете мала театарска претстава од учен текст. Обрнете внимание на интерпретацијата на текстот по улоги. Притоа, оживејте ги ликовите и просторот во драмскиот текст, а публиката нека го изнесе својот коментар.

## *СИНОПСИС И СЦЕНАРИО*

● Прочитајте го текстот и споредете го со уметнички текст од учебникот и дискутирајте за нивните разлики.

● Размислете што е потребно да се има за да започне процесот на правење филм.

### *АНГЕЛИ НА ОТПАД*

Сценарио: Томислав Османли
Режија: Димитрие Османли

Филмот „Ангели на отпад“ е со современа тематика. Ликовите се од нашето секојдневие кои тонат во крајна сиромаштија што не значи дека поради тоа го изгубиле и своето достоинство.

Гаврил, работник во фабриката за стакло, тивок и понизен човек, со своето семејство живее во близина на отпадот во трошна диваградба што подоцна е урната.

Тука живее и еден поранешен циркуски кловн по име Ицко, човек кој, исто така, тоне во самотија и во сиромаштија. Неговата поранешна сопруга, Мими, сонува за изминатите времиња и не може да го сфати светот во кој живее. И Ицко и Мими станале жртви на огнот во последната циркуска претстава пред очите на посетителите.

Впечатлив е ликот на Рушка, жена која низ животот имала многу мажи, но сите тие на некој начин ѝ подвалиле и ја искористиле, поради што Рушка спас побарала во алкохолот.

Луѓето кои живеат на отпадот се учесници или сведоци на секојдневни поголеми или помали инциденти, но нивниот живот продолжува следејќи ја судбината на секој поединец.



*Кадар од филмот „Ангели на отпад“*

**❐ Размислете!**

● Која е главната идеја за идниот филм?
● Прераскажете ја накусо неговата содржина.
● Каква претстава добивте за главните ликови во филмот? На каков начин се опишани?

❒ **Запомнете!**

● За да започне да се снима филм, потребно е да се има **идеја**, значи накусо да се знае содржината на идниот филм. Поимот идеја доаѓа од грчкиот збор **ideal** што значи мисла, мисла водилка, досетка. Затоа филмската идеја е **камен темелник** над кој се надоградуваат другите елементи нужни за создавање филм. Таа треба да биде нова, **оригинална, реалистична, веродостојна.** Кога содржината на филмот што треба да се сними ќе се изнесе накусо во писмена форма тоа е **синопсис.** Терминот е грчки збор и значи **скица, преглед, општ осврт.** Синопсисот претставува подготовка за изготвување **сценарио.**

❒ **Задача**

● Прочитајте го следното сценарио и споредете го со синопсисот од истоимениот филм. Откријте кои особености ги пронајдовте и какви разлики воочивте.

## ПОДГОТОВКА ЗА ПРОТЕСТ

ГРАДСКИ ПАРК
Екстериер-маглив ден

Широк план и мал горен ракурс на група пензионери на чело со Професорот доаѓа во Паркот меѓу „своите“. Со доли-кран камерата бавно се спушта на една клупа на која е отворена таблата за „дама“, но никој не игра. Пензионерите замислено седат. Камерата му се доближува на ...

**ПРОФЕСОРОТ:** ГОСПОДА, НИЕ РЕШИВМЕ! НЕ МОЖЕ БРЕ ЛУЃЕ, ВАКА, ЦЕЛ ЖИВОТ РАБОТЕВМЕ, А ТИЕ ПРЕКУ НОЌ НЕ ЗАБОРАВИЈА. ОД ШТО ДА ЖИВЕЕМЕ, ОД СПОМЕНИ?!...

Кружен фар по присутните пензионери кои одобруваат ...

**ПРОФЕСОРОТ:** КОЛЕГИ, КОЈ САКА, МОЖЕ ДА НИ СЕ ПРИДРУЖИ, НИЕ ОДИМЕ ПРЕД ПАРЛАМЕНТОТ, ОДИМЕ ДА ПОКАЖЕМЕ ДЕКА СМЕ ЖИВИ И ...

**ЕДЕН ПЕНЗИОНЕР:** ... И МРТВИ ГЛАДНИ!

**ПРОФЕСОРОТ:** (Прекорно го погледнува)...; И НАВРЕДЕНИ, А УШТЕ И ...

**ДРУГ ПЕНЗИОНЕР:** ... ОТФРЛЕНИ!

**ПРОФЕСОРОТ:** ВЕ МОЛАМ, КОЛЕГИ, ЗА МАЛКУ ПОВЕЌЕ ДОСТОИНСТВО! ЗНАЧИ, КОЈ Е СО НАС, НЕКА ДОАЃА. (Патетично) БАСТИЉА МОРА ДА ПАДНЕ!

Камерата се крева на доли-кранот и ја открива групата од горен ракурс. Професорот прв тргнува, а по него и останатите...

*(Извадок од сценарио и книга на снимање од филмот „Ангели на отпад“)*

### ❐ Запомнете!

● **Сценарио** е вид литературно дело што претставува **основа за снимање филм.** Во него е изложена содржината на сликите со насочување начини како тие треба да се обликуваат. Содржи опис на физички и психолошки карактеристики на ликовите кои се носители на филмското дејство. Ако синопсисот се изработи според законите на филмската драматургија, со описи на визуелни и акустични поединости, со дијалози на ликовите се добива **филмско сценарио**. Вредноста на филмот зависи од сценариото кое обично го пишуваат познати писатели или лица кои се добри познавачи на филмската драматургија.

● **Книга на снимање** е првиот творечки акт на филмскиот режисер во која се дава детален опис на сите слики што треба да ги содржи филмот, опис на дијалогот меѓу лицата, опис на шумови, на музика. Тоа е база на техничко-организациска разработка на плановите на филмскиот проект.

### ❐ Изработи сам!

● Одберете дел од сценарио според договор и споредете го со драмски текст што сте го прочитале. Откријте ги карактеристиките на сценариото, описот на физичките и психолошките карактеристики на ликовите кои се носители на филмското дејство. Потоа дискутирајте за сличностите и разликите меѓу сценарио и драмски текст.

### ❐ Бидете креативни

● Обидете се да напишете сценарио за иден филм според прочитан текст за деца по претходен договор. Користете описи на визуелни и акустични поединости со дијалози на ликовите. Изгответе книга на снимање со описи на сликите што треба да ги содржи замислениот филм. Направете презентација на часот.

# ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

## *ГОВОР*

● Присетете се кога сте слушале обраќање по повод некоја свеченост, отворање на некоја манифестација, прослава на празник... Обидете се да искажете делови од она што сте го запомниле, па дискутирајте за начинот на кој е изведено обраќањето.

● Прочитајте го текстот и воочете ги спецификите на обраќањето.

### *ЦВЕЌЕ НА МИРОТ*

(Романот е посветен на нашиот хуманитарец и сликар Живко Поповски – Цветин. Тој прифаќа да биде гостин на свеченоста, што во негова чест се организира во едно училиште во рамките на манифестацијата „Цвеќе на мирот“. Романот во себе сплотува еколошка, хумана и мирољубива порака.)

Д о а ѓ а њ е. Пречекување. Детски раце – спружени кон него – цвеќе за д о б р е д о ј д е - возбудливи ракувања со познати соработници. Со сите го здружува ЦВЕЌЕТО на МИРОТ... Не илузијата туку реално остварување. – Кое по ред е ова училиште? – збунето помислува Ц в е т и н. Погледот миговно му се исполнува со напливнати бои, со насмевнати детски ликови.

- „Драги ученици, драги присутни гости, родители, наставнички, наставници, радосни сме и возбудени дека заедно го чествуваме ЦВЕЌЕТО на МИРОТ. Еве, меѓу нас е и нашиот познат уметник Ц в е т и н, иницијатор на Карванот ЦВЕЌЕ на МИРОТ – со 40 авторски дела – за нас и со нас, а ние со него и за него во вечен копнеж за МИРОТ и за ЦВЕЌЕТО! Насекаде – во нашата мила Татковина Македонија и насекаде во светот“.

Аплаузот екнува па набргу стивнува, се слуша конферансие – машки глас:

- „Сега ќе присуствуваме на творечки чин. Уметникот Ц в е т и н со Оливер, Јаглика и Мими, членови на нашата ликовна секција, ќе творат пред нас. Ќе ги изразуваат нашите најискрени желби – МИР, С Л О Б О Д А, С О Н Ч Е В И Н А,

Љ У Б О В, У Б А В И Н А за секого и секаде во нашата Т А Т К О В И Н А М А К Е Д О Н И Ј А!!! За секого и насекаде во С В Е Т О Т!!!

- Со гордост можеме да речеме дека ЦВЕЌЕ на МИРОТ ги краси просториите на ОН, УНЕСКО, УНИЦЕФ, Факултетот за МИР во



Хирошима и Нагасаки – двата јапонски града врз кои 1945 година биле фрлени атомски бомби, двата града на апокалипса... ги краси и просториите на Европската унија и нејзините членки. ЦВЕЌЕ на МИРОТ се шири низ целиот свет на доплатни поштенски марки, на картички, календари, на насловни страници на списанија и книги, во учебници. Секаде каде што станува збор за ХУМАНОСТА И МИРОТ – таму е присутно ЦВЕЌЕТО на Ц в е т и н. –

Да упатиме порака:

- НЕ САКАМЕ ПОДЕЛБИ И ВОЈНИ – САКАМЕ СПЛОТЕНОСТ, МИР И ЦВЕЌЕ!

- САКАМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ ВО СЛОБОДНА ТАТКОВИНА И СЛОБОДЕН СВЕТ!

- ДА НЕМА ГРАНИЦИ – ПТИЦИ ДА СМЕ ВО НЕБЕСНА ШИР!

- СО ПЕСНА ДА ШИРИМЕ ОРО – ЦВЕТ ДО ЦВЕТ!

- „Всушност, тоа го изразува и оваа композиција“, рече Цветин, - „пред вас ја создадовме нашата Татковина Македонија – цветна градина за сите нас и мирисна за целиот свет. Над неа секогаш небото да е сино, да е сончево и бели гулаби да летаат – гулаби на МИРОТ! Тоа нека ви е мисла водилка, драги мои љубители на уметноста и сите вие што ги оспособувате и насочувате позитивно да растат. Денес сум среќен дека со вас сум на уште една средба – ЦВЕЌЕ на МИРОТ. Посакувам никогаш да не го заборавите овој чудесен ден...“

- „Ви благодарам за сите убави зборови за моето творештво, за миротворна и хуманитарна дејност – со сите истомисленици – како вие денес на оваа заедничка средба. Заеднички го создадовме делото – ЦВЕТНА МАКЕДОНИЈА што ќе зрачи за вас и за генерациите по вас.“

Ц в е т и н гледа, му приоѓа височок осмоодделенец:

- „Под менторство на нашата наставничка Магдалена, ние, членовите на литературната секција, ви подготвивме ракописна поетска збирка – нашите најмили песни.“

- „Р а к о п и с н а?“ Ц в е т и н е мошне возбуден. „Благодарам! Ме трогнавте – ова ми е п р в а ракописна збирка. Од познати поети имам добиено многу ракописни песни, сите ми се мили, ама особено ми е при срце РУЖА од Блаже Конески, ракопис што ми го подари во далечната 1986 година на, 24 мај, и уште ми напиша дека *нема цвет што не е убав!“*

Сите присутни во холот во потполна тишина како да очекуваат уште нешто необично да се случи. И тогаш - загледан некаде нагоре, како ученик кога рецитира на свечена приредба – Ц в е т и н почна да изговара полека, јасно, со внатрешен трепет.

*- Ружо, со лисје како меки усни, ти цутена на полјанка, те следам, те следам скришно, девојченце мое, и само гледам, и само те гледам.*

*- Ружо, јас сакам овој румен звук што во тебе се таи да го слушам.*

*- Ружо, јас сакам, и ќе дојдам вечер, ќе дојдам вечер скришно да те гушнам.*

- И низ тишината - а п л а у з. Го прифаќа и Цветин и придружен од двајцата конференсиеја слегува од бината.

***Бистрица Миркуловска***

### ❒ *Размислете и одговорете!*

- Како е претставен Цветин?
- Што прави со децата на бината?
- Која е пораката од неговото обраќање?
- Анализирајте ја песната „Ружа“ која ја рецитира Цветин во своето обраќање?

### ❒ *Запомнете!*

- **Обраќање** по повод празник, свеченост, манифестација во училиште, но и поради некој проблем искажан на конференции, се вика **говор**. Говорителот се обраќа пред присутните искажувајќи почит, осврнувајќи се на поводот со одбрани зборови, на разбирлив јазик, но со возвишен тон и убав стил во говорењето. Говорот треба да биде исполнет и со најбитното за да предизвика внимание со атрактивноста во изразот.

❒ Индивидуална задача

● Во текот на вашето школување сте имале прилика да слушнете говор по повод Денот на училиштето. Обидете се да напишете поздравен говор, а како идеја нека ви послужи следниов текст.

## НАШИОТ СВЕЧЕН ДЕН

Секој десетти април е наш празник. Ни го подари нашиот заштитник да го продолжиме неговиот живот и дело, да ги оствариме неговите сакани, а неисполнети желби и идеали.

Педесет календарски и учебни години се зад нас поминати во метновение од првиот чекор, првиот училишен ден и ѕвон. Толку многу денови поминаа исполнети со учење, среќни насмевки, радост и тага. Сиве овие години се нижат редејќи зад себе спомени проследени со многу радост, ангажман, успех и резултати.

Почитувани гости, сакаме да бидете дел од нас, да го споделите со нас убавото, инспиративно и весело детско творење на кое сме особено горди. Бидете дел од нашиот детски свет.

***(Говор по повод училишен јубилеј)***

❒ Бидете креативни!

● Одберете тема за некој проблем и напишете говор кој ќе го прочитате пред учениците.



## ПИСМЕНО И УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ

● Прочитајте го извадокот и забележете што недостасува во него.

### SВЕЗДИ

Се сетив на една желба од детството. Луда и неостварлива, но многу силна и голема, та дури и до сега се задржала во некое катче на сеќавањето - чиста, светла, непоматена од маглата на годините. Тогаш се срамев да ја откријам, се плашев да не помислат, да не речат: тој е луд! Но сега... сега е далеку тоа време. Ќе ви раскажам за таа голема и чудесно убава желба.

Беше планинска ноќ, далечна планинска ноќ – свежа, мирислива. Лето. Небото ми личеше на бескрајно сито што сее sвезден прав.

Овците беа затворени во трло изградено од колци и гранки, и преживуваа: сити и спокојни. Пците полегнале покрај оградата, се преправаа дека спијат.

Ние – овчарите, дедо ми и јас – седевме пред прагот на колибата молчаливо загледани во ноќта, во sвезденото сито; секој на свој начин и со свое уво ги доловуваше таинствените гласови што се пробиваа низ гората, шумолењата и необјаснивите звуци што извираа од длабочината на ноќта, грготот на водите и лепетот на невидливите крилја од ноќни птици... Тоа се случуваше обично пред легнување, кога овчарите ќе ги завршеа приказните за дивокози и рисови – осаменици, за белоноги срни и жар-птици, повеќе наследен од приказните на нивните дедовци, отколку видени во горета... Јас долго потоа не можев да се ослободам од чудесниот свет на нивните приказни и, додека се прашував самиот себеси што е вистина, а што измислица, погледот ми ловеше по нагрозденото со sвезди небо. Тогаш ми се причинуваше дека sвездите се толку близу, што дури можам да дофатам со рака, само ако се поискачам на блискиот рид зад трлото.

И како што се случуваат многу необјасниви промени во душата на детето, така во мене се роди големата необјаснива желба: ...

***Видое Подгорец***

**❒ Размислете и разговарајте!**

- На што се сетил раскажувачот во расказот?
- Каде се случува дејството?
- Што правеле овчарите?
- За што раскажувале тие?
- Што им се порачувало додека го гледале sвезденото небо?
- Каква желба се родила?

***❒ Креативна задача***
***(Индивидуална работа)***

● Во текстот *„Мало отровно змијулче“* недостасува крај. Твоја задача е да смислиш продолжение на текстот со крај (завршен дел) по сопствена желба и организација, употребувајќи ги елементите на расказот. Организирајте натпревар на најубаво осмислена творба.

## *МАЛОТО ОТРОВНО ЗМИУЛЧЕ*

Добив писмо од Ивана. Конечно! Патувало цели три недели од неа до мене.

Тоа го видов по печатот врз марката. Немав трпение внимателно да го отворам пликот, па цело го испоискинав за што побрзо да прочитам што ми пишува. Ми имаше напишано чудесни нешта: била во Америка! И во Дизниленд, ете што ми пишуваше. Го користеле одморот кај некои пријатели што им живеат таму и така, мојата Ивана од Казахстан, право во Лос Анџелес. Не можам да речам дека не се израдував, ама исто така не можам да речам и дека не ме „касна“ нешто во срцето. Како да имам мало отровно змиулче што шета низ моето срце и го грицка парче по парче. Целото срце ми се распарчи додека читав на цели две страни од писмото како Ива го опишува нејзиното лето во Америка. А за Дизниленд! Половина место одвоила за само тој еден единствен ден, што го минала таму. И сѐ во детали ми опишала. На што се возела, што видела, како се фотографирала со Дизниевите јунаци, па јадела огромни сладоледи! Се ми напишала. Вели во Дизниленд останале цел ден, од утро до мрак, и дека и тоа било малку, толку сѐ било прекрасно и забавно. Блазе си ѝ - си мислев – има среќа таа Ивана. А, јас? Јас во еден Охрид и во Крушево, па Брајчино, и тоа е сѐ. Кој не ти го може тоа? Ама, Америка! Дизниленд! Ох – воздивнав - ќе ме снајде ли мене некогаш таква среќа? И пак го препрочитав писмото за уште еднаш да си го мачам срцето. Она змијчено, ми се чинеше дека влегло и во мојата душа, па и неа ја каса и гризе, парче на парче ни од неа да не остане.

Дури на крајот на писмото, во аголот, Ивана имаше напишано дека често мисли на мене и дека ѝ недостигам, што не ми звучеше баш уверливо, а сосема најдолу – да ги поздравам другарките, особено Мила и Снеже.

***Јагода Михајловска – Георгиева***

## *ТЕКСТОВИ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА*

### ПИШУВАЊЕ МОЛБА, ЖАЛБА

***❒ Споредете!***

● Внимателно прочитајте ги текстовите и воочете ги нивните структури.

***До Основното училиште „Илинден“***

***Молба***
***од Јана Павлова, ученик во VIII одделение***

***Го молам Секретаријатот на училиштето да ми издаде потврда дека сум редовен ученик што ќе ми послужи да добијам месечен билет за градски превоз.***

***Скопје, 20.II.2009 г.*** ***Потпис***
**Јана Павлова**

***До Советот на општина Центар***

***Жалба***
***ОД Петар Арсов, со стан на улица „Кочо Рацин“ – Скопје, Број на лична карта 123456***

***Ја обжалувам одлуката на Советот со која не се дозволува подигнување објект на улицата „423“. Сметам дека одлуката треба да се преиспита за да се земат во обзир сите доставени документи.***

***Скопје, 25.II.2009 г.*** ***Потпис***
**Петар Арсовски**

***❒ Размислете!***

● Кои се резултатите во структурата на презентираните текстови?

● Што забележавте во однос на јазикот на кој се пишувани?

***❒ Запомнете!***

● Во секојдневниот живот имаме потреба да пишуваме **молби, жалби.** Тие имаат **специфична структура** и користат јасна и прецизна мисла со презентирање лични податоци на службен јазик. Со нив се служиме кога користиме услуги во банки, пошти, судови и сл.

● Доминантна стилска особина на **молбата** и **жалбата** е јасноста, концизноста во изразувањето (треба да се напише најпотребното). Не треба да се употребуваат фрази, пренасилена љубезност, дрзок однос и сл. (На Пример: Ќе ви бидам крајно благодарен, го молам горниот наслов, се надевам дека и др.).

***❒ Задача***

● Напишете примери од **молба** и **жалба** и прочитајте ги на часот.

## ЗАПИСНИК

***❒ Задача***

● Додека го читате записникот размислувајте за неговата форма и времето кога бил пишуван.

### *ЗАПИСНИК*

Од одржаниот состанок на литературната секција, на 2.III 2009 година, во 12 часот. Присутни беа сите членови на секцијата, со исклучок на Павлина Крстевска и Јане Велковски, поради болест. На состанокот се работеше по следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Извештај од учеството на литературните средби
2. Програма за престојните активности
3. Избор на творби за ѕидниот весник

По првата точка, претседателот на секцијата направи осврт на успешното учество на нашите членови на литературните средби организирани по повод патрониот празник. Имаше претставници од сите одделенија кои ги претставуваа своите поетски и прозни творби на тема „Другарството нè плени“. Сите учесници беа пофалени, а беа одбрани три творби како наградени од комисијата која ја сочинуваа ученици и наставници.

По втората точка, беше подготвена и усвоена програма за престојните активности по повод „Денови на екологијата“. Ќе биде распишан литературен конкурс за најуспешни поетски творби на истата тема, ќе се подготви ѕиден весник, како и литературно читање со гости – литерати од соседните училишта.

Членовите на секцијата одбраа творби кои во наредниот период ќе го красат училишниот ѕиден весник.

Предлозите и заклучоците беа прифатени од сите членови на секцијата.

Состанокот заврши во 13 часот.

| | |
|---|---|
| Записничар | Претседател |
| Марко Поповски | Нина Јаневска |

### ❒ Разговарајте!

- Кога е пишуван записникот?
- Кој е поводот за кој е напишан?
- Дискутирајте за формата на записникот, споредувајќи го со литературен текст.

### ❒ Запомнете!

**Записникот е писмен документ.**

Се пишува **во текот на одвивањето** на настанот зашто набројува податоци за одредена работа, активност, состанок и сл.

### ❒ Задача

- Проследете состанок на одделенската заедница, на секцијата во која членувате, или на родителско-ученичко-наставничка средба, а потоа напишете записник.

## Е С Е Ј

### ❒ Подготовка за час

- Присетете се на тема која сте ја обработувале на часот, каде сте искажале лични впечатоци и дискутирајте за тоа.
- Прочитајте го извадокот и размислете на каков начин авторот ја обработува темата што ја одбрал. Споредете го со извадок од расказ или роман.

### СКОПЈЕ, ПРОЛЕТ

Пред речиси триесет години еден наш познат современ поет напиша една необична песна за Скопје, пејзажот што се открива низ квадаратот на отворениот прозорец виден меѓу двете петтокатници. Оттогаш поминаа многу пролетти, се изградија уште многу висококатници, а глетката на Скопје што од нив може да се види, е сè повозбудлива колку сме поблиску до небото. А од мојот прозорец на висококатница, највозбудливи се пролетни слики на Скопје. Тие најмногу во себе ја кријат душата и историјата на градот. И тоа во овие денови на април , кога погледот го привлекува чудесната мекост на мовта од штотуку раззеленетите дрвја на скопските кејови и булевари. Во урбаната средина, постојано да се има пред себе раскошна панорама

на градот, е можеби едно од ретките задоволства и привилегии. Се разбира, за секој оној кој со љубов сака да го чита и да го толкува тоа богатство од знаци. Глетката почнува со благото возвишување на Гази-Баба, во далечината. Наеднаш ни се присторува како во синилито да ги гледаме шарените книжни змејови што ги пуштавме во детството. Малкумина знаат дека змејовите можеа да бидат летани и ноќе со специјално приклучени батерии на нив. Тогаш наликуваа на вистински змејови од сказните, оние што исфрлаат пламен.

Така во еден нов здив на пролетта, од прозорецот, се мешаат визиите, глетките од некогашното и од сегашното Скопје...

А сега е миг кога раззеленуваат и костените на скопскиот Плоштад. Почнувајќи од Гази-Баба глетката завршува со падините на Водно.Таму се случува вистинска експлозија. Слетуваат нежните бели падобрани од штотуку расцутените овошки.

Поглед како од волшебниот калеидоскоп од детството. Скопје, од мојот прозорец.

***Данило Коцевски***

***❐ Размислете и одговорете!***

- Со каква тематика била песната за Скопје?
- Каква е глетката во пролет и по триесет години?
- Чии впечатоци се искажани во текстот?
- Како авторот ја опишува пролетта гледана низ прозорецот?
- Од кој дел на Скопје го започнува описот?
- Која особеност ја истакнува?
- Каде, според него, започнува експлозијата во пролет?
- Кои поетски средства ги употребил писателот за на читателот да му го доближи сопственото видување на пролетта во градот?

***❐ Запомнете!***

- Посебен вид литературна критика во која авторот ги изразува своите **субјективни впечатоци и размислувања** по некој литературен, научен, политички и друг проблем, се вика **есеј.** Тие впечатоци и размислувања писателот ги искажува **аргументирано, убедливо, научно, занимливо** и **оригинално.** Есејот, исто така, значи и **обработка на некој** проблем или тема. Есејот е интересна творба со **убав стил** во постапката при обработка на проблемот. **Во македонската литература** најпознати есеисти се: Блаже Конески, Славко Јаневски, Георги Старделов, Влада Урошевиќ, Катица Ќулафкова, Венко Андоновски и др.

### ❒ Задача

● По претходен договор, поделете се по групи и одберете исто толку теми или проблеми со кои се сретнувате. Обидете се да дадете, во писмена форма, свој личен впечаток кој треба да биде точен, јасен, убедлив и напишан со убав израз (правилно јазично и стилски). На часот презентирајте го и дискутирајте за сработеното при тоа откривајќи ги одликите на есејот.

### ❒ Применете ги знаењата! (Индивидуална работа)

● Изберете тема и напишете есеј. Како инспирација може да послужи гледана емисија, филм, театарска претстава, новинарски текст за кој сте заинтересирани да дадете сопствено мислење, или пак литературно дело кое оставило силен впечаток и сакате да презентирате сопствено гледиште за темата која е обработена.

### ❒ Бидете креативни!

● Пронајдете и прочитајте есеи од македонската литература и забележете што сте запомниле, па поделете го мислењето со соучениците.



# РЕЧНИК НА НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

## А

азетиса - **допаѓа**

акам **– скитам**

алајки **– слугинки**

алова **– црвена**

аџамии - **незрели луѓе**

арамија - **бунтовник**

## Б

батардиса - **запусте**

баца - **бакна**

боздогана - **тешка железна топка со боцки, старовремско оружје**

## В

веда **– молскавица**

вежди **– веѓи**

вилает - **посед**

волча - **волчја**

враг - **ѓавол**

## Г

гајле - **грижа**

гемија **– брод**

## Д

дабоа **– дабова**

дели **– стројни луѓе**

диван **– височинка, отоман, кауч**

дробни - **ситни**

друм **– пат**

## З

замаен - **занесен**

зачмаен - **повлечен во себе**

затаала - **седи мирна во молк**

здушно - **од душа**

земница **– склад ископан в земја**

## И

исклесан **– издлабен во камен**

## Ј

јазди **– одминува**

## К

кабаница - **наметка**

калеидоскоп - **детска играчка во која се гледаат разни бои и шари**

калеша **– со темен тен**

каракамен **– црн камен**

керали **– визбени одаи**

кладе - **стави**

клободан **– дел од облека**

коприна **– свила**

коров - **трева со јак корен**

кумита - **борец**

## Л

леко - **лесно**

лимњa **– дневница (заработка)**

М

малиновки – **од село Малино**

махрама – **марама, шамија**

маштеа – **маќеа**

Н

наима - **прифати**

нафол – **ненадејна смрт**

ноќеви – **ноќи**

нунко - **кум**

О

опора - **тешка**

П

пеливан - **борач**

Перун - **староловенски бог на громот**

С

сегна - **скокот на потпазуви**

сорче - **мал копач (земјоделска алатка)**

срмајлија – **навезено со златен конец**

стра - **страв**

стушена - **свената**

сурдиса - **уништи**

Т

таин – **храна, оброци**

тамбура – **жичен инструмент како гитара**

типоса - **печати**

Ќ

ќердоса – **посреќи**

Ф

фиданлија - **со млади гранки**

фесоине – **фесови - турски капи**

Ч

чемерна - **тажна**

чемрее – **тагува**

Џ

џанам – **море - при нагласено обраќање**

џузданче - **свиткана хартија**

Ш

шедба – **на прошетка**

шупељка - **народен инструмент направен од дрво**

## ЛИТЕРАТУРА

Блаже Конески, *„Граматика на македонскиот литературен јазик (Скопје, 1982)“; „Историја на македонскиот јазик“ (Скопје, 1982); „За македонскиот литературен јазик“ (Скопје, 1952)*

Б. Видоески, Т. Конески, К. Конески, Р. У. Скаловска, *„Правопис на македонскиот литературен јазик“ (Скопје, 1998)*

*Правопис на македонсиот литературен јазик; Редакциски одбор: Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, К. Тошев, Р. У. Скаловска (Скопје, 1970)*

*„Македонскиот јазик во глобалниот свет“; Редакциски одбор: М. Каранфиловски, Илија Велев, С. Веновска-Антевска, Ј. Плевнеш (Скопје, 2008)*

*Р. Паноска, „Методика на наставата по македонски јазик“ (Скопје, 1980)*

*Ј. Владова, Л. Минова-Ѓуркова, Т. Треневски, „Ставови за литературата“ (Скопје, 1996)*

*Љ. Андреев, „Општа теорија на литературата“ (Скопје, 1990)*

*Д. Јорданова - Тошева, С. Палчевска, Ј. Шундовска, „Современи методи и техники во наставата“*

*Б. Томашевски, „Теорија књижевности“ (Београд, 1972)*

*Н. Николовкса, В. Велјановски „Волшебен екран“ (Скопје, 2000)*

*Литератури од различни автори: Г. Сталев, Г. Тодоровски, Љ. Андреев, С. Мицковиќ и др.*

*Стефан И. Верковиќ, „Македонски народни песни“ книга прва и петта (приредил Кирил Пенушлиски), Македонска книга (Скопје, 1985)*

*Миливој Солар, „Модерна теорија романа“, Нолит (Белград, 1979)*

*Речник књижевних термина, Нолит (Белград, 1986)*

*Книги - белетристика (за извадоци, цитати и сл.)*

## С О Д Р Ж И Н А

**МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАЈ АВТОРИТЕ ОД 19 ВЕК** .............................. 5
ПРВИТЕ МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ ........................................................ 5
ГРАЃАНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО МАКЕДОНИЈА ................................................ 7
МАКЕДОНСКИТЕ УЧЕБНИКАРИ ...................................................................... 8
**ФОНЕТИКА**
**(дел од науката за јазикот што ги проучува гласовите)** ........................ 11
АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ ..................................................................................... 11
ВИДОВИ АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ И
ПРАВИЛА ЗА НИВНО АКЦЕНТИРАЊЕ .......................................................... 13
**МОРФОЛОГИЈА (дел од науката за јазикот што ги проучува формите на зборовите)** ..................................................................... 16
НЕЛИЧНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ ...................................................................... 18
ГЛАГОЛСКИ ПРИЛОГ, ГЛАГОЛСКА ИМЕНКА
И ГЛАГОЛСКА ПРИДАВКА ............................................................................... 20
ПРОСТИ И СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ .................................................. 21
СЕГАШНО ВРЕМЕ (Презент) ........................................................................... 23
МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО НЕСВРШЕНО И МИНАТО
ОПРЕДЕЛЕНО СВРШЕНО ВРЕМЕ (Имперфект и аорист) .......................... 25
ЗАПОВЕДЕН НАЧИН (Императив) .................................................................. 28
ПРИЛОЗИ ............................................................................................................ 30
ПРЕДЛОЗИ .......................................................................................................... 32
СВРЗНИЦИ ........................................................................................................... 34
**СИНТАКСА**
**(дел од науката за јазикот кој ја проучува реченицата)** ..................... 35
ПРЕДМЕТ – видови предмет ........................................................................... 35
УДВОЈУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИОТ И НА ИНДИРЕКТНИОТ ПРЕДМЕТ ........ 37
АПОЗИЦИЈА ........................................................................................................ 38
СТРУКТУРА НА СЛОЖЕНАТА РЕЧЕНИЦА ...................................................... 39
ВИДОВИ СЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ ...................................................................... 41
ВИДОВИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ ................................................ 43
СОСТАВНИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ .......................................... 43
СПРОТИВНИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ ........................................ 44
РАЗДЕЛНИ НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ .......................................... 46
А. Разделни реченици со ИЛИ ..................................................................... 46

Б. Разделни реченици со повторливи сврзници ... 46
НЕЗАВИСНО СЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ ДОБИЕНИ СО НИЖЕЊЕ НА ДЕЛ - РЕЧЕНИЦИТЕ ... 48
РЕЧНИЧКИ СОСТАВ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
СПОРЕД ПОТЕКЛОТО НА ЗБОРОВИТЕ ... 50
ПРАВОПИС НА ОДДЕЛНИ ФОРМИ ... 52
ЛИРСКИ ПЕСНИ
СОЦИЈАЛНИ ПЕСНИ ... 54
*РАБОТНИК* ... 54
*ЖЕТВА* ... 55
*ПЛАДНИНА* ... 55
*ДЕНОВИ* ... 57
ЛИРСКО-ЕПСКИ ПЕСНИ
ЕЛЕГИЈА ... 58
*МАЈКА АНГЕЛИНА СИ ЈА ТАЖИ СВОЈАТА ЌЕРКА* ... 58
*ЕЛЕГИИ ЗА ТЕБЕ* ... 59
БАЛАДА
*БАЛАДА ЗА ПРАДЕДОВСКАТА ПУШКА* ... 61
*ЗАЉУБИЛЕ СЕ ДВЕ ЛУДИ МЛАДИ* ... 62
*БАЛАДА ЗА НЕПОЗНАТИОТ* ... 64
РОМАНСА
*ПИТАЛ ЈА СТОЈАН БОЈАНА* ... 66
*ВЕЧНА ЉУБОВ* ... 67
*ЈАНКА ВЛАХИНКА* ... 68
СТИЛСКИ ФИГУРИ
РЕФРЕН ... 70
*ВЕТАР* ... 71
*АЈДЕ МИЛКЕ ДА БЕГАМЕ* ... 72
*МАКЕДОНСКО ДЕВОЈЧЕ* ... 72
АПОСТРОФА
*МОЈАТА НЕНАПИШАНА ПЕСНА* ... 73
*РОДНАТА КУЌА* ... 74
*ПЕСНА ЗА СОНЦЕТО* ... 74
*КРАЈ ИЗВОРОТ НА ВАРДАР* ... 75
*БИСЕРА* ... 75
ХИПЕРБОЛА ... 77
*СИЛАТА НА КРАЛЕ МАРКО* ... 78
*НЕВЕСТА МОМЧЕ ФАЛЕШЕ* ... 80
*НАДЕЖ* ... 80
*НИКОЛА И СОКОЛОТ* ... 81
*ПЕСНА ЗА ТАТКО МИ* ... 81
*ШУПЕЉКА* ... 83
*БОЛЕН ЛЕЖИ ШИКО КАПИДАН* ... 83

РОМАН
*РАЗДЕЛБА* ..... 84
*ИЗЛОЖБА* ..... 88
ЛИТЕРАТУРНО-НАУЧЕН ВИД
Д Н Е В Н И К ..... 90
*ПЛОЧА НА ЖИВОТОТ* ..... 90
*ОД ДНЕВНИКОТ НА АНА ФРАНК* ..... 91
АВТОБИОГРАФИЈА ..... 93
*САКАНИОТ УЧИТЕЛ* ..... 93
*МЕРАК ПО КНИГАТА* ..... 94
*ОД АВТОБИОГРАФИЈАТА НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ*
ДРАМСКИ ТЕКСТ
ИСКАЗ НА ЛИК ..... 96
*РАЦИН* ..... 96
*Ч Е С Т* ..... 99
ДИЈАЛОГ – МОНОЛОГ
*ЛЕПА АНГЕЛИНА* ..... 102
**МЕДИУМСКА КУЛТУРА** ..... 103
ГЛАВНИ И СПОРЕДНИ АРТИСТИ
(во филм и во театарска претстава)
*СПАСУВАЧКА УЛОГА* ..... 105
СИНОПСИС И СЦЕНАРИО
*АНГЕЛИ НА ОТПАД* ..... 109
*ПОДГОТОВКА ЗА ПРОТЕСТ* ..... 110
**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**
Г О В О Р ..... 112
*НАШИОТ СВЕЧЕН ДЕН* ..... 112
ПИСМЕНО И УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ
*ЅВЕЗДИ* ..... *116*
*МАЛОТО ОТРОВНО ЗМИУЛЧЕ* ..... 117
ТЕКСТОВИ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА
ПИШУВАЊЕ МОЛБА, ЖАЛБА ..... 118
ЗАПИСНИК ..... 119
Е С Е Ј ..... 120
***РЕЧНИК НА НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ*** ..... 123